СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр:135

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 1992 година

Скопје, март 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и петтата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 31 март
1992 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господо пратеници,

Ја отворам Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Коле Луловски, Михаил Пановски, Драги Гроздановски, Благоја Чкатровски и Наум Симјановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записникот од Триесет и четвртата седница Ви е доставен.
Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?
Има збор господин Тиме Андонов.

ТИМЕ АНДОНОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,
На минатата седница поставив пратеничко прашање за изготвување на Информација за сите тутунски претпријатија во Македонија: "Македонија-Табак", "Југотутун" и "Интерна-банка" при Македонија-табак. Во Информацијата барав да биде дадено работењето за 1992 година, на сите овие субјекти во која ќе бидат внесени и други

податоци а се однесуваат на сите извозни аранжмани и цените на тутунот по килограм постигнати во секој извозен аранжман, прикажано во странска валута односно во валутата за која е направен аранжман.

Исто така, да се даде преглед на залихите на сегашното производство кај сите овие организации.

Ова мое пратеничко прашање го нема во записникот а тоа може да се види од стенограмот. Но, и самите сте сведоци за поставувањето на прашањето.

Затоа, се залагам ова прашање да биде внесно во записникот и да се одговори како и на сите други пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Записникот нека се дополни.

Тоа не е третирано како пратеничко прашање бидејќи не е прашање туку е еден заклучок на Собранието и барање до Владата и така е упатено. До Владата е веќе упатено како заклучок. Но, нека се исправи записникот.

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Констатирам дека записникот од Триесет и четвртата седница е усвоен со оваа забелешка.

За седницата поканети се:

- Претседателот на Република Македонија,Киро Глигоров;

- Претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија;

- Републичката геодетска управа;

- Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

- Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

- Дали се согласувате со овој Предлог?

- (Се согласувате).

- Ве известувам дека Парламентарната група на СДСМ достави Иницијатива за донесување на Законот за локална самоуправа и на Законот за територијална поделба на Република Македонија, со барање Владата на Република Македонија да ги достави на разгледување проектите на овие закони за оваа седница, со цел навремено да се организира јавна расправа и да се забрза постапката околу нивното донесување.

- Владата на Република Македонија го извести Собранието дека овие закони се пристигнати во Владата, но со оглед на нивното значење ќе треба по нив да се изврши потемелна расправа во работните тела на Владата, со претходно консултирање на научни и стручни институции во Републиката, а потоа ќе се доставаат за разгледување во Собранието.

- Во врска со Иницијативата на СДСМ Собранието на оваа седница да расправа за состојбите во здравството, снабдувањето на Републиката со лекови и за преземање мерки за нивно ефикасно надминување, Комисијата за здравство му предлага на Собранието да го усвои следниот

- З А К Л У Ч О К

1. Собранието ја поддржува иницијативата и ја задолжува Владата на Република Македонија за наредната седница да изготви и на Собранието да му достави Информација за состојбите и проблемите во здравството, со посебен осврт на функционирањето на новиот систем на здравствената заштита на населението.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за здравство.

- Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Мнозинство пратеници)

- Дали има некој против? (Нема)

- Дали некој се воздржува од гласање? (1)

- Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

- Во врска со Иницијативата на пратеникот Тодор Петров за поведување постапка дополнување на името на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно-правнта комисија му предлага на Собранието да го усвои следниот

ЗАКЛУЧОК

1. Собранието ја поддржува Иницијативата на пратеникот Тодор Петров за поведување постапка за дополнување на името на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје;

2. Собранието констатира дека со Одлука на Универзитетскиот совет, Универзитетот во Скопје го носи името Универзитет "Кирил и Методиј" и смета дека за дополнување на неговото име е надлежен Универзитетскиот совет;

3. Овој заклучок заедно со Иницијатива на пратеникот Тодор Петров, мислењето на Владата на Република Македонија, мислењата на Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно-правната комисија да се достави до Универзитетскиот совет на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, Министерството за образование и физичка култура и Министерството за наука.

- Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (15)

Дали некој се воздржува од гласање? (!)

- Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

- Во врска со Предлогот на пратеникот Тодор Петров со укажување на потребата од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата по итна постапка, Комисијата за општествено-политички систем му предлага на Собранието да го усвои следниот

З А К Л У Ч О К

1. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија најдоцна во рок од 30 дена да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за органите на управата, при што да го има предвид Предлогот на пратеникот Тодор Петров и на другите, пратеници за изменување на Законот за органите на управата, заради основање нови министерства и органи на управата.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

- Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (Мнозинство пратеници)

- Дали има некој против? (8)

- Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

- Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Комисијата за општествено-политички систем, Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно-правната комисија не го разгледаа Предлогот на пратеникот Михаил Пановски за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата, со Предлог на закон и предлагаат Собранието да го одложи неговото разгледување за наредната седница поради тоа што предлагачот не присуствувал на седниците.

- Кој е за предлогот, на комисиите молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

- Дали има некој против? (Нема).

- Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

- Констатирам дека предлогот е усвоен.

**1/7.-**

Ве известувам дека претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата предлага пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот,Градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1992 година, што е предложен во дневниот ред за седницата на Собранието закажана за 31 март 1992 година, да се разгледува на наредната седница на Собранието.

- Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров поднесе' Предлог за донесување на закон по итна постапка за регрес на дел од каматата на кредитите за определени намени за 1992 година, со Предлог на закон.

- Пратеникот Тодор Петров на седница на Комисијата за финансирање и буџет го повлече овој предлог.

- Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување вршител на должноста директор на Македонската информативна атенција "МИА".

- Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (Мнозинство пратеници)

- Дали има некој против? (6)

- Дали некој се воздржува од гласање? (3)

- Констатирам дека предлогот на комисијата е уевоен.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров побара по итна постапка на денешната седница да се донесе Законот за финансирање на изградбата на Втората фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро.

Предлогот на пратеникот Тодор Петров, извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за финансирање и буџет и Мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Комисијата за земјоделство и шумарство и Комисијата за градежништво и урбанизам констатираа дека нема потребна од донесување на овој закон и предлагаат Собранието да не расправа од причините содржани во извештајот.

Владата на Република Македонија предлага Собранието да не го разгледува овој закон на оваа седница заради тоа што е потребно да се извршат потемелни проучувања на овој проект од надлежните органи на Владата.

Комисијата за финансирање и буџет предлага Собранието да го разгледа и усвои овој закон.

Молам, пратеникот Тодор Петров да ја образложи итноста од донесување на овој закон.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека е крајно неоправдано од страна на Владата што разгледувањето на прашањето за заштита на Дојранското Езеро го одлага во недоглед.

Минатата година од моја страна беше поставено пратеничко прашање за заштита на Дојранското Езеро заради познатите состојби со истечување на водите, меѓутоа, Владата не најде за сходно да даде одговор.

Повторно беше иницирано прашањето за заштитата на водите на Дојранското Езеро пред крајот на минатата година. Владата даде едно соопштение односно одговор дека за заштитата на водите дополнително ќе се расправа откако ќе се состане заедничка комисија со претставници од Република Грција.

Меѓутоа, бидејќи состојбите за еколошката заштита на Дојранското Езеро и предизвикување на еколошка катастрофа со состојбата на ова езеро и понатаму продолжува а Владата се уште, барем како пратеници не сме запознати што има преземено, било какви мерки за заштита на Дојранското Езеро.

Исто така, на почетокот на оваа година од група пратеници беше поднесена иницијатива повторно да се расправа за заштита на водите на Дојранското Езеро, меѓутоа, таа иницијатива е во собраниска процедура и не е стигната.

При разгледувањето на Нацртот на Буџетот од страна на пратениците и од Комисијата за финансирање и буџет беше поддржан предлогот да биде вградена посебна ставка во Предлогот на буџетот со која што ќе се утврдат средства за системот за заштита на Дојранското Езеро и тоа за изградба на колекторот. Меѓутоа, во Мислењето на Владата по забелешките изнесени од страна на пратениците и работните тела се наведува дека Собранието нема донесено законска регулатива со која ќе се создаде обврска на Републиката да ја финансира изградбата, градењето на системот за заштита на Дојранското Езеро.

Тргнувајќи од тоа дека проблемот се одолговлечува во недоглед, а од страна на самата Влада не е предложен закон како овластен предлагач врз основа на Уставот на Република Македонија,

подготвив Предлог на закон врз основа на носителот како инвеститор за обврските за користење на средства, општественото претпријатие за комунални услуги "Комуналец" - Дојран - Стар Дојран и според нивната пресметка, од причините наведени во образложението на иницијативата односно Предлогот за донесување на закон сметам дека Собранието како што тоа го поддржа Комисијата за финансирање и буџет треба да го стави на дневен ред овој предлог на закон.

Причините се наведени. Не би сакал повеќе да го образложувам предлогот. Сметам дека Собранието треба да го усвои предложениот закон по итна постапка за оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Петров сметам од еден аспект е оправдан и аргументите што тој ги истакна, а пред се тргнувајќи од мислењето на Владата, пред се од неговите последни амандмани, од амандманите на другите пратеници.

Владата вели дека во однос на изменување на позицијата на Буџетот каде што е заштитата на езерата, Програмата за заштита на Езерата- Охридско Езеро, не постои и затоа не може да се измени таа позиција и да се пренесе на другите езера. Од тој аспект пратеникот Петров го погоди во таа смисла, тој може да предложи закон и го предложи тој закон за надминување на таа состојба.

Од аспект на позицијата на заштита на езерата и дека не постои закон, постои Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро со кој закон, сигурно во извесна смисла е застарен, предвидува Совет кој не функционира, предвидува учество на

општините.Во таа смисла постојат и посебни закони за финансирање на колекторите во овие езера. Затоа настана забуна во однос на позицијата во Буџетот за заштита на Охридското Езеро кога има повеќе амандмани. Нејасно е, односно предлагачот не даде иако имавме доста забелешки во однос на измена на таа позиција и во Нацртот на буџетот. Предлагачот, Владата не даде доволни објаснувања дали се работи за продолжување на првата фаза на колекторот на Охридското Езеро или се работи за одржување.

Состојбите со колекторите знаете какви се во Македонија и јас морам да кажам дека вчера и денеска и Преспанското Езеро чиј колектор е даден на стопанисување на Комуналната организација, луѓето предвидуваат штрајк бидејќи никој не ги покрива. За овие природни богатства треба една коегзистентна политика од Владата. Треба едно целсоно согледување бидејќи законска основа има.

Во првата фаза почнавме да градиме колектори на трите езера и тие се оставени сами на себе, на финансирање на општините кои не можат да создадат доход и да ги одржуваат. Со исклучок на Охрид и Струга каде е формирана Дирекција, односно претпријатие за стопанисување, во другите општини таа работа е пренесена на комуналните организации и тие сега, со замрзнување на цените се најдоа во незавидна положба и ниту во која смисла не можат да функционираат и овие колектори што се пред затворање, а тоа од технолошки аспект значи доста или нефункционирање.

Затоа, сметам дека од аспект на предлогот на Петров од аспект на образложението на Владата држи целосна поддршка. А, во однос на аспектот на итноста, во однос на итноста од донесувањето, од тој аспект пак држи. Но, од аспект на коегзистентност и заштита

на езерата сметам дека треба Владата да предложи целосна коегзистентна програма што понатаму со заштитата на езерата и кои езера приоритетно. Нема никаков проблем да дадеме предност на Охридското Езеро бидејќи го имаше Охридското Езеро. Тие средства што се само 17 илјади милијарди стари динари, барем според мене не можат да се изградат на 100 метри од колекторот во Охрид, продолжение на првата фаза. Знаеме кој учествуваше во таа смисла и сметам дека на ова прашање треба посебно внимание, од аспект на она што го истакна Петров и од аспект на образложението во ставката на Буџетот мислам дека треба да добие целосна поддршка. Тоа автоматски повлекува друг автоматизам, Петров го предложи законот, ако помине ние пратениците од Ресен и Преспа ќе го препишиме на Петров и ќе ви го приложиме или на оваа седница или на наредната и ќе создаваме определени... Затоа треба целосно согледување.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Митко Анастасовски.

II/1/cj/см

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Господинот Тодор Петров предложи еден многу добар закон кој треба да го прифатиме, но меѓутоа живи сме во една голема вистина кога носиме еден закон, овој Парламент, тој закон треба и да го поддржиме и Законот треба да го спроведеме. Имајќи ги предвид поранешните закони кои што ги носеа поранешните парламенти, конкретно за заштита на езерата, најконкретно за Дојранското Езеро, тие закони беа само џепни закони и понатаму ништо не се преземаше. Сакам да истакнам една работа, ние сме луѓе кои носиме една одлука, еден закон, а понатаму дали сме во сила,дали и толку Господ нас ни даде тој закон некако гасне. Тој закон може да роди нови закончиња било од кои причини и по тој закон воопшто да не се постапи. За да го спроведеме законот односно Предлог-законот кој го поднесе господинот Тодор ние треба да гиземеме во предвид следните елементи и факти кои што се случија во минатото.

Прво, ми се чини од оваа говорница јас зборував конкретно за Дојранското Езеро. Завчера во една прилика јас бев таму. Луѓе, нас ни престои македонска еколошка катастрофа. Меѓу вас има еминентни стручњаци од водостопанството и од другите науки. Ако го посетите барем еднаш тој крај, и се размислите, ќе видите дека пропаѓаме. Езерото пополека оди. Кој го зема, како го зема, нас ни е добро познато. Јас од оваа говорница сакав да барам одговорност за бившото тело од ова Собрание, меѓутоа за жал тие не се тука. Тоа го бараше може и нашиот народ. Е, сега, што треба да се стори. Со донесувањето на Законот првин треба да се донесе елаборат со кој веднаш ќе се пристапи кон реализација. Ако тоа не го

направиме за џабе ќе го носиме Законот. Како ќе го наполниме Езерото со вода, Господ вода не ни дава, ми се чини на претходната седница јас и господинот Зафировски поднесовме едно пратеничко прашање во вид на амандман како може да се изведе полнењето на Езерото, меѓутоа до ден денес на тоа не ни се одговори. Ќе ги замолам стручните лица од тие струки да го земат но предвид нашето барање и ќе видите дека многу лесно може да дојде до полнење на Езерото, но тука сеуште гледаме едно многу покомплицирано прашање. Ако го полниме Езерото тогаш и правиме услуга на соседната држава која ни ја зема водата. Затоа Владата треба ова да го земе во предвид и под најхитно да се состане со соодветните органи на Република Грција и го реши прашањето на Езерото, од еколошки поглед и од поглед на заштита на оваа држава. Дали тоа ќе се реализира ако бидеме малку повеќе брзи ќе можеме тоа да го направиме. Ако останеме само на законите ништо нема да направиме.

Со Грците знам дека не може да се зборува, но зад Грците стојат големите сили, стои Европа, а стоиме и ние кои сме најзагрозени. Затоа ја молам Владата и соодветните органи на Владата што поскоро да влезе во дијалог со Грчката Влада затоа што тоа е хитна работа и од животно значење е за нас. Ова го зборувам да не остане како порано како минатата и предминатата година. Одеа наши делегации таму, се состануваа со Грците, јаделе, пиеле, адио си оделе и тоа оставаше само празна фраза, а ние чекавме.

Што се однесува до финансирање на тие проекти ние знаеме каква е можноста.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали сте вие да остане, дали да биде на дневен ред Законот, тоа е сега расправата.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ние рековме дека ќе го прифатиме Законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, вие предлагате и друго, елаборат предлагате.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Елаборат предложивме со овој амандман, а пратеничко прашање поставивме јас и господинот Зафировски.

СТОЈАН АНДОВ:

Прецизирајте го предлогот,

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

И сега носејќи еден закон за заштита на езерата, ќе носиме елаборат како ќе го заштитиме Езерото и со што ќе го заштитиме. Значи тоа го реков порано. Носиме закони, а треба да донесеме некои подзакончиња. Истовремено се решава проблемот кој е поврзан за заштита на Езерото.

Што се однесува до финансирањето, никој да не се прави попаметен од еден земјоделец, ни агроном тоа не може да го направи ни инженер агроном, од еден добар домаќин земјоделец. Знаете што сакам да кажам.

Финансирањето на нашите езера може да биде од внатрешните наши давачки, но тука треба да се обрне внимание и на надворешните фактори затоа што нашите езера имаат двојно значење, имаат еколошко и животно значење за Македонија, а имаат и туристичко

значење за кое Европа е заинтересирана и тука ќе се бараат средства, со еден поголем маркетинг.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, мислам дека се допревме до една тема која можеби требаше да биде многу порано поставена на дневен ред на ова Собрание бидејќи имаше повеќе причини. Повеќе пати имаше пратенички прашања во однос со проблемите на Дојранското Езеро на кој што воглавно се дадоа некои одговори, меѓутоа практичен ефект немаше никаков.

Имаше иницијатива од повеќе пратеници со кои се бараше најпрвин Владата да излезе со краткорочни мерки за брза заштита и брзо реагирање во врска со состојбите во Езерото, а истовремено една втора фаза да биде некое долгорочно размислување за заштита на Дојранското Езеро, меѓутоа и за тоа до ден денес не е даден одговор, нормално е во процедура.

Во вакви услови јас дадов и амандман во однос на Нацртот на буџетот односно предлогот на Буџетот кој што исто така Владата гледам го одбила со образложение дека нема закон за тоа. Мое лично мислење е дека ако продолжи ваквата инертност на Владата ќе ни се случи да донесеме закон за нешто што можеби веќе ќе го немаме. Може да ни се случи да донесеме закон за заштита на Дојранското Езеро кое што веќе нема да постои. Јас незнам колку од вас сте биле сега да го видите Езерото, меѓутоа состојбата е навистина катастрофална и ако зборуваме за заштита на сите три езера сигурно тоа треба да биде во еден заеднички контекст, меѓутоа, гледајќи ја состојбата на теренот, мислам дека приоритет во овој момент треба да има Дојранското Езеро. Ситуацијата не е толку трагична ниту со Охридското ниту со Преспанското Езеро како што е со Дојранското Езеро и затоа во крајна линија предлагам

Предлогот што беше за Законот од пратеникот Тодор Петров да го поддржиме, да не ни се случи идните генерации да не обвинуваат за некаква инертност и ненавремено реагирање.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Почитувани пратеници, во врска со законската регулатива околу заштитата на езерата и законите кои што кои ќе ги постават основите на финансирањето за системите за заштита на нашите езера, ова последното е изведено од првото. Предлагам, оваа иницијатива сега да ја одложиме затоа што трите наши езера не се сопственост само на Република Македонија туку сопственост и на други држави. Значи тука постои една врзана со други држави проблематика.

Второ, системите за заштитата на нашите езера треба да бидат потчинети на еден конзистентен модел, сите три, а друго е работата инкорпорирањето во тој модел и почитувањето на спецификите и ранг листата на приоритетот визави покривањето на работите кои што треба да се изведат со финансиски средства. Според тоа, предлагам: надлежното Министерство да изработи еден конзистентен модел и во рок од 60 дена да го претстави на пратениците на нашето Собрание со цел да се експонира економската експлоатација и заштита на природните вредности на нашите езера. Тоа се двата блока суштествени во конструкцијата на моделот во кој модел ќе бидат решени изградбата,одржувањето, експлоатацијата, финансирањето и системот на управувањето на нашите езера. Тука се и меѓународните аспекти во врска со подобноста и конзистентноста на тој модел. Апелирам, бидејќи проблемот е многу сериозен да ни се даде можност да ви предложиме еден

таков конзистентен модел, една филозофија како оваа Република треба да се однесува во економското искористување на тие езера, а тоа е една цела перла од разни економски системи и зачувување на природната вредност на езерата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не).

Го имаме предлогот на закон на господинот Тодор Петров и имаме три предлога кои идеата за заштита на Дојранско Езеро ја поддржуваат но во една модифицирана смисла и тие три предлога ќе се обидам да видам дали може да се сведат на еден. Господинот Гештаковски предлагаше да се направи Програма, сега да се донесе заклучок, да се направи програма за заштита на езерата и врз основа на тоа да се донесат и нужни прописи за регулирање на финансиските обврски и потреби.

Господинот Анастасовски тоа го кажа на друг начин, да се подготви елаборат, тој повеќе зборуваше за Дојранското Езеро, да се подготви елаборат од кој ќе произлезе и обемот на средствата кои се потребни и начинот на нивното обебедување и на нивното трошење.

Третиот предлог  е сега што го изнесе господинот Лепавцов на Владата да и се даде можност во рок од 60 дена да излезе со еден модел на економско искористување и заштита на езерата,се разбира тука ќе биде сигурно добро прикажана и Програмата на обезбедување на потребните средства, на нивното прибирање, на нивното употребување итн.

Дали господинот Гештаковски и господинот Анастасовски се согласуваат да биде основа за нивните предлози ова што го предлага министерот Лепавцов? (Пратениците Гештаковски и Анастасовски се согласија).

Според тоа имаме два предлога, предлогот на господинот Петров и предлогот на господинот Лепавцов.

Дали господинот Петров инсистира сега да се уврсти законот по објаснувањето на господинот Лепавцов и известувањето на пратениците кои зедоа учество во расправата.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сакам да кажам дека Петров во овој случај е ирелевантен фактот, битно е Езерото. Владата требаше да го подготви предлогот бидејќи ние како пратеници расправавме и дадовме забелешка по однос на Нацртот на буџетот за да Владата го реши и понуди законски проекти. Меѓутоа, бидејќи Владата ни даде одговор дека нема закон со кој би се создала обвска за да се обезбеди средства во Републичкиот буџет за финансирање како овластен предлага предложив текст на закон иако системот на полнењето на водите на Дојранско Езеро нормално со овој закон не се решава. Се обезбедуваат само средства да се доизгради само втората фаза на системот на заштита на водите на Дојранското Езеро. Затоа предлагам Законот да остане, ако се прифати само предлогот за донесување на закон со обврска Владата да подготви предлог на закон, меѓутоа со намена на средства за ова Парламентот ќе се изјасни во текот на расправата, меѓутоа Предлогот не го повлекувам поради тоа што и овој закон ќе биде потребен и онаа студија или предлог што го дадоа и пратениците и министерот за генерално решавање на проблемот, меѓутоа со определен рок. Додека студијата биде готова можеби Езерото ќе истече.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, само да обрнам внимание дека ставот на Владата со овој предлог, со образложението е дека треба да се одложи разгледување на овој предлог на закон. Така беше речено од господинот Лепавцов, а така е и ставот во расправата во комисиите изнесен.

БЕКИР ЖУТА:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во врска со образложението за потребата по итна постапка да се уврсти на дневен ред на седницата на Собранието предложениот закон од страна на пратеникот молам да го имате предвид следното: Суштината на проблемот не е спорна, но не може аргументот и не би требало аргумент дали заради тоа што денеска е на дневен ред предлогот на буџетот да се уврсти предлогот за донесување на закон како таков па нека оди и во две фази ако треба, само да се обезбедат средства, мислам дека ова Собрание и Владата доколку ја чуствуваат потребата комплексно да донесат и елаборат и Законот за заштита, но за комплексна екологија на сите езера во Републиката мислам дека најмал проблем е обезбедувањето, не оти ги имаме во изобилство, но обезбедувањето на средствата не е проблем, па денеска да се условува, да се уврсти на дневен ред за да се обезбедат средства, па како ќе ги трошиме, зашто ќе ги трошиме, мислам дека иако немаме средства за фрлање не потценувајќи го значењето на проблемот кој е актуелен, но тој е доста сложен и бара доста аспекти на проучување и сигурно ќе треба и науката да се вклучи, а тоа дали се празни и дали ќе се испразни за месец или два вие знаете каде лежи проблемот кој не е вчерашен туку е од поодамна и другата страна која што ги предизвикува сите тие проблеми се однесува како што се однесува не само по

прашањето на испразнување на водите на Езерото и како што сме сведоци по други прашања со блокади па сеуште не можат работите да дојдат на правиот пат. Мислам дека со такви мотиви можат само да ги комплицираме само сопствените проблеми во смисла да прејудицираме без да имаме сознание што сакаме во тој поглед да постигнеме, во која мерка зависат проблемите од нашата моќ ние да ги разрешуваме, но во секој случај комплексно ги разрешуваме, а не по итна постапка за да постигнеме основна цел денеска за да извојуваме по секоја цена ставка во Буџетот. Такви ставки со ребалансот веројатно може да се утврдуваат и во друго време, не мора денес доколку сознанијата се комплексни и во тој поглед и во сите аспекти.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, една од петте главни елементи кои што ќе бидат направени во студијата, само за 60 дена, таа студија ќе биде направена, јас го реков дека таму ќе биде инкорпорирана, изработена од делот за управувањето што подразбира и соодветни законски проекти кои што ќе бидат приложени односно изведени од студијата. Значи, овдека се работи студија плус законски проекти кои ќе бидат предмет на дискусија доколку се прифати филозофијата која што ќе биде аплицирана во таа студија која што интегрално ќе ги опфати овие проблеми да ние во наредните години имаме институции, систем на институции, а потоа ќе остане само начинот на фазното и етапното финансирање односно реализирање на економската експлоатација и зачувување на природните вредности на езерата со екологијата.

Да кажам уште нешто, секако дека за тие 60 дена и многу пати по 60 дена Езерото нема да испари.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега ги имаме јасни и становиштето на господинот Петров и на Владата.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го ставам на гласање Предлог на господинот Петров да се уврсти на дневен ред Предлог на закон.

Кој е за, нека крене рака? (35).

Според тоа, овој предлог не е прифатен на оваа седница да се гледа. Предлагам Собранието да се изјасни по Предлог заклучокот што произлегува од излагањето на господинот Лепавцов во 60 дена да се подготви, како ќе се вика тоа ќе видиме, сега тој го вели модел.Ќе биде програма, или, вие од Владата ќе дадете на именување.

Кој е за тој Предлог да крене рака? (62).

Дали некој е против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Констатирам дека предлогот на заклучокот што го формулира господинот Лепавцов е прифатен.

Ве известувам дека пратениците Јован Николов и Никола Стојановски доставија Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на Хидросистемот "Лисиче" - Титов Велес, со Предлог на закон. Комисијата за финансирање и буџет предлага на оваа седница Собранието да го разгледа овој закон.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (47)

Дали има некој против?(3)

Дали некој се воздржува од галсање? (14)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Со оглед на големиот број на поднесени амандмани од работните тела на Собранието и можноста Републичкиот буџет за 1992 година да не се донесе во пропишаниот рок Владата на Република Македонија предлага да се дополни дневниот ред со Предлог на одлука за изменување на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија за 1992 година.

Дали Комисијата го гледаше овој предлог и дали има некоја сугестија?

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансирање и буџет не го гледала овој Предлог за уврстување на дневен ред на одлуката за времено финансирање, продолжување на одлуката за времено финансирање бидејќи има потврдно мислење за Предлог републичкиот буџет за 1992 година и сметаше дека дополнително ако има потреба ке предложи на Собранието, Собранието да ја прекине работата на 35-тата седница, Комисијата повторно да заседава и да се одржи 36-та седница со единствена точка на дневен ред Одлука за времено финансирање.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи ова вие го замислувате ако се стекнат услови за тоа.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Прифаќаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Министерот го прифаќа тоа, Владата го прифаќа тоа.

Според тоа, не се инсистира сега да се уврсти во дневниот ред на оваа седница.

III/3.-

Пратеничката група на РСН - Либерална партија достави Барање на оваа седница да се формира паритетна парламентарна група која ке ги испита настаните сврзани со блокадата на магистралниот пат, Струмица, Валандово, од група индивидуални земјоделци и да поднесе извештај во најкус можен рок.

Кој е за Предлогот на Пратеничката група, молам да крене рака?

Туше Гошев бара претходно збор.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Со оглед на тоа што Социјалдемократскиот сојуз има поднесено одлука на денешниот дневен ред за основање на Комисија согласно на членот 76, став 4 од Уставот на Република Македонија, а тоа е предлог за основање на анкетна комисија кој е и поднесен предлог дефакто таа Комисија треба да ги заштити слободите и правата на граѓаните, а исто така и наодите на анкетната комисија се основа за поведување на постапка за утврдување на одговорноста на носителите на јавните функции. Сметам дека овој предлог на Реформските сили - Либерална партија со усвојувањето на одлуката за основање на анкетната комисија ке биде содржан и јас мислам тогаш да дадам едно поопширно образложение како прва задача на анкетната комисија која треба да ја основа Собранието да биде и состојбата, наодите, мислењата и испитувањето на настанатата состојба во село Куклиш кое е и моја изборна единица. Тогаш јас мислам да дадам едно попширно образложение во врска со оваа работа.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Во потполност ја подржувам иницијативата на пратнеичката група на Реформските сили - Либерална партија и мислам дека согласно членот 76 од Уставот на Република Македонија ова Собрание

може да формира и времени анкетни комисии. И затоа мислам дека процедурата околу формирањето и донесувањето на одлука за формирање постојана анкетна комисија за заштита ка човековите права и слободи, мислам дека ќе ни одземе време. Затоа потполно ја поддржувам иницијативата да се формира времена анкетна комисија која ќе го испита случјот во селото Куклиш. Се работи буквално за еден настан за кој сите сме сведоци дека на некој начин се манипулира, политизира итн. И затоа потполно ја поддржувам иницијативата.

ТОДОР ПЕТРОВ:

И моето излагање е во функција на тоа да се формира паритетна комисија на оваа седница на Собранието не заради тоа што не е ова прашање од делокругот на работата на постојаната анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните и луѓето во Република Македонија, туку заради тоа што предлогот на Социјалдемократскиот сојуз се однесува само да донесеме одлука за формирање, а составот на анкетната комисија е оставен за наредната седница. За да не се изгуби временски период, а прашањето премногу се исполитизира, па и самото Министерство за внатрешни работи тоа го укажа од страна на министерот. Во вакви случаи потребно е формирање на парламентарна комисија која ќе ги испита наводите на злоупотребата, или пречекорувањата на овластувањата на припадниците на министерството за внатрешни работи, сметам дека паритетната комисија треба да се формира на оваа сендица, а постојаната анектана комисија од кога ќе ја донесеме одлуката за основање и нејзиниот состав ќе ги работи прашањата кои во текот на времето ќе и се наметнат на дневен ред.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Наполно го прифаќам предлогот на Реформските сили - Либерална партија. Немојте вака, ајде помина, денес утепаа двајца, утре ќе утепаат пет души, ќе носиме некои анкетни комисии. Јас дури барам одговорност од господинот Љубомир Фрчковски на оваа седница. Чекаме леб од тие луѓе, а ние ги тепаме, а се претставуваме како демократско општество, ќе правиме некоја правна држава. Не може така. Барам од ова Собрание во текот на оваа седница да се формира комисија, арбитражна комисија, да се оди на лице место, да се испитаат и странките кои се засегнати, кои се повредени, затоа што се физички нападнати. А од друга страна пак да се оди, да се повика господинот кој си зема за слобода да го тепа народот. Ќе ви дадам еден свеж пример. Не е за смеење, затоа што нека се удри со пендрек Фрчковски, да видите колку боли. Нека земе пендрек и нека кладе еден полицаец таму, нека го мавне по главата, и ќе види колку вреди како човек. Еден пример. Грците секој ден ја сопираат цела Европа да помине. Гркот не дигнал рака, полицаецот да го мавне таму тој што штрајкува, земјоделецот, или незнам кој, и царинските служби. Видете колку ниско паѓаме.

Јас ја прифаќам иницијативата да се формира комисија и да се повикаат на лице место луѓето, или да се оди на лице место и да се повика и тој што си земал за слобода да ги тепа луѓето.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Пратеничката група на СДС ја прифаќа иницијативата и на Реформските сили да се основа и да се утврди правата вистина и овде со една информација да биде расправано и на основа на тие веродостојни докази да бидат превземени одредени мерки за оние

кои непримерно се однесувале за оваа работа.

СТОЈАН АНДОВ :

Во тој случај очигледно нема ништо спорно.

Молам, кој е за предлогот на Пратеничката група на Реформски сили - Либерална партија да крене рака? (Мнозинството од пратениците креваат рака?

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предлгот на пратеничката група на Реформски сили на Македонија Либерална партија е усвоен.

Ве известувам дека Сојузот на студентите при Универзитетот "Кирил и Методиј" Скопје, достави покана парламентарна делегација да го посети Сојузот на студентите со цел пратениците да се запознаат со иницијативите на Сојузот, за заштита на студентскиот стандард и со состојбите во високото образование и студентскиот стандард.

Во врска со тоа да ги задолжиме Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за труд и социјална политика да формираат парламентарна група за посета на Сојузот на студентите при Универзитетот "Кирил и Методиј".

Молам, кој е за овој предлог? (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

- Според тоа за денешната седнила го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорност и разрешуваше на претседателот на Собранието на Република Македонија,

2. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство,

3. Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на хидро-системот "Лисиче" - Титов Велес, со Предлог на закон,

4. Предлог на Републичкиот буџет за 1992 година,

5. Предлог на закон за извршување на Републичкиот буџет во 1992 година,

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон,

7. Анализа на состојбите и проблемите во аграрот во 1992 година, пролетната сеидба и аграрната политика во 1992 година,

8. Ннформација за реализација на Заклучоците на Собранието на Република Македонија по Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година,

9. Предлог за донесување на закон за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон,

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стапките на даноците на граѓаните,

11. Предлог за донесување на закон за данокот на прометот на производи и услуги, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за давање надоместок на дел од каматите на кредитите за определени намени во 1992 година, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за регрес на дел од каматите на кредитите што се користеа за изведување на инвестициони работи во странство со кредит, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за надоместување на курсните разлики по определени странски кредити, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за плаќање на посебна давачка за израмнување на даночното опотоварување на увезени стоки, со Предлог на закон,

16. Предлог за донесување на царинскиот закон,

17. Предлог за донесување на закон за посебната такса на увезени стоки, со Предлог на закон,

18. Предлог за донесување на закон за Републичката управа за царина, со Предлог на закон,

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон,

20. Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на реконструкцијата на Аеродромот "Скопје" и "Охрид", со Предлог на закон

СТОЈАН АНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

28. Предлог на програма за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1992 до 2001 година;

29. Предлог на програма за реализација на активностите за следење на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите што ја хранат Жеденската акумулација и изворот Рашче за периодот од 1992 до 1994 година;

30. Информација за изнесување на материјално-техничките средства и опремата на ЈНА од територијата на Република Македонија, обезбедување на државната граница, територијата и воздушниот простор на Република Македонија и Информација за изнесување на воена опрема и техника од територијата на Република Македонија и безбедноста на државната граница;

31. Предлог на одлука за основање на постојана Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните;

32. Предлог на одлука за образување и состав на паритетна парламентарна група за испитување на настаните сврзани со блокадата на магистралниот пат Струмица-Валандово од група индивидуални земјоделци;

33. Предлог на одлука за основање на Повремена комисија за изготвување на календар на годишници на значајни настани и личности;

34. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за организација и делокруг на службите на Собранието на Република Македонија;

35. Предлог на одлука за делумна реконструкција на системот на климатизација и комплетно решение на систем за гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место;

36. Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година;

37. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија;

38. Предлог на одлуки за разрешување од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје;

39. Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Скопје;

40. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

41. Предлог на одлука за именување вршител на должноста директор на Македонската информативна агенција "МИА";

42. Предлог на одлука за именување член на Советот на Народната банка на Македонија;

43. Предлог на одлука за именување претставник на Републиката во Советот на Институтот за старословенска култура во Прилеп;

44. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановик" - Скопје;

45. Предлог на одлука во врска со примената на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија ("Службен весник на СРМ" број 43 од 1981 година);

за овој проблем, мислам дека не сме во состојба денеска тоа да го направиме и би било згодно да оставите еден простор за наредната седница Министерството, односно Владата да подготви целосна информација која што ќе ви биде презентирана.

Во оваа прилика сакам да дадам само едно мало појаснување, за да не се мешаат одредени работи. Вчера Министерството излезе со едно соопштение, а ние, исто така, имавме разговор со Пратеничката група на ПДП и некои работи ги ставивме до знаење, имено конституирањето на армијата на Република Македонија, сеуште официјално и не почнала, според тоа не ми е јасно зашто однапред се поставува прашање дека создава еднонационална армија. Мислам дека првите регрути ќе се повикуваат некаде за 20 дена. Според тоа може да разговараме откако тоа ќе се заврши, па потоа да разговараме каков ќе биде национлниот состав на армијата на Република Македонија.

Што се однесува до официрскиот кадар, можам да ве информирам дека сите пријавени официри од албанската и другите националности, дел од нив веќе се назначени и тоа веќе на доста одговорни должности, кои што ќе извршуваат доста одговорни должности во армијата на Македонија, додека сите останати кои што ќе дојдат исто така ќе бидат прифатени и ќе бидат распоредени на такви должности според постојните воени формации и според нивните чинови. Според тоа значи не постои никаква опасност однапред да се прејудицираат некои работи, а ние ќе излеземе со информација што ќе биде на дневен ред пред Парламентот со сите аспекти на овој проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, јас нешто би рекол, само малку. Со оглед на атмосферата што се создава и пропагандната активност на Партијата

за демократски просперитет, т.е. нејзиното раководство кое држи конференција за печат и врз конференција за печат испраќа пишани материјали во странство, Во странство, навистина, се прашуваат, дали навистина тие гласини не се точни? И затоа мислам дека Собранието од интерес за вистината, каква што е треба да оцени дека ова прашање е од итен карактер и треба од надлежниот орган и од Владата денеска или утре, ако трае седницата, да добиеме, навистина, прав одговор на тоа дека овде навистина се ствара или не се ствара национална армија. Тоа е потребно да го изнесеме за да се дознае вистината, во светот да се настапи и со вистинска оценка од Парламентот, а не само да кружат вестите од конференции за печат на една партија. Тоа е моето мислење. Соопштението на министерот се објави, туку овде е предложено да дојде на дневен ред на Собранието и треба ние да имаме сериозни причини да го прифатиме. Ќе има лош впечаток во јавноста ако тоа не го прифатиме, како и во светската јавност. Затоа треба, по мое мислење, да се стави во дневен ред и Владата нека го разгледа проблемот, целиот комплекс и министерот нека не запознае овде. Дали може Владата?

НИКОЛА КЉУСЕВ:

(Од место) Може.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор за ова? (Никој).

Ако никој повеќе не бара збор, предлогот на господинот Халили го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (4 пратеници).

Дали некој се воздржува (2 пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали некој друг бара збор и дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, предлагам конкретно на денешната 35-та седница на Собранието да почнеме со предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година, со Законот за неговото извршување и Предлогот за донесување на закон за финансирање на општите и општествени потреби, со Предлог на закон како прашања кои што имаат соодветна тежина и за кои што треба на денешната седница дефинитивно да се определиме за нивното усвојување.

Ова го предлагам и од причина што сметам нашата иницијатива за утврдување на одговорноста на претседателот на Собранието како и интерпелацијата во однос на министерот Денко Малески, треба да се расправа некаде после 20-та точка од дневниот ред, бидејќи, ќе повторам тежината на Буџетот низ кој се одсликува и државата во конкретниов случај мислам на Република Македонија, имаат несогледливо поголема тежина и одговорност во работата на Парламентот. Оттука предлагам измена на редоследот на предложените точки од дневниот ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој во врска со овој предлог бара збор? (Никој).

Предлогот на господин Стефковски го ставам на изјаснување.

Кој е за, молам да крене рака? (30 гласа)

Предлогот не доби потребен број на гласови.

Дали има други прашања во врска со предложениот дневен ред?

ХИСНИ РАМАДАНИ:

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, предлагам нова точка, односно дополнување на дневниот ред со Предлог за застапеноста на граѓаните од албанската националност во републичките органи, министерствата и републичките институции. Имам и образложение, читајќи го и анализирајќи го Републичкиот предлог на Буџетот, во сите тие раздели и конто бројки, јас видов дека треба да се финансира за многу функционери. Па затоа, таа информација може да се добие многу брзо. Ние имаме вредни секретарки и можеме да прашаме вака: - Колку Албанци има во Кабинетот на претседателот на Републиката, колку Албанци се во Министерството за внатрешни работи и т.н. Јас мислам дека таква информација може лесно да се добие и предлагам да се стави на дневен ред на денешната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, што мисли за итноста на овој предлог Владата?

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Вакви прашања ат-хок не би требало да бидат прифатени. Владата во текот на своето работење, ако треба, ќе изврши анализа и увид, тоа се персонални работи и какво би било тоа општество ако пак сега почнат те Турците, те Власите, те Ромите каде во која канцеларија, во кој кабинет каков треба да биде човекот. Тие работи ат-хок не се поставуваат. Може пратеникот да постави само барање на некои од наредните седници да се согледа кадровската структура во принцип, затоа што тоа е прашање за кое се бара квалитет.

стручност а не припадност на некоја партија или на националност.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има прашања во врска со истото прашање?

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Во врска со ова сакам да кажам само една реченица во која што ќе го искажам моето разочарување од размислувањата на Пратеничката група на ПДП и ако ова беше лично од пратеникот, не знам, покажуваат на желба на враќање на стариот систем. Дали сега ќе бираме пак по клуч на националност, кога веќе ние донесовеме еден граѓански устав во кој што кажавме дека е ова граѓанска држава и секој според своите способности, своето образование, според своето залагање ќе го најде местото во оваа држава, а не по клуч на национална припадност.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Не сакам да навлегувам во итноста на прашањето. Меѓутоа не се согласувам, ама баш ни најмалку со мислењето на премиерот, ниту со мислењето на претходниот пратеник. Не може да се поедностави тек така прашањето на застапеноста на националностите во сите органи на власта. Тоа е еден сегмент многу важен за прашањето на рамноправноста. И со оглед на тоа пратеникот Рамадани ја покрена иницијативата ова прашање да се стави на дневен ред. Така да не моше сега ние да се повикуваме на некој стар систем по клуч за ова, за она. Прашањето за застапеноста на сите граѓани вклучувајќи го и националниот сегмент е прашање од битен интерес и тоа прашање сметам дека е важно и треба да се разгледа озде. А уште повеќе што Владата би требало како орган кој е надлежен за овие

прашања и да ни понуди една таква информација од каде што ќе се согледа прашањето на застапеноста на националностите во конкретниот случај на Албанците.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека заслужува респект прашањето за националната застапеност на сите грагани во органите на управата. Меѓутоа, не во ваков контекст како што беше изнесено. Не може да и се наметнуваат обврски на државата, а кога државата бара исполнување на граѓански обврски и должности, тогаш се нема никаде. И во ред е национлната застапеност, меѓутоа, предлагам колку што имаше на пописот процентуално, толку да ги има во органите на управата, од секоја националност. (Аплауз). Затоа сметам е несериозно поставувањето на прашаше за соодветна национална застапеност, врз основа на кои параметри? И затоа сметам дека прашањето не е од итен карактер да оди на оваа седница, а нормално, Владата нека подготви една таква информација за информирање на пратениците за наредната седница.

ПЕТАР ГОШЕВ: (Продолжение)

Имаме барања, од овој вид, еве изострување максимално од овој вид за националните структури на војската, имавме напуштање на Парламентот, имавме митинзи закажани баш пред 6-ти и тн.

Кога ќе се собере сето тоа, навистина говори за отсуство на слух, на мерка, на приоритет во решавањето на работите. Несакам никого однапред да го квалификувам нешто дека прави со намера. Но, кога ќе се соберат сите настани поединечно ќе може ние да констатираме го сакаме ние сите признавањето на Република Македонија, ќе го олеснуваме ли процесот на признавање на Република Македонија, ќе го отежнуваме ли ние и овде вклучувајќи не и нас во Парламентот на Македонија. Инаку, сум да се расправа и за националната структура на војската и ќе се расправа, и за националниот состав во администрацијата на Македонија и за тоа, и Владата ќе даде информација и мора да даде информација. Секој национален колективитет има право да се бори за што подобро место во таа национална структура во администрацијата, за остварување на своите права. Се е тоа легитимно, комплетно. Но, да ги одбереме прашањата што ни се сега најважни, да го одбереме моментот кога тоа прашање Ќе го изостриме максимално, инаку прашањата добиваат друг тек, поинаку звучат кога се поставуваат во одреден момент во одредена ситуација која што ја оценуваме како исклучително важна за нашата Република, за Македонија за прашањата на суверенитетот и самостојноста на Републиката Македонија.

Од тој аспект јас би сакал да замолам да имаме малку повеќе разбирање, инаку за овие прашања без друго и Владата се

изјасни, ке ги поставиме на дневен ред кога ќе расправаме и не сакам уште еднаш да не ме разбере некој дека однапред нечие барање го квалификувам со комотација од тој вид, но зборувам за сплет на прашања кои се поставуваат во одреден момент и за сили во Југославија и надвор од Југославија, бивша и не е важно каква, кој што сакаат со сите сили и шести да биде прескокнат и да продолжи нашата агонија како Република да не почнеме да расправаме за вистинските прашања од кои што животот фактички се состои во прв ред.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

И јас ги оценувам ваквите неразумни барања од пратениците на ПДП и НДП како обична провокација, со злоупотреба на ситуацијата и процесот на признавање на Република Македонија, како обид за блокирање на највиталните функции на македонската државата и како една голема неблагодарност на припадниците, генерално, на албанското малцинство, кој што не знаат да ценат што оваа македонска држава им пружа. Но, излегов заради нешто друго: да апелирам на македонските партии за единство, за вакви прашања во вакви ситуации секој народ за да може да го даде правиот одговор, мора да постигне и консензус. Би апелирал на сите пратенички групи денес за сите жешки прашаења што се на дневен ред, барем ако не може да одбегнат конфронтација, да употребуваат примерен политички, културен јазик и да не создаваме можност за недоразбирање. Секој од нас свесен за одговорноста што го носи

процесот на признавање, кој што треба да се свати малку не толку драматично како еден паралелен процес со своја логика, а повеќе да бидеме завртени кон процесот на консолидација на внатрешните прилики на Република Македонија, но сепак свесен за одговорноста, за она што како друг не гледа од надвор, да го имаме предвид во своето однесување и она критично ниво на отстапки зад кои не може да одиме заради перспективноста на Македонците што живеат во оваа држава, затоа што нема да правиме на друго место држава. Тоа што денес ќе го згрешиме, тешко ќе можеме да го поправиме.

ХИСНИ РАМАДАНИ:

Прво, мојот предлог не беше за да провоцирам некого, ако некој ја има мувата на капата, за тоа јас не сум ни најмалку виновен, а тоа што господинот Петров кажа дека колку сме по пописот, толку и да учествуваме, јас си земам за право да се согласам со тоа и со тој попис од 1981 година, макара и да е 20%.

Во врска  со ова што господинот Голубовски рече неразумен предлог, не би сакал со него да полемизирам, затоа што сепак сакам да си го држам моето ниво.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Јас не сакам  да должам по изнесеното од страна на накои пратеници, барањето што го поставија другарите од ПДП, меѓутоа, воопшто ќе се задржам на одредени пропусти.

V/4

СТОЈАН АНДОВ:

Ние немаме за тоа дискусија, туку за предлогот на господинот Рамадани. Инаку, за пропустите треба да биде точка на дневен ред па да ги кажеме.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

За предлогот на господинот Рамадани да се застапи националната структура, ние сме тоа да влезе во дневниот ред и по неа да се расправа. Инаку, ако некој мисли дека може да си земе за право и да ги узурпира основните права и интереси на други, и со ниедна аргументација не може да ги правда преземените права, што не му припаѓаат, со таков вид узурпации на интересите на другите овде, не само што не може да се создаде клима за конструктивен дијалог, и за договор, туку се продлабочуваат поделбите за дестабилизација на Македонија, а можеби во крајна линија таква е целта на одредени другари што настапуваат на оваа говорница.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Од првата наша конститутивна седница на овој повеќепартиски парламент, од прилика сите играме на составување на дневни редови и таа игра ни е изгледа најомилена. Можеби тоа е еден од нашите недостатоци, што не го донесовме тој фамозен деловник и точно да дефинираме како ќе го составуваме и кој ќе го составува дневниот ред во Собранието и кој точки како дополнување на дневниот ред ќе влегуваат на самата седница на Собранието. Ако ние имаме таков деловник и таму во Деловникот

сме прецизирале дека само итни, посебно итни проблеми ќе се дополнуваат со дневниот ред иако затоа е спремна Владата да поднесе соодветни материјали, извештаи, студии и тн., само така може да влегува во дневниот ред.

Јас мислам, и да го замолам колегата Рамадани за ова прашање кое тука го постави, тоа прилега да се постави на дневниот ред каде што се прашањата и предлозите, а тоа да биде поставено или како прашање, или како предлог Владата да изготви една информација во тој поглед и на една од наредните седници за тоа да расправа. Инаку, како ние да уврстиме некоја точка во дневниот ред, па таа Влада да се роботи, да се компјутери, само да треба да се притисне копчето, па да излетаат информации, па не може така брзо да го спрема, а не што се луѓе кои што треба да седнат, да приберат податоци, статистички, персонални и други податоци, треба време, студии и тн.

Затоа би предложил ние ваквите прашања, кои многу овде се поставуваат и од многу други пратеници да ги поставуваме во точката каде што се предвидени прашања и предлози.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, нема ништо спорно во деловничките одредби како да се состави дневниот ред. Дневниот ред го утврдува само Собранието и никој друг. И во сите Парламенти е тоа така.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, се јавив за збор да не внесувам никаков набој во работата на овој Парламент, кој во досегашната расправа пратеничка докажа дека се работи, за една демократска форма на дијалог на сите нас кој што седиме овде.

Мислам дека темата заслужува внимание, можеби не од аспект на застапеност на Албанците, туку од аспект на квалификационата структура на сите вработени во сите органи на управата, а жалам што пред мене не се наоѓа програмата за работа на Собранието, која што овој Парламент веќе ја усвои и мислам дека за мај или за јуни веќе се предлага разгледување на една информација, за рационализацијата и квалификационата структура на сите оние кој што работат во органите на управата. Така да, воопшто не е спорно за оваа тема, сигурно и од аспект на застапеноста на националностите расправаме, мислам дека нема потреба од никаква конфронтација за тоа дали некој е застапен или во колкава мера или процент е застапен. Само можеби мене ми смета, пред се како граѓанин, а верувам и на сите вас што седите овде во Парламентот, дали треба да ги издвојуваме Албанците, како посебна категорија на граѓани, бидејќи ние со Уставот зацртавме дека нема граѓани од прв и втор ред и дека се сите граѓани, кои со своите квалификациони структури можат да најдат вработување во било кој орган на управа или во било која работна организација.

Во однос на она второто, што од повеќе пратеници беше спомнато, мислам дека во овој Парламент не седат македонските

немакедонски партии, затоа што во тој случај се менува нашиот идентитет. Сите ние овде сме македонски пратеници, односно пратеници на една држава, и сведена од атрибутот на Македонија, македонски пратеници, така да воопшто не треба да спориме за некакво си единство, зашто не треба да стане збор ни за постоење на неединство, всушност, затоа што се наоѓаме пред еден клучен момент, признавањето на Македонија за што верувам на сите нас подеднакво ни е значајно, така да нема македонци и немакедонци во смисла на патриотизмот кон државата.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

За предлогот на господинот Рамадани за дополнување на дневниот ред на оваа седница, мислам дека е прилично несмасен предлог, со самото именување на темата што е определена, инаку потребата стои ова Собрание да расправа не само за таа тема, туку и за други теми. Ме чуди мене што работното претседателство овде адекватно и принципиелно кога се предлагаа и други теми ад кох на оваа седница и за оценката на итноста и карактерот за расправа на ова Собрание, дека претходно се бараше мислење од Владата и пред се материјалот, по кои ќе можеме релевантно да расправаме. Инаку, јас сакам да кажам дека во овој парламент имам желба каков е составот национален и на државните органи, бидејќи е клучно прашање за Република Македонија. Но, исто така, цврсто сум убеден дека денес тоа не може да се направи, затоа што немаме материјал. Така беше и со предлогот минат на седницата на пратеничката група на

ВМРО-ДПМНЕ по однос на предлогот за расправа на земјоделието. Мислам дека принципиелно треба да се постапува, за да може овој Парламент продуктивно да работи. Ако сметате дека треба да продолжиме понатаму со непродуктивна работа, тогаш да продолжиме да се расправаме.

ХИСНИ РАМАДАНИ:

Јас навистина ја ценам сугестијата што ја даде господинот Иванов, бидејќи посебно го ценам како колега и пратеник, меѓутоа, морам да кажам дека јас знам што е поставување на пратеничко прашање и што треба да се расправа во ова Собрание. Затоа, за да помогнам во овој случај, иако видовте дека една вакво прашање ако се поставува на дневен ред, колку покажува интерес на пратениците дека треба да се расправа. Значи, за националната структура на државните органи. Затоа, јас мислам ако не сме во можност тоа да го направиме на оваа седница, на една од наредните седници да имаме таква информација од Владата и тогаш би сакал да расправаме како Собрание, односно како пратеници. За сега на оваа седница го повлекувам предлогот за една од наредните седници.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, во постапката овде на утврдување на итноста, во расправата по тоа, да се утврди итноста на овој предлог, на ова прашање, дојдовме до сознание дека не е тоа итно и дека пратеникот што го предложи го повлекува сега како предлог на дневниот ред. Тој го поддржа претседателот на

Владата кој овде изјави дека наскоро ќе подготват материјал и за кадровската структура за квалификационата структура, за сите аспекти на структурата на администрацијата. Немаме за што да расправаме, бидејќи предлогот е повлечен и расправата по овој предлог е исцрпена.

Дали има уште некој предлог за дневниот ред?

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Со оглед на тоа што за неколку дена се приближува муслиманскиот празник Бајрам, а тоа е на 4 април 1992 година, сабота, барам од ова Собрание да донесеме одлука за прогласување на тој ден како празничен, неработен ден.

Бидејќи оваа работа не е регулирана со закон, сметам дека ова Собрание е надлежно тоа да го стори.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа не е предлог за дневен ред. Ќе се договориме при крајот на работата.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Имам да кажам за дополнување на дневниот ред. Уште на 31-та седница на овој Парламент излегов со барање на која што и Владата зеде обврска дека на една не од наредните, туку на наредната седница ќе се расправа во врска со тоа. Овде ми е одговорено како пратеничко прашање од 31-та седница на Собранието на Република Македонија, што се однесува на

можните пропусти за време на рациите за откривање на лица што вршат недозволени трансакции...

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Харуни, дајте го предлогот, па потоа образложете. Вие сега зборувате а никој немаме претстава за што зборувате.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Јас мислам дека бев јасен уште на почетокот. На 31-та седница барав да се стави на дневен ред и да се расправа во Собранието за сите одземени пари од страна на граѓаните. Одговорот на потпретседателот на Владата беше дека на наредната седница Владата зема обврска да изготви информација и за истата да се расправа. Меѓутоа, денеска е 35-та седница на Собранието. Затоа сакам да го образложам тоа. Предлагам да се стави на дневен ред и да се расправа за злоупотребата од страна на Министерството за внатрешни работи. Сакам тоа да го образложам.

СТОЈАН АНДОВ:

Само образложете ја итноста.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, се работи за итноста, зашто може да е на денешната седница, тоа мора да оди по Деловник и ние нема да отстапиме од тоа.

ХАРУНИ СЕЈФЕДИН:

Од добиениот одговор јас заправо имам барање, а тука ми е одговорено како пратеничко прашање. Што се однесува до можните пропусти за време на рациите со цел откривање на лица што вршат недозволени трансакции со динари и девизни средства, од тоа што е напишано јас не сум задоволен. Моето барање беше конкретно, вистински пропусти во врска со активноста на надлежните органи. Имено, да потсетам, тие на неколку граѓани динарски и девизни средства им е одземено од џеб, од кола а потоа во продавниците, чајаџилници, како и кога се вратиле од пазар каде што вршеле продажба на разни производи што се случуваше во Гостивар, а имам сознание дека истите рации се извршени во Скопје, Тетово, Куманово, Охрид, Дебар и во другите места. Затоа повторно поставувам барање како е постапено со нив и дали им се вратени одземените средства. Мене постојано ми се јавуваат граѓани и ми се жалат како за постапката и односнот кон нив, така и за тоа што уште не им се вратени средствата од страна на надлежните органи, што е најлошото. Акцијата од надлежните органи продолжува. Оштетените граѓани незнаат на кого да се обратат. Затоа, очекувајќи подециден одговор или посебна информација за што се обврза Владата, истовремено, предлагам МВР подобро да ги насочи овие активности на надлежните граѓани да им се вратат парите, а инаку таа акција за која што итноста што сакам да се стави на дневен ред, таа акција и натаму продолжува.

Има случаеви на кој што од 10 месец им се земени парите на граѓаните. Со која стапка ќе се вратат тие динари и тие девизи земени од граѓаните. Тоа беше уште во 31 -та седкица сериозно прашање.

Затоа, Владата до колку не е спремна и на оваа седница да расправа по ова. Граѓаните не се виновни за овие малтретирања што им се прават.

СТОЈАН АНДОВ:

Прво, претставник од Владата нека каже дали е ова од итен карактер и дали Владата е во состојба денес да обезбеди материјал. Прво, да ја оцениме итноста.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Колку што ми е мене познато постоеше пратеничко прашање на истата тема. МВР изготви детално известување, тоа известување е на дневен ред на Владата и по него Собранието веројатно ќе расправа ако пратеникот не е задоволен од одговорот на прашањата, тогаш треба да предложи да се отвори дебата по тоа прашање. Тое а негово право. Меѓутоа ние изготвивме прецизна информација по тоа, ја доставивме на Владата, помина и веројатно на Собранието ќе дојде на дневен ред. Повторувам , ако пратеникот не е задоволен, може да се отвори дебата.

СТОЈАН АНДОВ:

Да останеме во рамките на постапката. Видејќи господинот Харули постави на една од минатите  седници пратеничко прашање, а сеуште не добил одговор не е ред да бара расправа овде, додека не го добие одговорот. Меѓутоа, го потсетуваме претставникот на Владата да се побрза со одговорот на господинот Харуни. Кога ќе го добие одговорот господинот Харуни може да побара расправа. Инаку, независно од пратеничкото прашање, господинот Харуни има право овде да го изложи овој предлог, го изложи а ја изложи и итноста. Сега го чувме одговорот на Владата. Да видиме дали господинот Харуни го повлекува предлогот.

СЕЈФЕДИН ХАРУНН:

Јас барањето не го повлекувам, а одговорот што го добив од страна на Владата јас не сум задоволен, бидјеќи тоа не беше прашање, туку тоа беше барање да се стави на дневен ред. А за она што Владата има подготвено информација, мислам дека таа информација требаше да биде предмет на расправа на ова Собрание. Колкава е итноста на тоа, вие можете бидејќи сте економиста да расудувате колку е голема инфлацијата од месец октомври па до денес што не им се вратени на тие граѓани парите. Мислам дека нема вредност која што би го вратила, заправо, таа висина на таа сума. Тоа можам да го образложам друго немам што да бидам задоволен.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира ако се констатира дека е незаконски, спротивно на законот се повредени нечии права, секој субјекти секој граѓанин има право и на барање на оштета. Тоа е друга работа, и судска заштита и се што е потребно. Сега да се договориме, го чувме мислењето и на пратеникот и на Владата околу итноста. Молам, кој е за тоа, да се уврсти овој предлог на господинот Харуни дека јас разбрав дека вие не го повлекувате вашиот предлог, или го повлекувате?

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Не го повлекувам предлогот.

СТОЈАН АНДОВ:

Имајте предвид дека немаме материјал за расправа а дека веќе е во постапка материјалот кој треба да служи како одговор на пратеничкото прашање на господинот Харуни. Тој добил одговор а господин Фрчковски вели дека сеуште не е даден одговорот. Ако има одговор тогаш во рамките на пратеничките прашања ќе побарате расправа. Молам, бидејќи тој инсистира сега да се изјасни Собранието.

Кој е за предлогот: на господинот Хајруни, нека крене рака? (14 пратеници гласаа за).

Според тоа, овој предлог не доби потребно мнозинство.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Од она што досега е утврдено како дневен ред етапно како точка 2 на дневниот ред е ставена интерпелација на работата на министерот за надворешни работи при Владата на Република Македонија. Интерпелацијата за работата на министерот за надворешни работи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на ова Собрание му ја достави на 28 февруари и во предвидениот рок Владата требаше да се произнесе со свое мислење. Владата се произнесе со мислење кое што воопшто нема тежина во смисла на барањето кое што е изнесено во интерпелацијата бидејќи тука многу се измешани работите, Владата истапува со ставот на Собранието, кој став овде исто така беше изманипулиран и Собранието беше ставено во пакет заедно со политиката на претседателот на Републиката и сите тие работи, мислам дека тоа не требаше така да се случи требаше малку посериозно да се свати овој предлог, овој акт наречен интерпелација. Во текстот на предлогот на Интерпелацијата пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ  бараше да се формира и комисија, парламентарна комисија која што ќе се позанимава малку со дејноста и со активноста на министерот за надворешни работи, господинот Денко Малевски, комисија која ќе ги имаше на увид стенограмите од неговите средби со странските претставници, потоа неговите дискусии во работата на Владата и од сето тоа требаше да произлезе еден материјал кој ќе послужеше за расправа по тој предлог, по интерпелацијата. Вака како што е сега ситуацијава, ние навистина немаме никакви релевантни податоци за расправа по оваа точка.

Мислам дека еве веќе во процедура е еден нов предлог, кој што се заснова на сите тие Уставни одредби таму со кои група од 20 пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бараат да се основа привремена анкетна комисија која што ете пак ќе се позанимава со активностите на министерот за надворешни работи при Владата, ќе подготви еден материјал кој ќе послужи како основа за расправа по оваа точка и конкретно предлогот е оваа точка 2 која е предвидена како интерпелација за работата на министерот да се преформулира со Предлог за основање на привремена анкетна комисија за утврдување на одговорноста на министерот за надворешни работи при Владата на РМ. Бидејќи има многу показатели што говорат дека министерот за надворешни работи на РМ не ја врши добро својата работа, не постапува во склад со уставните определби на РМ, но сите информации главно се сведуваат од извори на информирањето, кои што ги имаме ние како пратеници. Поголемиот дел од оваа материја е недостапен до сите пратеници и од доверлив карактер. Затоа, сметам дека формирањето на такво собраниско тело на една комисија може да помогне за вистинско расветлување на неговата дејност и неговата работа. Други податоци можеби и не се потребни, но еве свесни сме дека Македонија веќе трет месец живее во остатокот на Југославија. Потоа, има некои податоци, кои што укажуваат на тоа дека истиот министер господинот Денко Малевски, во работата на Владата во еден момент има речено дека до колку Македонија сака да биде посебна држава треба да си најде друг министер за надворешни работи. Има податоци некаде кои укажуваат дека Денко Малевски како директен агресор за војната во Хрватска ја квалификувал Хрватска. Тоа се некои работи, но повторно велам дека сето тоа се податоци од неверодостојни извори, од нерелевантни извори и предлагам Собранието да го прифати овој предлог, да се формира таква анкетна комисија, кој што навистина ќе состави еден релевантен материјал по ова прашање за расправа.

Да завршам, предлогот беше топчката интерпелација да се замени со Предлог за основање повремено анкетна комисија за утврдување на одговорноста на министерот за надворешни работи при Владата на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние имаме точка на дневен ред, која беше утврдена на минатата седница и сега еве се предлага да биде утврдена на дневен ред. Дали ќе се заклучи точно така како што господинот Јакимовски бара и предлага и овие 20 пратеници да се формира посебна анкетна комисија или нешто друго, тоа ќе произлезе од расправата. Тогаш во расправата нека се констатира дека немаме што да расправаме. Инаку став на Владата имаме, формално имаме ваша интерпелација, имаме интерпелација на пратеничката група и имаме став на Владата. Тоа е се што треба за расправа.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Намерата при предлагањето за формирање на анкетна комисија беше за да не излегуваме тука со паушални дискусии и со непроверени податоци. Имаме показатели дека министерот за надворешни работи на РМ не си ја врши добро работата. Но, сакаме релевантни податоци кој што материјал би го изготвила таа комисија. Исто така, рековте дека имаме мислење на Владата. Мислењето на Владата воопшто не ја има таа тежина кој што треба да ја има бидејќи тоа не се произнесува конкретно по интерпелацијата туку натаму се сведува на заклучокот на Собранието, кој што заклучок божемно Собранието го донело едногласно. Собранието не го донесе едногласно тој заклучок: Мислам дека немаме материјал релевантен за расправа и секоја натамошна расправа по ова прашање ќе се сведе само на паушални дискусии. Мислам дека за тоа нетреба да бидеме обвинети.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се разјасниме, ние имаме овде предлог на пратеничка група навреме даден и изведена постапка. Дали тој предлог сега се повлекува и се дава друг предлог.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Се одлага.

СТОЈАН АНДОВ:

Што се одлага? Предлогот е интерпелација и даден е пред 20 дена или незнам можеби има 1 месец. Оттогаш до сега изведена е постапката, барано е став на Владата, известена е Владата, даден е извештај на Владата, го имаме овде и е во постапка. Дали тој предлог се повлекува. Ако се повлекува тој предлог, тогаш да видиме и да констатираме дека се повлекува тој предлог. Ако се дава нов предлог тој предлог ќе си има исто така постапка, ќе си има Владата мислење, ќе видиме како е и што е.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Мислам во текстот на интерпелацијата постоеше дека пратеничката група бара да се формира парламентарна комисија која што ќе се позанимава со активноста на министерот за надворешни работи. Она што сега ние го правиме е во согласност со деловникот и Уставот на РМ, би било само реализација или оживотворување на дел од интерпелацијата која што беше поднесена. И во предлогот стои дека бараме да се формира Комисија која што ќе се позанимава навистина со стенограмите и сите таму други документи. Ова е дел од интер-пелацијата, а интерпелацијата не ја повлекуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Да ја прочитаме ако треба интерпелацијата:

"Согласно член 72, став 1, 2 и 4 од Уставот на РМ, како и врз основа на членовите од 45 до 50 на Деловникот на Собранието на

Република Македонија, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесува интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министерот за односи со странство господинот Денко Малевски. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бараат писмениот извештај на Владата на РМ по повод интерпелацијата да се достави најдоцна до 10.11.1992 година, со оглед на важноста на прашањата од областа на односите со странство и надворешната политика на РМ.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Актот е комплетен од горе, до крајот до завршувањето, па вклучувајќи го и образложението. Во образложението стои дека, бидејќи постапката за извршување на интерпелацијата според деловникот на Собранието предвидува формирање на Комисија, која треба да ја испита дејноста и активноста на министерот за односи со странство, бараме истата комисија да се позанимава и со стенограмите од средбите на министерот со претставниците на странските земји за да се утврди дали конкретно или директно е побарано некоја странска држава да не признае како посебен меѓународно-правно политички субјекти или тие контакти се сведувале на објаснуање на улогата на Република Македонија во создавањето и решавањето на Југословенската криза и за тоа дека Република Македонија е поборник за некаква заедница на самостојни држави, дури и тогаш кога беше повеќе од јасно дека непостојат ни теоретски можности за реализација на таквиот концепт. Како поднесувачи на интерпелацијата бараме во таа комисија да бидат коптирани и двајца членови на нашата пратеничка група кои ќе ги предложиме ние.

СТОЈАН АНДОВ:

Вашиот предлог е сосема јасен. Имате интерпелација и нејзиниот текст го прочитав. Образложението е дел од расправата. Вие тие аргументи ќе си ги наведувате овде во расправата. Наведете ги во образложението. Во расправата ќе наведите се што имате да наведете

Со што уште можете да го образложите, можете да го проширите образложението, можете да додадете, можете да се повлечете од образложението, но тоа е вашиот предлог. По друга основа е новиот предлог овде.

Ова е анкетна комисија што е денес поделена. Денес во 11,20 е поделен

предлог да се формира анкетна комисија. Тоа ако произлезе од расправата во ред е. Инаку, тоа е посебен предлог ако сега го оценуваме и тоа може да дојде наместо оној , само ако тој првиот се повлече.

Треба да се разјасниме и да работиме по делови инаку на друг начин

неможи.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:

Мислам дека нетреба да има никаква забуна, ние остануваме на интерпелацијата. Проблемот се јавува во тоа што согласно деловникот на работа каде интерпелацијата е многу убаво разработена се дава можност и за утврдување на оние факти што се дадени во предлогот од Комисијата или во краен случај Владата да подготви извештај. Ние го немаме ниту едното ниту другото. Едноставно ние сега предлагаме во расправата, не го повлекуваме предлогот и незнам од каде сега таков заклучок и впечаток се стекнува, ние во расправата ќе предложиме ова што го предложија во име на 20 пратеници дека треба анкетна комисија да ги утврди тие факти. Дали отворено на оваа говорница или ќе се седне заеднички со другите парламентарни групи и после тоа да биде основа за едноставна расправа. Расправата не се прекинува со интерпелација. Таа ќе си тече, меѓутоа, недвосмислено ќе дојдеме до заклучокот дека е потребно формирање на оваа комисија што ние ја предлагаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, по таа точка,значи останува точката ќе го предложите ова што го предлагате и тогаш ќе видиме дали се слагаат другите да се договориме.

Дали се согласувате така да направиме? (се согласуваат)

Дали има уште предлози?

СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:

Сведоци сме на уште едно долготрајно утврдување на дневниот ред. Затоа, мислам и предлагам само измена на точките од дневниот ред. Како први точки би ги предложил односно како прва точка-Предлог за донесување на закон за потикнвуање на развојот на земјоделството со Предлог на закон и плус информациите таму што одат, а како точка 3 и 4 итн., тоа е предлог на Републичкиот буџет за 1992 година. Еден ваков сличен предлог  бевме сведоци се отфрли, затоа што коалицијата си проработи во овој Парламент, па така не нагласаа. Меѓутоа, мислам дека ако сме избрани од народот, како што сите велиме дека сме избрани од народот, пред се, ќе ве молам господине од странката на Југословените сослушајте ме.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, вие немате право да ги предупредувате луѓето, само јас го имам тоа право.

СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:

Тогаш предупредете го.

СТОЈАН АНДОВ:

На никого немате право, ниту на мене да ме предупредувате.

СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:

Мислам дека целовремено потенцираме дека сме избрани од народот и треба да работиме за доброто на народот, тоа и средствата за јавно информирање ни го велат, па затоа ред е еднаш навистина проблемите што го тиштат ова население во Репбулика Македонија да ги ставиме на дневен ред, а не да се расправаме или сега како што е предложено на дневен ред како прва точка да биде предлог на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорноста на претседателот на Собранието, ние на некој начин овде да расправаме како најбитна работа. Ќе ве замолам, тука слушнав дека ако не расправаме за тоа, можеби нема да не признаат, така произлегува.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:(продолжение)

... или ако земјоделците штрајкуваат, може би и тоа ќе речат еве земјоделците штрајкуваат, па таа демократска Европа ќе рече да не ја признаеме Република Македонија. Јас не сум за тоа да го чуваме животот и делото на никој функционер па и на претседателот на Собранието, ни министерот за односи со странство итн. Или да го браниме или да го напаѓаме. Си има редослед и мислам дека тие прашања не се толку битни за ова Собрание да ги расправа како прва и втора точка. Па, тоа е за мене нонсенс. Се бара една нормална работа, интерпелација, тоа е по Деловникот барање одговорност за претседателот. Исто и во Деловникот го има тоа, па зошто да доаѓаат тие две точки како најбитни точки за работа на овој Парламент, кој не знам колку часа изгуби за утврдување на дневниот ред.

Затоа предлагам, со гласање , иако мислам дека пак ќе падне нашата Пратеничка група, коалицијата пак ќе проработи, и уште една работа барам.

По утврдувањето на дневниот ред претседателот на Собранието да даде пауза како би можело да се препечати усвоениот дневен ред и ние како пратеници буквално го имаме редоследот на точките што се усвоени во дневниот ред, затоа што досега јас не верувам дека 70-80% од пратениците не знаат што се наоѓа на дневен ред или која е следната точка на дневниот ред. Молам и за тоа да се гласа.

СТОЈАН АНДОВ:

Го поддржувам предлогот на Стоиле Стојков. Пратеничката група сама треба да оцени дали дава важни предлози или неважни, или помалку важни предлози. Предлагам да се усвои овој предлог.

Молам, кој е за предлогот за господинот Стоиле Стојков?
За збор се јави Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ве молам да не ми забележите. Ќе прочитам едно писмо до Собранието во врска со предлогот.

"Европа не гледа господо пратеници, каде е нашата доблест?

Мојата доблест пред поколенијата што ја следат мојата зрелост.

Каде е доблеста на државата што ја создаваме 1000 години, а уште неа ни ја земаат од рака како да е недорасното дете.

Што ќе види Европа господа пратеници,

Господа министри, господа претседатели?

Есен доаѓа за Македонската држава господа пратеници.

Зарем повово ќе го оставиме народот да се прибира под туѓи стреи и да ѕемнат нејаките и недоизраснетите.

Докажете и на Европа господа пратеници дека денес разговараме за првибт буџет на суверена Македонија.

Владата предлага, а јас случаен министер по финансии молам да ги рангираме прашашата според нивното значење за македонската држава и да почнеме да работиме по дневниот ред што беше најавен со поканата.

ФАИК АБДИ:

Господа пратеници сега е 12,30 часот.

Прво го респектирам мислењето и искажувањето на господинот министер, господинот Тошевски, меѓутоа за признавањето на нашата држава ангажирани се токму оние лица за кои е предложено да се расправа денеска. Мислам дека играчка тука нема. Можеби има зошто што предложија господата од ВМРО-ДПМНЕ да се расправа за односот и работата на министерот за односи со странство, за претседателот на Собранието. Тие нас не претставуваат надвор од оваа наша држава. Јас мислам дека тоа мора да се расчисти што е што, а за буџетот ќе расправате и ќе го донесеме буџетот.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој е за предлогот на господинот Стоиле Стојков да крене рака?(26 пратеника).

Според тоа овој предлог нема мнозинство на гласови. Молам, дали има уште нешто во врска со предложениот дневен ред?

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Морам да признам дека во најмала рака предлогот на министерот ме изненади, бидејќи истиот тој министер пред почетокот на седницата предложи буџетот да се одложи, доставувајќи одлука, доколку не се усвои буџетот, одлука за времено финансирање, а сега го издигнува на пиедестал на најбитното прашање во Републиката и покрај тоа што се понудени две варијанти на дневниот ред од минатата седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, треба да поминеме на изјаснување по дневниот ред. Дали во врска со дневниот ред има некои нешто.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ни од страна на Владата ни од мое лично име никогаш не е побарано да се одложи расправата по буџетот, не знам на база на што е извлечен тој заклучок.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој е за предложениот дневен ред?

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Познато е дека во Република Албанија се одржаа избори на кои бевме поканети како парламентарна група да присуствуваме. Водач на групата беше господинот Киро Поповски и мислам дека е ред овој Парламент да биде запознат со нашите сознанија и евентуални разговори што ги имавме со водачите на политичките партии што ја однесоа победата на изборите во Албанија.

Мој впечаток е дека токму победничката партија - Народната демократска партија на Албанија нема никакви промени во однос на постојната социјалистичка партија во однос на признавањето на Република Македонија. Во тој контекст и во кратките двочасовни разговори нема никакво отстапување и дури постои условување на признавањето на Република Македонија од страна на Република Албанија и искажана грижа за заедничко решавање на положбата на Албанците во Република Македонија.

Сметам дека нашата Пратеничка група, ако не може водачот на групата да даде една усна информација, за наредната седница да се задолжи групата што беше во Република Албанија да даде писмена информација за увидените состојби и за она што беше предмет на разговорот.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, тоа е и инаку деловничка обврска на секој шеф на делегација од овде и ќе треба да се подготви извештај.

Молам, дали има уште нешто со дневниот ред?

РАТКА ДИМИТРОВА:

За мене прашањето за дневниот ред и точката на буџетот не е апсолвирано. Јас не сакам да прифатам една серија на ниски удари и воопшто еден стил на однесување на оваа говорница како член на ова Собрание. Сепак се надевам дека се работи за недоразбирање. Ние добивме едно известување за дневниот ред во кое што стои дека прва точка е Предлог на Републичкиот буџет за 1992 година, а во вториот дел е дополнување на дневниот ред со такви и такви точки, така што мислам дека Собранието не му е јасно поставено прашањето дали е за тоа прва точка на дневниот ред да биде буџетот. Мислам дека иронија е во смисла на пиедестал буџет, секој спрема својата, секој пратеник според својата совест и одговорност ќе утврди дали е ова доволно важен проблем за да биде прва точка на денешниот дневен ред на Собранието.

Затоа ве молам јасно да се постави прашањето пред ова Собрание дали е ова Собрание за тоа како прва точка да расправа за буџетот?

СТОЈАН АНДОВ:

Токму така беше и поставено прашањето и така се гласаше. Таков беше и предлогот и пратениците се изјаснија за тоа.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само поттикнат од второто излагање на господинот министер Тошевски, молам да кажете чија е оваа одлука овде, ако не е од Владата бидејќи рековте дека ни вие ни Владата стои зад одлуката за времено финансирање, а на пратениците ни е поделено. Навистина јас како пратеник сум во недоумица бидејќи категорично кажавте дека ни вие ни Владата не стои зад неа.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

За пратениците Петковски и Стојановски, ако добро го следеа воведниот дел на претседателот кога ја воведуваше седницата и одговорот на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, требаше да сватат дека Одлуката е алтернативна. Ако тоа не го сватија додаваме дополнителното објаснување.

Таа Одлука од Владата е предложена при евентуална ситуација да настанат проблеми со усвојувањето на буџетот за да може да продолжи финансирањето на државата, за која секој ден држиме предавања, секоја седница утврдуваме дневен ред со саати господа пратеници.

СТОЈАН АНДОВ:

Како сум информиран пред седницата оваа одлука од Владата е подготвена заради премногуте амандмани на буџетот и различните ставови на некои комисии, бидејќи државата не може да биде ни

еден ден без буџет, како замена ако не дојде до донесување на буџетот, Владата ја предложи одлуката. Но, тоа беше укажано од повеќе пратеници пред седницата и можеше да доведе до колебање кај пратениците дека има и друго решение освен буџет, затоа и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет го изнесе ова овде и Собранието така заклучи.

Молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (пратениците креваат рака).

Молам, дали има некој против? (6 пратеници)

Дали има некој воздржан?(7 пратеника).

Констатирам дека дневниот ред е усвоен како што е предложен.

Предлагам пауза и молам да се подготви пречистен текст на дневниот ред и за половина час да продолжиме со работа.

Има збор господинот Ештреф Алиу.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Мислам дека последниот предлог на господинот Стојко треба да стане практика на работа во Собранието и пратениците во текот на седницата за сите измени да добиваат пречистен текст на редоследот и на усвоените точки на дневниот ред.

Второ, барам ако се согласувате сите вакви седници со многу точки на дневен ред да не практикуваме во иднина воопшто во ниедна прилика. Собранието да работи почесто,пратениците да не нокуваат,нека рачунаат луѓето од економија, ќе заштедиме многу пари.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, пауза, за време на паузата комисиите и Владата да ги разгледаат амандманите што во меѓувреме стигнале. Пауза од 12,40 часот.

(Паузата траеше од 12,40 до 14,15 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред.

Предлог на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорност и разрешување на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го разгледа предлогот на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и оцени дека нема основ за покренување на постапка за утврдување одговорност на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Отворам претрес?

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Драги Арсов.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници.

Како што ви е познато пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ согласно Уставот и Деловникот за работа на Собранието поднесе писмен предлог за утврдување на одговорноста и разрешувањето на претседателот на Собранието господин Стојан Андов во кој накусо се образложени некои од причините и мотивите на тоа наше барање.

По тој повод во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ само сакам да ве потсетам дека нашата пратеничка група веќе подолго време го изразува своето незадоволство од работата на Собранието и повеќе пати укажуваше дека од страна на претседателот господин Стојан Андов е суспендирана младата парламентарна демократија во Македонија.

Укажувам овде и пред целата Македонска јавност дека тој манипулира со Парламентот и се нарушуваат основните уставни законски и деловнички одредби и најосновните норми на парламентарното однесување.

Укажавме дека актуелниот претседател на Собранието воспостави монопол во однос на свикувањето на седници и утврдувањето на дневниот ред на Парламентот, крајно манипулирајќи со Деловникот и со Собраниската постапка како и со безрезервната поддршка на таканаречениот лев блок и  нивната, однапред обезбедена надгласувачка машинерија, ја наметна контролата на целокупната власт во Македонија со центри на моќ при одлучување надвор од Парламентот својствени само на периодот на поранешниот еднопартиски систем.

Од тие причини ние зборуваме дека кај нас во Македонија е воспоставен неокомунизмот со сите негови штетни последици и трауми.

Укажавме дека е извршен класичен пуч врз младата македонска парламентарна демократија со неподготвеноста да се дели власта со партијата со поинакво политичко уверување иако во Парламентот влезе со најголем број пратенички места како и со низа други случаеви од кои овој пат ќе го спомнам последниот пример со неодржувањето на седницата на Собранието во време повеќе од еден месец.

Ако ниту во тој момент зборувам за 23 февруари кога земјоделците од Македонија со протестен митинг и револт што го изразија пред Собранието заради ненавремените подготовки за пролетната сеидба не се одржа седница на Македонскиот парламент ниту подоцна кога пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за 29 февруари побара итна седница за земјоделието, а од страна на господин Андов не се реагираше со никаков одговор, тогаш како поинаку да го објасниме

сето тоа освен како суспензија на работата на Македонскиот парламент. Велиме суспензија затоа што ваквиот молк од месец и повеќе дена не се случува прв пат во досегашното работење на Собранието.

Дали по ваквата зачестена практика конечно маската падна?

Дали конечно кај претседателот господин Андов не се разобличи и неговиот двоен морал со соопштение во името на Претседателството на Собранието како негов параван да ја обвинува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за опструкција, како што тоа го направи на минатата сидница, а да се воздржува од исто такво соопштение кога пратеничката група на Реформските сили -либерална партија го напушти Парламентот на 33-тата седница што се одржа од 14 до 18 февруари годинава со цел да не се усвои Законот за Македонската информативна агенција - МИА.

Дали и натаму може да се толерира злоупотребувањето на позицијата што ја има претседателот за општите општествени интереси на Републиката да ги подредува на своите тесни партиски интереси како лидер на реформските сили преку спроведувањето на веќе пропаднатата реформска програма на господин Анте Марковиќ насилно наметнувајќи ја кај нас преку моќниот инструментариум на СИС и Сојузните прописи од кои дел од нив сеуште и сега важат само во Македонија и остатокот од Југославија.

Не господа пратеници, тоа што до сега го правеше господин Андов со очигледните пречекорувања на своите овластувања и надлежности што ги има заедно со редуцираното Претседателство повеќе не може да се оправдува. Сведоци сме на постојаното девалвирање на институциите на Собранието. Во таа смисла само ќе ја спомнам институцијата- пратенички прашања која подолго време се третира

како излез на баласт, како да се објасни практиката на прекинувањето на седниците и користењето на тоа право на претседателот според стариот Деловник од 1986 година со јасна цел да се анулира или амортизира нечие залагање што не е во согласност со актуелната државна политика.

Како да се објасни односот на еден пратеник кој е избран за претседател кон друг пратеник со упатување на крајно потценувачки зборови "сега оди си на место, седи си на место" итн., што се сведува на однос учител - ученик , што во никој случај не е во духот на парламентарното однесување.

Како сето тоа да го оцениме кога на очиглед на сите нас се прави крајно тенденциозно наспроти општите залагања на демократизација на односите меѓу луѓето кај нас.

Почитувани пратеници, ако Собранието на Македонија, како што е наведено и во Уставот, претставува претставнички орган на граѓаните и е носител на законодавната власт иако претседателот на Собранието го избираат пратеници односно и тој е пратеник и ако е член на една политичка партија, тогаш со даденото Уставно право претседател  за да свикува седници не може да се оправдува неговата преголема надлежност на другите пратеници ниту пак може да се оправдува неговото однесување спрема предлозите и иницијативите што доаѓаат од поединци и пратенички групи за потоа по тие предлози и иницијативи тој да дава свои оценки и зазема ваков или онаков став.

Ако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ниту порано ниту сега не можеше со своите иницијативи да обезбеди никакво влијание за свикување на седници и утврдување на дневниот ред и ако сето тоа зависеше од волјата на претседателот дали тогаш некој друг може да ја оправда неговата одговорност и вина за до сега непоставените и неусвоените законски акти и одлуки од кои зависи

конституирањето на државноста на Македонија и обезбедувањето на нејзината целосна сувереност и независност како основен предуслов и за меѓународното признавање што го бараме.

Како да објасниме зошто Собранието кое кон крајот на ноември минатата година ја задолжи Владата да ги подготви сите потребни акти за воведување на Македонска монета со цел што побрзо да се спречи колапсот на стопанството и хиперинфлацијата од србо-динарот, до сега тоа прашање не се постави на дневен ред ниту пак се навести дека тоа наскоро ке се случи. Дали на тој начин и натаму не се штитат нечии други интереси наспроти интересите на Македонскиот народ.

Дали за ова одговорноста треба да ја сноси некој друг освен челниот човек на нашето Собрание. Не господа пратеници, очигледно е дека или не се сака или не се има доволен осет и слух за времето и просторот во кое живееме за се она што го бара Македонија, македонскиот народ, Европската заедница и светот.

Во таа смисла не сакам да ве потсетувам на познатиот лик од литературата на Витезот со тажно лице Дон Кихот, кој несвајќајки го ни просторот ни времето во кое живееше не беше во состојба да ги согледа промените што тогаш настанаа во Европа по откривањето на Америка, туку живееше со свои илузии во старо време.

Не сакам да ве потсетувам на такви денешни витези и нивните придуржници кои до скоро не уверуваа во некакви фиктивни идеи и опции. Како таква се покажа и кобната реформска опција на господин Анте Марковиќ која беше програмска определба и на господин Стојан Андов и на реформските сили во Македонија.

Само до пред една година поточно на 21 април 1991 година, на девизните штедачи Сојузниот извршен совет поддржан од реформистите им ветуваше дека за сума од 500ДМ. ќе се чека 7 дена, за

сума од 500 до 3.000 ДМ, ќе се чека 30 дена, од 3.000 до 10.000 ДМ, 90 дена, а за повеќе од 10.000 ДМ 6 месеци. Од сето тоа нема ништо. Нема ништо и од она што им се ветуваше на тогашните девизни штедачи, луѓето иако останаа измамени од ваквите ветувања никој не се огради ниту пак тоа го сторија реформистите во Македонија и нивниот челник. Тие не се оградија ни од регформските илузии дека Југославија се распадна, ни од одлуката на Анте Марковиќ дека со сите средства вклучувајќи го и оружјето ќе се брани југословенската заедница што ја охрабри и агресијата врз Словенија и Хрватска ни од учеството на Македонските војници и старешини во таа агресија, не се прифати раздружувањето на Македонија и прекинот на државно-правните акти со СФРЈ итн.

Ако за таквата политика сега зборуваме дека доживеа целосен пораз, тогаш е поразена и политиката на оние што ја поддржуваат. Со таквата политика диктирана и во овој Парламент Македонија не успеа да стане меѓународно призната држава. Таа не ги отвори стопанските и пазарните граници, не заживеа уставно-правниот поредок што ова Собрание го прогласи со Уставот. Невозможно е од вината за сето тоа да биде ослободен челниот човек на ова Собрание.

Доволно е само да потсетам ако најбројната пратеничка група, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ ја изрази својата неподдршка и недоверба, дали и понатаму оправдано можеме да зборуваме за целисходноста и опстојувањето на вршењето на функцијата претседател од господин Стојан Андов тоа останува самиот тој да го оцени.

На крајот потсетувајќи ве уште еднаш за сите досегашни блокади на Македонскиот парламент како и за монополот при утврдувањето на политиката за тоа Македонија по кој пат ќе оди и за низата други манипулации и штетни последици што во меѓувреме

заседија, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инсистира на овој предлог за утврдување на одговорноста и разрешувањето на господин Стојан Андов од функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

Исто така бараме да се поведе расправа и по поднесениот предлог да се одлучува на оваа седница на Парламентот.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Прво би сакал да кажам дека ова јавување и веројатно

изјаснување не разбрав дали е целата пратеничка група или овие

20 потписници, укажува дека на одреден начин институтот покренување прашање за одговорност на носител на јавна функција во рамките и духот како што Уставот  го пропишува се разбира постапката предвидена со Деловникот овде како еден од формите на демократизацијата на Македонското општество флагрантно беше прекршен. Овде очигледно дијалогот не беше ниту со постапките и работата на Парламентот, туку беше директно уперен кон програмата и работата на една политичка партија во Македонија. Меѓутоа, морам да кажам дека тоа ни најмалку не збунува ниту не обесхрабрува дури напротив ние тоа го сметаме како одреден комплимент кога доаѓа од оваа парламентарна група односно од оваа партија, бидејќи ретко како која  Реформските сили-либерална партија јавно и со силината на аргументите укажува на девијациите и политиката која под закрилата на таканаречениот национален интерес и национално единство всушност се претвори во постојано поттикнување на делбите во Македонското ткиво.

Морам да кажам дека оваа иницијатива вака како што е дојдена по мене изненадува, мислев дека ќе биде многу порано.

Второ, таа не може да се исклучи од контекстот на иницијативите и таа оди во пакет со барањето за оставка на претседателот на Републиката, министерот за надворешни работи и за наредната седница очигледно иако ние побаравме да се формира парламентарна група за утврдување на фактичката состојба околу блокадата на патот со начини примерни само за оние кои однапред ја знаат вистината се осудува, се разбира, на наредната седница веројатно ќе биде поднесено барањето за оставка на министерот за внатершни работи.

Понатаму, морам да кажам дека разликите во политичките опции кои ги застапува нашата парламентарна група со оваа која господинот Арсов овде ги изнесе се очигледни и ние ни најмалку не отстапуваме, бидејќи тие станаа темел на документите кои овој Парламент ги донесе, само да потсетам двата основни документи врз основа на кои се базира интересот на Македонија, бидејќи Македонија некој уште неможе да свати дека е веќе самостојна држава, а го бара меѓународното признавање е всушност референдумот за самостојна и суверена Македонија и уставот на Република Македонија. Кој и како се однесуваше во однос на тие процеси и донесувањето на тие документи на Македонската јавност најдобро им се познати.

Мислам дека оваа иницијатива како и овие  две иницијативи кои се иницијативи за интерпелации и одговорности се во еден контекст пред Македонската политичка јавност да се покаже дека постои во Македонскиот парламент легална, легитимна, парламентарна опозиција што всушност ни оддалеку не е ако се земе предвид составот, влијанието и политичката контрола на пооделни министри

во Владата на Република Македонија. На тоа укажува и постојното инсистирање, точно се знае кои министерства по која политичка линија се контролираат и како се влијае на Одлуките што доаѓаат на предлог од тие министерства.

Што се однесува до самиот предлог за одговорност на претседателот на Собранието тоа, формално правно на начин на кој беше дадено во писмена форма е најмалку речено деловнички нејасно, бидејќи не го кажува тоа дали се бара оставка на претседателот на Собранието или се укажува на потреба од покренување интерпелација за одговорност на претседателот на Собранието и врз основа на една таква расправа би дошло до утврдување на фактичката состојба околу евентуалните злоупотреби како што се импутира овде на работата на Претседателот.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (Продолжение)

Тоа што во самиот акт е препознатливо е дека две работи му се забележуваат генерално на претседателот на Собранието, а тоа е дека е виновен што овој Парламент нема деловник, тоа е едно и вториот апсурд што всушност крие една политичка мимикрија на однесувањето на оваа парламентарна група и воопшто на оваа партија околу монетарното осамостојување на Македонија и тука, се разбира, во тој контекст господинот Арсов изнесе свое видување како Македонија монетарно треба да се осамостои.

Првото, морам да кажам дека навистина не само на нас во Парламентот кои се научивме на одреден начин да комуницираме врз основа на различните интереси, врз основа на спротивставените мислеша и јасно е дека процедурата е основа на демократијата. Оттука, апсолутизирајќи ги сопствените предлози а не уважувајќи ги предлозите на другите, навистина е прашање на самопреиспитување за каква демократија овде некој се залага.

Што се однесува до деловникот, јасно е дека постапката оди преку Посебната комисија што Собранието ја има како постојано работно тело, Комисијата за деловник и незнам во кој контекст претседателот на Собранието има одговорност за тоа што Комисијата или пак секој од нас овде како овластен предлагач не дошол во позиција да предложи деловник за работа.

Вториот темел на кој се потпира оваа Иницијатива е околу закажувањето, земјоделците и тн. Веројатно на македонската јавност сега и е многу појасно, после блокадата и на Парламентот што се се криеше зад Иницијативата и на кој начин таа сакаше да се спроведе.

Во основа, тука се крие основниот проблем кој ние, во Македонија неможеме како Парламент да го разрешиме. Тоа е политичката одговорност на парламентарните партии во однос на политиката што Владата овде ја нуди. Оттука, можете слободно да погледнете во тој контекст дека секој сака што е можно повеќе, епитети на сметка на Владата препише, а при тоа истовремено од Владата да бара одредено разрешување на проблеми и да ги врзува само за политички иницијативи и начини на кои само тој субјект овде во Парламентот мисли дека може да се расчисти.

Мислам дека оваа Иницијатива не држи од еден друг, многу посилен аспект, а тоа е однесувањето на нас овде како парламентарци во однос на целокупната атмосфера што ја создаваме. Една најмала анкета, лична анкета или било на кој начин сврзана со работата на овој Парламент ќе покаже дека граѓаните се револтирани бидејќи навистина од нас очекуваа еден цивилизациски однос кон процедурата, однесувањето кон реалните проблеми на граѓаните, да ја водиме и целокупната политика во Републикава. Тоа најмногу изостана во рамките на овој Парламент пред се заради постапката околу донесувањето на дневните редови,околу пречестите паузи кои, а нека се провери во стенограмите кој најмногу бара паузи, кој не доаѓа на седници и тн, кој го напушта Парламентот, па ќе се види дека тие кој најмногу го критикуваат и во своето однесување навистина не се држат до елементарните однесувања на културно однесување, на дијалог, на сослушување на одреден начин барање збор, и тн. дека всушност се истовремено и иницијатори за разрешување на претседателот на Собранието.

Ние, како политичка партија еднаш исто така му забележавме на претседателот што премногу демократски се однесува спрема тој дел на пратеници кои го узурпираат и говорницата и трпението на останатите пратеници и воедно го рушат дигнитетот на овој Парламент и на претседателот.

Да напомнам не се работи овде дали некоја пратеничка група која себе си се нарекува победничка партија, дали таа бара отповикување на претседателот на Собранието. Само да ве потсетам, таа пратеничка група воопшто не гласаше за актуелниот претседател на Собраниет Стојан Андов. Оттука, нејзиниот однос кој и тогаш беше без аргументи зошто гласаше против, и сега е на исто ниво како пред година и пол кога овој Парламент почна со работа. Мислам дека тонот на кој сега разговараме ќе биде нарушен, во тоа сум силно убеден, меѓутоа, едно е во парламентарниот образец важно - ако нема аргументи, тогаш односот на политичките сили да биде онаков каков што политичките партии меѓу себе тоа го договориле.

Парламентарната група на Реформски сили - Либерална партија доследно се држеше до сите меѓупартиски договори во однос на конституирање на власта во ова Собрание и мислам дека е ниско, така да кажам и во однос на злоупотреба од аспект на потребата од нова реорганизација на власта односно практично излегување на нови избори. Ако тоа се сака, а очигледно дека ние во однос на одредени прашања, живот-ни прашања и друго не одговоривме директно на потребите на граѓаните, тогаш политичкиот дијалог мора да продолжи и отворено и јасно пред граѓаните на Македонија, да одиме на нови избори со што, на одреден начин ќе се потврди и легитимитетот и силата на идеите и платформите што секоја политичка партија овде ги застапувавме. Мислам дека е тоа покоректен однос отколку ние, преку меѓусебни препукнувања всушност да создаваме впечаток за демократија за незнам што, а од друга страна, со одлагањето на решавање на животните прашања на граѓаните всушност овој Парламент како лоша судбина на тој народ му стои.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Ристевски.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Се разбира, како Влада, не би сакал и нема потреба да се вклучуваме во една ваква прилично непријатна дискусија, меѓутоа како Влада се почуствував барем јас а мислам дека и колегите тука, малку во непријатна ситуација.

Ми се чини дека присуствувам на сите седници на Владата и досега, барем јас не сум можел да забележам, не ми е познато во нашата Влада да се спроведуваат некакви тенденции на одредени партии и посебно, како што беше овде нагласено некои министри да биле раководени и кормулирани воопшто од Паријтата ВМРО-ДПМНЕ.

Колку што мене ми е познато има само еден член на оваа партија кој е и деклариран и се знае, меѓутоа слободен сум да речам дека во сите негови дискусии, барем јас што сум ја следел расправата а мислам дека редовно сум на седници, не сум забележал никаква партиска обоеност. Мислам дека Владата сепак работи доволно компактно без некоја посебна партиска боја.

Би молел, ако може претходниот дискутант да објасни кои се тие министри и врз основа на што беше изнесено овде од негова страна дека се спроведуваат нечии директиви, од страна на тие министри.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Абди.

ФАИК АБДИ:

Господине претседателе, даме и господа пратеници,

Еве повеќе од една година се судираме со многу прашања овде кои пред се имаат карактер на политичка боја и припадност се судруваме со бројчаната положба на одредени партии, со надгласување

со разни маневри, политички маркетинзи и тн., но забораваме едно нешто, го забораваме најголемиот суд. Најголемиот суд за нашата работа е народот. Овие седници се пренесувани. Народот слуша, народот гледа. И, ако влеземе внатре, меѓу широките слоеви на народот, тие не мислат вака како што ние мислиме овде понекогаш. Или, по оваа точка што расправаме. Јас сум убеден во себе си, народот мисли сослема поинаку.

Ако претседателот Андов се обвинува за недемократско однесување, за узурпирање на тој стол на кој седи, узурпирање на правата на одредени личности, партии и тн., ако се окривува та сето она што ја следи денеска Македонија, осиромашување на народот, на стопанството, беда и тн. сиромаштија, мислам дека не ја познаваме доволно ситуацијата или не сме свесни што зборуваме. Опростите но тоа е така.

Нека никој не се пофали овде дека ја донел демократијата во Македонија односно во Југославија и во овие европски простори. Таа е последица на нешто друго, на нешто многу поголемо од нас и многу подалеку од нас. На некое спојување на некоја голема земја и рушење на една многу голема земја во мали државички. Тие се, секако, многу поголеми од нас. Ние сме една педа земја. Дали е наша среќа што имаме многу националности овде, па неможеме да се разбереме? Ако некоја партија односно ВМРО-ДПМНЕ мисли дека има 30 и повеќе пратеници, 30 и повеќе пратенички места во овој Парламент, претходниот дискутант зборуваше за некои избори, па, нека има избори. Малку верувам дека ќе биде ист резултатот. Сигурно ќе има промени. Е сега, кон кого ќе превагне тоа народот ќе каже. И од тоа што се слуша сред народот сигурно нема да превгне таму, накај она што е сега.

Ако знаеме дека таа наша бивша Југославија е се уште во војна, ако знаеме дека еден добар дел од нашето производство има пласман односно имаше пласман во другите републики, ако знаеме дека

нашата цена на чинење е преголема, за извоз, ако знаеме дека нашиот квалитет е за никаде, стара технологија и тн. каде ќе најдеме пласман? Ние бараме помош од Европа, бараме помош од светот, бараме помош од Меѓународната банка за обнова и развој. При посетата на господинот претседател на САД, при средбата со претставниците на Меѓународната банка за обнова и развој беше кажано, барем како што рече господинот Киро Глигоров дека досегашните линии нема да се сопрат, меѓутоа за нови, новите ќе ги ставиме во сила веднаш по признавањето на Републиката. Значи се чека признавањето. Ова е вистина. И,ако сакаме обнова на нашите капацитети и модерно прозводство, помала цена на чинење не мора себе си да се измениме, а не овде да се расправаме која партија е прва, која е втора, која вреди а која не вреди.

Јас не би сакал да говорам овде за Анте Марковиќ, овде како зборуваше. Не дека не заслужува човекот. Можоби еден голем дел од нас не може да му пријде на тој Анте Марковиќ во неговите сознанија, неговите знаења и познавања на светската економска состојба и економија воопшто.  Можеби никогаш од постоење на Југославија динарот не бил конвертибилен. Но, да го оставиме тоа. Да го заборавиме. Да речеме дека е така.

Ако се поведовме по вас драги колеги од ВМРО-ДПМНЕ ако дојдеше до моментално раздружување на што, како што велите, левиот блок не се согласи, кој знае што ќе станеше. Се знае што ќе станеше. Референдумот, како што знаете, со помош на сите нас овде пет минути до 12 беше, ајде со акламација го донесовме. Уставот, да ве потсетам, - ако го донесовме онаков каков што вие го предлагавте без националностите, па вие сте сведоци дека секоја странска делегација што доаѓа овде од КЕБС, од ЕЕЗ прашува какви се правата на националностите.

Каде ќе беше нашето признавање? Што е, не сме признати заради тоа што таков устав донесовме?! Не е тоа. Нешто друго е во прашање. Изгледа многу малку луѓе го разбираат тоа, опростете што вака зборувам. Ќе дојде признавањето.

Овде се знае на кого се гаѓа. Прво, се минимизираат сите добри работи постигнати овде, во овој Парламент и се гаѓаше на господинот Киро Глигоров. Сеуште се гаѓа. Сега е на ред Стојан Андов, па министерот за односи со странство, па незнам уште кој ќе дојде на ред. На крајот сите не чиниме, само една партија чини. Ајде мајката. Не може така да биде. Не може меѓу сите овие 120 пратеници само 30 и повеќе да чинат заради тоа што се најмакедонска, да речам партија, ВМРО-ДПМНЕ. Јас имам меѓу вас колеги ги почитувам и респектирам, меѓутоа мислам дека не е во ред ваквиот приод. Ако на почетокот на седницата овде се расправаме овде два ипол часа за дневен ред, ако ги критикувавме и јас не гледам добро на она што го поставија колегите од ПДП-НДП за Албанците, колкаво е тоа застапување во органите на власта во извршните функции во ова во она. Па, зарем само Албанците се националности? Турци, скоро ниту еден немаме овде. Има Турци, има Власи, има Роми и што знам уште кои ѓаволи има. Значи, еден ден ќе расправаме, но чекајте, да го оформиме Советот за меѓунационални односи. Сигурно ќе расправаме овде за таа материја. Ако на тоа велевме на што се гаѓа пред признавањето, што ви значи сега ова вам пред признавањето, ова што го поставувате? Дали не е тоа идентично? Дали не сакате да постигнете таповит век. Немојте.

Ако сме Македонци, како јас што реков едно време и сега велам, никому не признавам дека е поголем Македонец од мене затоа што оваа држава е моја. Јас немам никаде ништо. Ако сме големи

Македонци, ако ја сакаме Македонија, најмалку ни треба сега ова да расправаме за претседателот, за министерот за надворешни работи. Кој ќе чуе ќе ни се смее. А бидејќи сите не гледаат и не слушаат сигурно треба надвор да не чекаат со камења и дрва, да мава народот по нас. За срамота.

Ако овде министерот за финансии излегол и кажува дека треба да се разгледа прашањето за Буџетот тој има право. Ние претставуваме држава со множество интереси и како луѓе и како народ. Од една страна гледаме што помалку да дадеме во име на даноци и придонеси од личен доход и доход, а од друга страна што повеќе да мкнеме од тој буџет, за образование, воспитување, култура, просвета, патишта, струја, вода и тн. Тоа се множество на интереси. На тоа многу малку мислиме. Ние не можеме буџетот да го направиме оволкав (демонстрира со силно раширени раце) ако стопанството е волкаво (демонстрира со собрани раце) ако нема од каде, а се се алиментира од таму од тоа стопанство. Ние воопшто овде не сме кажале овде дека најмногу ни треба производство на жито, житарици, на месо и други култури градинарски. Тие три основни работи. И минатиот пат овде, дури излеговме надвор господа ВМРО-вци ја напуштивме седницата заради аграрот. Па, зошто сега не се побуни за аграрот да се стави прва точка? Тоа треба да го направиме.

(Негаторски реакции од пратеничките клупи на ВМРО-ДПМНЕ)

Ќе имате време. Простете јас зборувам. Ќе имате време овде да кажете. Народот слуша. Ве молам, немојте вака. Дајте, ние Македонија да ја гледаме бидејќи нашата земја, нашата држава да видиме што е тоа 6 април, па и понатаму. Не само да напаѓаме. Да дочекаме да бидеме признати па ако треба и нови избори, ако треба и што ја знам што уште ќе правиме. Меѓутоа, да знаете немаме респект во народот. Немаме респект во фабриките. Дури писма праќаме на директори,

незнам кој е, не можам да ја окривам ВМРО, меѓутоа има некоја подземна организација што бара по 200 илјади марки од моите пријатели да речам, од"Европа", што ја знам од Кожара од незнам кој. Кои се тие ѓавол да ги носи. Кој ги знае. Што е тоа сега? Некој страв во коска се става на луѓето. Зарем треба тие добри организации да пропаднат? Од надвор никој не ни дава капитал никој не сака да вложи. Нам ни треба капитал, ни требаат заеднички вложувања. Вчера беше еден американец во "Комуна". Кој знае како се согласи и тоа е се условено.

Да завршам со една работа. Мојата партија иако е, како што знаете, многу мала, меѓутоа живееме заедно. Вие, сакале или не, Ромите се тука во Македонија. Се гледаме секој ден. Мојата партија дава полна поддршка на досегашната работа, на сето она што го прави господинот Андов. Ние го окарактеризиравме како човек многу сериозен и многу стрплив и издржлив. Ние видовме дека овде над него се врши тортура а тој мора да молчи и мора да нивелира односи и тн. Крајно стрплив човек и тоа треба да му го признаеме. Било кој од нас да се најде на негово место, богами ќе попушти, ќе ја изгуби контролата.

Заради тоа, мислам дека се неосновани инсинуациите што се овде наведени. Незнам дали само господинот Арсов мисли така. Веројатно целата група или дел на групата. Меѓутоа тоа е дело на вашата чесност да бидете храбри да поднесете нешто што е добро. Да кажете дека е добро, барем еднаш.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Пред се би сакал да му се заблагодарам на господинот Фаик Абди за убавата беседа, мислам дека е промаши темата, добро не е битно. Не можам а да не се сетам на насмеаното лице на експремиерот на некогашната Сојузна Влада, на некогашната Југославија и екслидер на Реформските сили во бившата СФРЈ Анте Марковиќ и неговиот назначен а неизбран лидер на Реформските сили во Македонија господинот Стојан Андов. Слоганот од нивното преизборие "Македонија во Вашите раце, придружете се", беше мамка за многуте чесни македонци кои го дадоа својот глас за оваа увезена партија и кои беа излажани со ветувањето за економската благосостојба и просперитет на нашата Република. Место благосостојба не очекува глад и пустош во економијата која се повеќе е евидентна и не е далеку денот кога место благосостојба имаме сиромаштија можеби слична на Албанија. Би сакал да грешам, но, недај боже слично со некоја Африканска земја. Но, не сакам да навлегувам дали исправно постапиле или не, но надежите во ништо не им се исполнети. Впрочем исто е и од толку фалениот слоган од многуте слични на реформистите "само ние невозможното го правиме возможно". Би се сложил само во овој слоган само со зборот "невозможно", но невозможното стана реалност т.е. штедачите на девизите од нашата Република можат да стават крст на своите штедни влогови. Слетствено, во овој смисол беше оправданиот митинг одржан во Битола на 21.03.1992 година организиран од страна на штедачите на девизи, впрочем сумата од 949 милиони долари од македонските штедачи и не е толку мала за да може да се избрише или поклони. Вистинскиот избор, слоганот од предизборната плаката, господинот Стојан Андов, лидер на Македонските реформисти стана погрешен избор е избран за прв човек на првиот Македонски

повеќепартиски парламент, но без гласовите на ВМРО-ДПМНЕ што тој толку често знае да го потенцира.

Бивш амбасадор на некогашната СФРЈ во Ирак, личен и близок пријател на диктаторот Садам Хусеин, како што господинот Андов често знаеше да изјави. Човек кој го задолжи македонското стопанство со огромна сума долари негативно салдо. Господинот Стојан Андов како македонец не испрати никаков сигнал дека тие пари Ирак никогаш нема да ги исплати на Република Македонија, а војната во заливот се наѕираше. Не е неважно да се каже дека во Ирак остана сиот алат и целата механизација од сите македонски претпријатија кои таму работеа, а според кажувањата на очевидци само поради тоа што господинот Андов како амбасадор од СФРЈ во Ирак не беше таму за да ги заврши основните визно-пасошки формалности за кој бил надлежен само тој. Но, не е мое да судам и да пресудувам тоа треба да го направи македонската правна држава, а можеби и историјата.

Би се навратил на она што денес е на дневен ред и што е најважно за македонската држава, на работата на Македонското Собрание како највисока институција во државата и нејзиниот прв човек претседателот на Републичкото Собрание господинот Стојан Андов, ревносен ученик од старите болшевички времиња кои ги поминал скоро сите можни функции во Републиката и пошироко, а денес е претседател на првиот повеќепартиски Парламент во Македонија. Но, можеби ова не би било толку важно, ако господинот Андов еднаш засекогаш свати дека ова не е веќе ЦК на СКМ туку дека е прв човек на првиот повеќепартиски Парламент и според тоа така да се однесува.

Впрочем, повеќе од очигледно е дека старите болшевичко диктаторски манири и однесувања не се заборавaат толку лесно на што сме сите свидетели, а неговите гафови и дубиози се приказна за себе.

Во контекст на гореизложеното би потенцирал повеќе примери во врска со работата и водењето на седниците од страна на претседателот на Собранието господинот Андов. Еве еден таков гаф од многуте слични од арсеналот на господинот Андов, цитатот гласи: "Чекајте бе госпоѓате Димитрова сака пак" изречен ноќта меѓу 18 и 19 септември, ако добро паметам, а во врска со барање на одговорноста на веќе покојниот министер за внатрешни работи Јордан Мијалков. Што сакал да потенцира со оваа реченица само тој може да ни каже. Но очигледно е дека многу е невкусно и недолично за еден претседател на Собрание кој треба да е пример за однесувањето на парламентарците.

Аверзијата што ја покажува према пратениците на ВМРО-ДПМНЕ е повеќе од очигледна. Примерот со прекинатата седница кога демонстративно ја напушти собраниската сала, а само тој знае зошто, забележувајќи на пратеникот Стоиле Стојков дека е дрзок, затоа што истиот пратеник со право го обвини дека манипулира со Собранието. Мојот пример е повеќе од очигледен, а се работеше за оставката на Љупчо Георгиевски. Без да ме сослуша ми рече да ја напуштам говорницата забележувајќи дека моето излагање не е во контекст на оставката на господинот Георгиевски. Значи господинот Андов е видовит штом може да ги чита мислите на пратениците, особено од ВМРО. Па нема воопшто потреба да дискутираме.

Најочит пример дека манипулира со Собранието е примерот со член 1 од Уставот на Република Македонија, а предложен од пратеникот на Реформските сили Наум Симјановски, кој после усвојувањето идниот ден е поништен исклучиво по заслуга на претседателот на Собранието, а по директива на некоја повисока инстанца. Своеврстен преседан во повеќепартискиот систем за такви и слични намерни грешки во демократските земји сами си поднесуваат оставка. Ова е пример на демократија по комунистички терк. Впрочем партиските школи од едноумието не ги учеа да поднесуваат оставки туку уште поцврсто да ја зграбат власта во свој раце.

Примерот со паузите се приказна се себе. Најочит пример со седницата од 10 јануари која се очекуваше со големо интересирање со оглед дека на дневен ред беше расправата за спроведување на референдумот на т.н. политичка автономија на Албанците во Македонија. Македонскиот народ и граѓаните на Македонија очекуваа да ја чујат вистината за меѓунационалните односи и безбедносната ситуација, но кога требаше да се расправа отворено за сите проблеми по предлог на пратеникот од ПДП Мерсим Положани да се прекине расправата господинот Андов кој одвај чекаше таков предлог даде пауза. Бидејќи таа практика на паузи се покажа делотворно не беше тешко да се претпостави што ќе се случи. Расправата се прекина а 40-тина пратеници иако пријавени не ги изнесоа своите видувања.

Во контекст на гореизложеното симптоматично е што пратеничките прашања повеќе седници по ред не се поставуваат.

Симптоматично е исто така посетата и престојот во Трст како прв човек на Македонското Собрание, но и како партиски лидер.

Може ли овде да се слушне дали овие две функции се споиви една со друга, посебно на меѓународен план и колку таквата презентација има вистински придонес за меѓународното признавање на Република Македонија бидејќи повеќе од сигурно е дека таквото престојување во Трст со сите државно статусни симболи на Република Македонија претставува податок за анализа во време кога Македонија се стреми кон меѓународно признавање.

Советувањето во Трст на новите демократи според господинот Андов е собир на партиите од левиот центар на 14 Европски земји. Политичката конструкција е поставена во директна спротивност на другите со различна партиска опција. Се прашувам, зашто леви партии, кога довчерашниот нивни лидер Анте Марковиќ изјавуваше дека Реформистите се наоѓаат подесно од центарот. Би требало исто така јавно да се слушне, а за повеќе партизмот тоа е основен услов дали сите од нашава Република во Трст сме биле претставувани како реформисти и либерали. И, најглавното какви се постигнатите резултати во функција на генералните активности околу меѓународното признавање на Република Македонија.

И уште едно принципиелно прашање, кој го плати и по чиј предлог или покана е реализиран патот во Трст. И на крајот остана претседателот на Собранието да одговори на овие прашања и да ги сноси можните последици од досегашната своја не така успешна работа како прв човек на Собранието.

Во контекст на сето горе изложено исто би го потсетил господинот Андов на неговите гримаси, исмејувања, дофрлања, досетки својствени само на него, прекинување во излагањето и тоа исклучиво

на пратениците од редовите на ВМРО, шепотењата со секретарот и коментарите со истиот за некои пратеници на ВМРО се повеќе од ниског. Не знам дали е свесен дека телевизискиот аудиториум е свидетел и слушател на сите негови јавни и тајни коментари.

Пред овие непобитни факти, останува одлуката што сам треба да си ја донесе и да си поднесе оставка на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Искрено да ви кажам не сакав да стана денес. Извинете не сакам никого да напаѓам, никого да навредувам, но кога еден народ е увреден , а сум дел од тој народ морам да кажам неколку зборови. Јас малку поинаку ги гледам работите. Ми се чини на првите седници на Парламентот јас реков дека можеби дека не е никој крив или сме сите виновни, а повеќе вината ја фрлив врз системот кој беше. Системот нормално си остана ист, а и ние по некој начин сме тие какви што влеговме во Парламентот. Сватете луѓе дека системот нормално раѓа такви плодови какви што ги дава самиот систем, а сега таа една моја метафора така размислував и сега моментално ја пишував, а народот сака или не сака тој плод горчлив или отруен ќе го јаде. Значи страда народот. Меѓутоа, тоа што е така е така.

Се сеќавам на некои зборови нека ми прости господинот Фаик што рече дека не сака никој да биде поголем македонец од македонецот. Меѓутоа, јас, не заборава господин Фаик, за жал јас не заборавам, и вие сите не заборавате. Истиот тој господин Фаик не знам ни на која партија припаѓа нека ми прости, дали е на либералите, на комунистите, на БМРО, на социјалистите, не знам на која

партија затоа што самиот си ги меша работите. Работите и исказите. Од ова место кога сите ние викавме дека се распаѓа таа Југославија, дека залудно гинат нашите деца на фронтовите и греота е дека ги носат во ковчези и за жал уште ги има таму, истиот тој Фаик од ова место рекол вака: "Децата треба да ја бранат Југославија и ние ќе дадеме 15 илјади бабачиња". Фаик, прости ми, ама јас сум искрен и не заборавам, не можеш да ми кажеш, ништо не можеш да ми кажеш и една работа Фаик ќе ти кажам една метафора стара, тебе ти се обраќам лично и запамти со туѓи перја да не се китиш, затоа што птица што ќе стави други пердуви таа лесно се препарира. Ние не сакаме или сакаме да се вреѓаме сами, но пази една работа, јас ти реков, треба да пазиш дека тука внатре постојат повеќе партии во овој Парламент и напаѓајќи некоја партија, човек се напаѓа самиот себе, затоа што на некој начин ти си тука наш колега.

Расправијата околу тоа како се однесуваме ние и како се однесува претседателот на Собранието тоа е лична и деловна работа на Собранието, на пратениците. Не можеме ние тука сега да браниме или да напѓаме некого без аргументи. Не можам јас тука сега да го фалам Фаик, а утре да го напаѓам, тоа не може да го направам, затоа треба да бидеме достоинствени затоа што сме луѓе избрани од луѓе, од народ и секој збор од нас народот треба да го стави на вага. Така Фаик? (смеење во салата).

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, вие обратете се на Парламентот, а не на поединци.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Фаик побара нов избор. Истото го направи и господинот Крстевски. Јас ве убедувам од ова место, јас сум и малку видовит јас еве и пак ќе кажам, не дај боже да дојде до нови избори, народот е најголемиот судија. Ние не сме сите цвеќе за мирисање, така ние не сме цвеќе за мирисање, меѓутоа, тука има и многу добри, многу паметни луѓе, така, што навистина ја сакаат оваа земја, ја сакаат искрено, затоа што се достоинствени и затоа што сакаат да му помогнат на овој народ. Јас на пример не можам да ја сакам денес Македонија, а утре да ја сакам Грција, па друг ден Бугарија, а по друг ден да ја сакам Србија итн. Јас си останав ист како што ме создаде ова поднебје и тоа треба да се цени без разлика на која партија јас и припаѓам.

ФАИК АБДИ:

Излегов колку за адет. Да му реплицирам малку на уважениот колега пратеник, господинот Митко Анастасовски. Јас од оваа говорница едно време реков, заради тоа што некој рече "ајде дај ги твоите од Шутка во војска", јас реков дека таму во Шутка има најмалку 15 илјади бабачковци кои што се подготвени да бидат војници и што не знам, уште што. Јас и сега викам дека се спремни 15-16 илјади момчиња за оваа Македонија да прават се она што ќе прават сите други граѓани на Македонија и ако господинот Митко Анастасовски мисли дека Фаик се кити со туѓи перја, јас не знам за кого би требало да важи таа поговорка. Јас признавам дека народот е најголемиот судија и кој најмногу изрекол навреди и се навредил и испаднал не знам како да речам од оваа говорница народот

знае, и овде колегите пратеници знаат, би ве молел, јас зборам од аспект на мојата партиска припадност, од аспект на државата на која и припаѓам и ако некој смета дека јас се китам со туѓи перја заради тоа што не сум Македонец по род, нека ми каже, јас сум спремен на таа линија да разговараме, меѓутоа, едно е многу важно господине Митко, човекот може да се декларира себеси како човек само до оној степен доколку е степенот за неговата осознаеност за неговата општествена положба во општеството, а јас многу убаво ја знам мојата општествена положба и немам што понатаму да речам.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Почитувани пратеници, јас сега седејќи тука па се потсетив на една моја дискусија уште во почетокот кога ние започнавме таа парламентарна расправа до овој Парламент и кога првите искри на судири стаа во Парламентот, јас верувам дека многумина од вас се сеќаваат дека станав и кажав дека во парламентарните земји со долга традиција на демократија спрема претседателто на Собрание сите пратеници, па и сите во парламентот па и граѓаните се однесуваат со едно почитување, со едно уважување, со една чест.

На тој начин се сочувува угледот на претседателот на Парламентот, а преку него и угледот на пратениците и на државата која тој ја застапува. Нормално претседателот на парламентот и тогаш кажав, а и денеска ќе кажам, е тој кој што најмногу треба да се залага да се работи спроед Уставот и според законите кои произлегуваат од тој Устав, успешно да го води парламентот и под еднакво спрема сите да се однесува, затоа што со неговиот избор  му престанува и неговата политичка припадност на било која партија. Јас тогаш тоа го кажав не заради претседателот на Парламентот, туку го кажав заради сите нас и ради интересите на нашата држава за кое што уште во почетокот се определивме да ја направиме суверена, самостална али во исто време и угледна држава, во светот, која ќе биде почитувана. Видите,ние во парламентот започнавме да ја учиме азбуката на демократијата.

Ние дојдовме од едно време во кое што сите живеевме и растевме и во кое време градевме едни други односи, дојдовме тука во овој Парламент со различни сваќања, различни идеи, различно ниво на култура, однесување, итн. Не беше така лесно да се воведе тој Парламентаризам и да започне тој да функционира онака како што функционира во оние земји во кои што има длабока традиција. Сигурно, тие болести и тие парламенти ги доживувале,меѓутоа, јас мислам дека во една

таква колоритност, различитост, а јас еднаш и реков дека богатството на овој парламент е во тоа што ние имаме по разни прашања различни ставови и на крајот доаѓаме сите заеднички до една одредена цел. Сепак, многу успешно претседателот на Парламентот успеваше и низ такви бурни настани и различитости да го доведе Парламентот, седниците на Парламентот до крај и ние да донесеме така значајни одлуки какви што донесовме во овој парламент. Сега се поставува прашање како тоа да ние толку многу значајни работи доенсовме во овој Парламент почнувајќи од Платформата, Декларацијата, Уставот, огромен број на системски закони, овде отворивме едни многу демократски односи какви што прилегаат на едно демократско општество. Како тоа сепак да доаѓа до така покрупни судари помеѓу високото политичко раководство и нас како една средина овде во Парламентот. Јас имам тука некои свои размислувања и некои свои оценки. Тие размислувања и оценки не се вперени ниту против поединци, ниту против некоја партија и ако некој случајно во тие мои размислувања и оценки се најде себе си, јас му гарантирам дека тоа може да биде само случајност. Погледајте вие дека вакви изразувања со многу гнев, со многу омраза, со многу егоизам, со отсуство на едни цивилизаторски однесувања итн. се присутни во средини кои што воглавно се примитивни средини. До ваков заклучок јас не сум дојден, туку секој до нас може да дојде ако малку повеќе размислува, па до таков заклучок доаѓа и народот, но со тој проблем се бави и науката, психолозите, психијатрите, социолозите, историчарите и тн. И тие доаѓаат до тој неприкосновен заклучок дека вакви појави, вакви однесувања, ваква агресија е присутна во оние средини во кои што нема демократија, во кои што не се почитуваат правата и слободите

на луѓето, во кои што не владеат пазарни односи, затоа што сето тоа е едно со друго поврзано и средини кои што се воглавно недоволно цивилизаторски издигнати. Тоа е заклучок и на науката и ние едни такви појави не можеме да сретнеме на пример во Франција, во Финска, во Велика Британија, Америка и тн., каде што тоа ниво на цивилизаторско однесување е многу поголемо и оној слоган и онаа мисла дека "човек на човек му е волк" и дека кај човекот како најсложено животно постои тој нагон на поединечно уништување и масовно ние и во поблиската и во подалечната историја имаме такви големи примери, па дури се оди и во садизам. Ние имаме и случаи што беа во Индија, па и оваа заливска војна, па се она што се случуваше во Југославија со огромни жртви итн. За да ние излезуеме од такви рамки ние мораме да извршиме трансформација на својата свест, на својата култура, на своето однесување. Колку тоа побрзо ќе го направиме, колку ке излеземе од тие основи, толку побрзо и ние овде ќе внесеме демокатија, ке внесеме едно цивилизаторско однесување и ке се издигнеме над таа средина и толку повеќе ние ќе делуваме нашата нација и народи исто така да ги прифатат тие начела. Јас мислам дека во тој поглед секој од нас мора во својата свест, во себе да изврши трансформација и промени итн.

Еден друг елемент кои низ овие целокупни наши однесувања, пак да кажам кои не се така на ниво на една култура, на ниво на еден цивлизаторски народ е и случајот  да ние некогаш свесно, а некој можеби и несвесно им служиме на снаги кои се деструктивни или кај нас во земјава или, на снаги кои се надвор од нашава земја. Јас во една прилика кажав дека ние сме една мала дражава, но, опколена исто така со мали држави, но кои имаат големи амбиции освојувачки.

Ниедна од нашите околни држави не е заинтересирана Македонија да биде економски силна земја, да биде независна, да биде јака, да биде политички стабилна. Нека каже некој која е од тие земји што не заокружува во тој поглед има некои длабоки разбирања за нас, некои таквинастојувања да не подигне, да не стабилизира да ни помогне итн. Нема таква земја. Вие знаете какви стратегии и тактики се прават во разни центри, да не кажам разузнувачки, јас и не измислувам непријатели, ниту внатрешни ниту надворешни, туку јас разговарам од една логистичка анализа кои со многу вешти, со многу мудри, со многу аналитички решенија одат на дестабилизација на поедини реони. Вие гледате што се случи во светот, како падна една од најмоќните воени сили во светот Советскито Сојуз, се што се случи со Варшавскиот пакт. Ние сме една ситна консеквенца во еден многу широк сценарио во еден огромен филм, така што некогаш несвесно, а можеби има некој кој тоа и свесно го спроведува, се оди на тоа низ дестабилизирање на главните полуги на системот, на општеството, а тоа се воглавно тие високи политички раководства, или пак да се забијат клинови во Парламентот и на тој начин кога ке се урнат тие столбови на кои што ние почиваме како општество, тогаш многу побрзо ке се постигнат целите кои што се поставени и ќе се лови во матно. Јас мислам дека ние сите во тој поглед мораме да бидеме претпазливи, некој повеќе, некој помалку со своето однесување придонесува за такви однесувања со меѓутоа нашата претпазливост да ги спречиме таквите настојувања може само да ни допринесе ние полека да почнеме да излегуваме од ваквите тешки состојби политички и економски во кои се наоѓаме, па ако сакате и безбедносни. Јас мислам дека ние треба да ги напуштиме овие меѓусебни навредувања, меѓусебни пресметувања оваа агресија. Дајте ние да се зафатиме со многу важни проблеми кои стојат пред нас.

Мене многу ме радува кога гледам поедини пратеници и од ВМРО веќе почнуваaат економски да разнмислуваат кога почнуваат да поставуваат предмет на расправа овде во Парламентот економски прашања. Јас имав прилика тоа да го слушнам и од господинот Митко Анастасовски а имав прилика тоа да го слушнам и од други пратеници. Ние во тој поглед ако успееме да ги анимираме и другите колеги ние што побрзо ќе ги решиме економските проблеми, толку побрзо ќе почнеме да излегуваме од оваа кризна ситуација. Ние би требало да се соединиме. Јас тоа не еднаш сум го рекол, не по вера, не по националност, туку сите, затоа што наш заеднички интерес е да имаме стабилна економски силна држава и дајте во тој поглед да дејствуваме.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, можеби на почетокот ако го замолевме претседателот на Собранието, бидејќи точката на дневниот ред се однесува токму на утврдување на одговорноста за неговата работа да го замолевме да го води првиот потпретседател на Собранието како што наликува на демократската постапка и се надевам оваа точка е доста  непријатна за самиот претседател, немавме да бидеме доведени во ситуација говорниците, парламентарната говорница да ни држат  со часови  морални поуки и веројатно претседавачот ќе ги прекинеше, туку ќе се навратевме, ќе се задржавме на самата точка на дневниот ред.

Што се однесува до претходните излагања јас сметам

дека е општо позната работа дека во недомократските средини различното однесување и мислење се смета за агресивно однесување кое што треба да се контролира. Јас се надевам дека мнозинството од пратениците така не мислат и не би се согласиле со овој став.

Што се однесува до точкаа на дневниот ред исто така е познато дека во земјите со долготрајна демократска пракса премолчено се спроведува правилото кое што е резултат на парламентарната култура и на демократската свест. Имено доколку една парламентарна група нема доверба во претседателот на парламентот, тој да се повлече од таа функција. Кај нас за жал додека заживее една ваква пракса ќе имаме такви примери кога една парламентарна група предлага поставување на точка на дневен ред, изласување на доверба на претседател на Собранието да се ангажираат сите собраниски служби да се спроведуваат сите возможни притисоци за да се оневозможи изгласувањето на недоверба. Во прилог на евидентните манипулации на нашиот претседател воочуваме дека од голема помош му беше и ќе му биде непостоењето на нов деловник на Собранието кој што за цела година и нешто повеќе од конституирањето на повеќе партискиот парламент беше попречувано неговото донесување, имено, се со цел да може да се лови во матно. Зошто го велиме тоа. Затоа што стариот деловник на кој што свикнал нашиот претседател овозможува достатно простор за манипулации. Нашата јавност одамна ги има нив воочено, така што тие си добиле и свое место како анегдоти во новокомпонираниот плуралистички македонски фолклор. На пример според стариот деловник парламентот не е во постојано заседание, а според новиот Устав кој што е донесен уште во ноември, парламентот е во постојано заседание. Така според стариот деловник претседателот на Собранието не сноси одговорност за несвикување на седниците, а додека спроед Уставот би требало да сноси. При таква законска регулатива застарена, ама некому му одговара  да ја спроведува, седници не се

свикуваат цел еден месец, а некогаш и два месеци, па дури и во услови на мошне интензивни промени на системот и поставување на теме лите на новата држава во Европа, самостојна Република Македонија. Да се потсетиме, живееме во услови на хиперинфлација, опаѓање на жив ниот стандард на граѓаните, немање на сопствена валута, доцнење на системските закони и да не набројувам понатаму. Во сета оваа ситуаци ја претседателто Андов си е сосема комотен, си се чувствува удобно и лежерно како да нема сериозни проблеми. Со овој безграничен цинизам длабоко ги навредува чувствата и достоинството на македонските парламентарци, но и на целата македонска јавност. Со еден збор претседателот на Македонското Собрание го игнорира членот 66 од Уставот на Репбулика Македонија без да има на ум дека за тоа треба да сноси лична одговорност. Дотолку полошо доколку тоа го прави свесно и со само нему позната цел. Но, сега настапи крајот на нашето трпение, дојде мигот да се побара објаснување за своеволното однесување на претседателот на македонското собрание и тоа сега на оваа седница. Во членот 66 од Уставот на Репбулика Македонија што Собранието е во постојано заседание. Иако пред донесувањето на Уставот на повеќе барања на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, па и на други пратеници за свикување на итна седница во сообразност со Деловникот доставен е и писмен предлог претседателот Андов не ни одговори ниту писмено ниту усмено. Најдрастичен пример е едно од поновите барања од пратеничката група за свикување на вонредна седница со точка на дневен ред: состојбите во аграрот. Овој предлог беше мотивиран од претстојните сеидбени работи во кое што како

што разбравме од протестот на земјоделците не достигаат семенски материјали. Со какви последици ке биде оваа неспроведена мерка можат да проценат самите граѓани. И ова барање ја доживеа судбината на повеќето барања и иницијативи на ВМРО-ДПМНЕ да не биде удостоено ниту со усмен, ниту со писмен одговор. Иако сме најбројна парламентарна група наместо одговорот да го добиеме таму каде што е редот во Парламентот, бевме информирани преку средствата за информираше дека таканареченото Претседателство на Собранието се состанало и решило дека не може да се свика седница затоа што Владата не ги доставила предвидените законски акти. Колку што ни е нам познато во член 66 од Уставот не е предвидено никакво претседателство, туку има претседател и потрптседатели што значи претседателот за да ги сокрие своите манипулации промовира некакво непостоечко и не уставно претседателство, така што сите се одговорни, но никој не одговара. Но не говориме за многу одлуки што ги донесе претседателот на Собранието повикувајќи се на божемното Претседателство, оправдувајќи се дека се работело за помалку важни работи во споредба со некои други. Така беше "оправдано" одењето на делегацијата на нашето Собрание на преговори со делегацијата на српската скупштина во Охрид. Во тој ред на примери секако влегуваат посетите на некои Европски земји при што е наполно нејасно како е формирана делегацијата во која учествуваше и Димитар Мирчев претставник на коалицијата реформски сили - Либерална партија и младиот демократски сојуз. Нашиот претседател на Собранието иако беше претседател на Уставната комисја и со самото тоа треба добро да го познава уставот и одредбите. На пример треба да знае дека функцијата претседател на Собранието на е сообразена со вршењето на други јавни функции, во таа смисла и на функцијата претседател на политичка партија. Наименуваниот што ни е на сите познато од средствата за информирање во својство

на претседател на Либералната партија присуствуваше со државен авион и на државна сметка во Трст на Собирот на Европските либерали. Таму во асистенција на бившиот министер на бившата Југославија Будимир Лончар и бившиот член на Претседателството Васил Тупурковски се обиде да закаже и да реализира неформална средба на челните луѓе од неповратно уништената федерација. За среќа и господинот Андов и Тупурковски не успеаа во своите антимакедонски намери. Треба ли повеќе аргументи за да се утврди одговорноста на еден вршител на толку одговорна функција за да ни стане јасно неговото континуирано спроведување на самоволије и кршење на законските норми.

ДОСТА ДИМОВСКА: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што се однесува до прашањето за демократијата, на сите ни е исто така општо познато дека еден од првите услови за меѓународно признавање на Република Македонија е токму постоешето на демократија и демократски промени на Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Ештреф Алиу.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата и министри, почитувани пратеници,

Излегов на говорница за да признам дека се чувствувам неспособен да воспоставам врска со начинот на кој се води денешната расправа за конкретната точка поставена на дневен ред. Кога би се работело за било која друга личност, со право би побарал да бидам ослободен од оваа сала и да не пируствувам на ваков начин на водење на расправа со едно вакво ниво, без преседант, заправо во тие земји, во таа демократија, во таа Европа на кои дискутантите се повикуваат, а секојдневна пракса е во нив и во оваа парламентарна сала, за жал на сите нас и сите граѓани на оваа Република.

Господа, мене лично на Ештреф Алиу, ми е потребен, ми е нужен дијалогот со сила на аргументи. Никаква философија, никакви предрасуди, никакви оптужби врз партиската припадност, врз партиски троаголник, врз позиција на тој и тој. Лично не чувствувам потреба ни најмалку да го бранам мојот претседател. Ценам дека него го брани неговата стручност, неговата способност, неговиот

докажан професионализам досега во водењето на сите седници, до оваа 35-та на ова Собрание на Република Македонија.

Ценам дека најмалтретираниот меѓу сите нас, без можност на компарација, беше токму претседателот. Јас му завидувам на ширината, на трпеливоста, на одмереноста. И мислам дека би требало малку секој од нас да се гордее дека се работи за еден професионалец во овој наш балкански непрофесионализам, и во оваа наша држава, каде што научивме само да редиме зборови, да вперуваме стрели еден против друг, да го потценуваме најблискиот до себе. Тука се работи, до колку ќе успеав да воспоставам дијалог, јас ќе можев со пратеничка група подобро да се расправам. Но, признавам досега не сум во можност, има искри, има обиди. Последниот дискутант подвлече некоја паралела, но сепак, сепак, апелирам до сите да водат сметка, малку поодговорно кон јавниот укажан збор. Мора да сфатиме дека другиот веднаш по него ќе побара аргументи. Ако тие не му се при рака, тогаш што правиме. Засега толку. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Панче Минов.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Во услови на парламентарна демократија сосема е нормално поднесување на Предлог за утврдување на одговорност и разрешување на носител и на највисока државна фуннција.

Меѓутоа, од формална страна, конкретниот Предлог по својата обемност воопшто не одговара за значењето на функцијата за која се однесува, а содржински е многу начелен со наведување на причини без докази и аргументирана убедливост, употребени на погрешна локација, односно истите се однесуваат пред се на подносителите на предлогот. Имвно, атакциите врз парламентарната демонратија најповеќе ги вршат баш подносителите на Предлогот и тие во најголем број

случаи се причинители на блокади во работата на Собранието, бидејќи најчесто не се придржуваат или изразуваат неспремност за претходно меѓупартиско парламентарно договарање, како и непочитување на одредбите на Деловникот на Собранието за свикување и утврдување на Дневните редови на седниците континуирано барајќи монопол во овие, инаку, надлежности на претседателот и на Собранието.

Во однос на наводите во Предлогот за блокадите, самоволијата и игрите на претседателот на Собранието спрема предлозите на пратеничната група на ВМРО-ДПМНЕ за свикување на седници и поставување на прашања во дневните редови, како одговор, мислам дена е доволно само да се објасни дека Собранието како Законодавна власт, временски, претежно одржува седници кога ќе се изготват и пристигнат за одлучување пред се Законски прописи, поднесени од овластените предлагачи со претходно разгледување, во собраниска процедура и претресени во работните тела и Владата, ако тоа не е предлагач, како и прашања на утврдување на глобалната политика во Републиката за што зазема начелни политички ставови. Барањата од страна на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и некои други пратеници за почесто свикување на седници на Собранието по прашања од дневен актуелен политички карактер не се издржани од аспект на надлежноста на Собранието туку се во доменот

на разрешување на Извршната власт или треба да бидат предмет на партиско делување со членови и бирачи, бидејќи по нив на Собранието ништо стварно не се одлучува и битно решава, освен јавно манифестирање од собраниската говорница на различните партиски политички гледања од кои ефектот е меѓусебно политизирање и преголемо партиско вонинституционално оптрварување на работата и одлучувањето на Собранието. .

Констатацијата дека ретките и на подолги периоди свикувања на седниците на Собранието се причина за праксата на постојани проблеми при утврдувањето на дневните редови е неточна, бидејќи постојаните пробивања на предложените дневни редови ги прават баш критичарите за виновноста на Претседателот на Собранието за проблемите во утрврдувањето на дневните редови со цел свесно и смислено да пробутнат низ "мала врата" без претходно организирана редовна собранисна процедура на претресување на инаку многу значајни прашања и анализирање на целокупните последици по исходот на одлучувањето во Собранието по тие прашања. Така на пример некои од тие прашања беа инсистирањата на предлозите за донесување на политичко-декларативни одлуки за отцепување на Републиката без претходно одржување на Референдум за изјаснување

на граѓаните на Републиката во остварувањето правото на самопределување и без усвојување и прогласување на новиот Устав на суверена и самостална Република Македонија потоа недоговорното расчистување на односите со Армијата, кои можеа да имаат катастрофални безбедносни последици за граѓаните во Републиката, додека пак барањата за свикување на итна седница по Заклучоците за Аграрот во отсуство на прифаќање на мерките од заклучоците од страна на Владата која ја цени и нивната надлежност за нивно спроведување, условување на присуството на седницата ако не се на дневен ред законите и материјалите за аграрот, без одржуваве на редовна собраниска процедура, како и институрањето и разгледување на донесување на Програма на мерки за социјално загрозеното население и повторното вработување на работниците кои останале без работа заради технолошки вишок и стечај, кога се уште не е донесен Буџетот на Републиката како извор на финансирање на истите, претставуваат само игри со актуелните расположенија и заинтересираност на граѓаните во интерес на теснопартиски цели преку подгрејувањето и искористувањето на помасовни реагирања на незадоволства, социјални немири и хаосна состојба за рушење на власта и раководната структура на Републиката.

Предлогот за одговорност и разрешување на Претседателот наСобранието претставува во суштина почеток во замислениот јавно отворен процес на борба за власт од страна на подносителот на Предлогот чија крајна цел е сменување на постојното раководство во Републиката во услови и време кога е неопходно политичкото единство во Републиката.

Меѓутоа, се покажа навистина исправноста на досегашната официјална политика на званичните органи што ја водат Републичкото раководство што значи и претседателот на Собранието на релативно постепено, но со гаранција на мирот осамосталување на Републиката со спроведување на Референдумот, прогласување на новиот Устав, договорно напуштање на територијата на Републиката на Армијата и отпочнатиот процес на меѓународно признавање со се поголеми реалности во поскоро време за пошироко меѓународно признавање на Република Македонија.

Исто така, покасното, но усогласено со Владата, усвојување на Заклучоците за Аграрот од Собранието, а не кога се форсираше свикување на итна седница имаат далеку поголем интерес за земјоделците бидејќи Владата на посебна седница ги прифати мерките содржани во нив како надлежна за нивно спроведување, што им дава на истите реалност, а по спроведената собраниска процедура, законите и материјалите од аграрот, нормално ќе се разгледуваат од Собранието.

Личнно'сум сведок за непосредното ангажирање и заложба на Претседателот на Собранието во својство на пратеник од општина Кавадарци во изнаоѓањето решенија за реализација на актуелната мерка во Заклучоците за аграрот за исплата на зголемена откупна цена на земјоделските производи за 50% во смисол на третирање на оваа прашање од взавмен интерес за откупувачко - преработувачките претпријатија и индивидуалните земјоделци од аспект на обезбедувањето за нив поповолни средства за извршување на пролетните работи во земјоделието, со водење сметка за рентабилитетот на земјоделските претпријатија и вклученост на Владата во заедничко решавање на проблемот.

Една од причините наведена во Прегледот како критика упатена на Претседателот на Собранието дека врши насочување и влијание при одлучувањето по оделни акти и материјали во Собранието која оди дури до квалификација дека со тоа Претседателот на Собранието врши узурпирање на одлучувањето во име на Собранието, фактички е голем комплимент и признавање на квалитетите на Претседателот во раководењето со седниците на Собранието. Тој што губи во смисол на неприфаќање на неговите предлози во конечните одлуки на Собранието не треба да се лути со барање оставки и разрешување, туку можеби е поисправно да го преиспита сопственото делување во правец да не очекува исклучиво Собранието да одлучува како што предлага Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а се друго е неокомунизам или неокомунистичка коалиција

во Собранието и против интересите на Македонија, туку да се смета во услови на постојниот однос на снаги и противречниот по интереси процес на одлучување во Собранието, на што поголем број вградување на сопствените предлози во крајните одлуки на Собранието преку поголем соработка со другите пратенични групи и со самиот Претседател на Собранието.

Наводот во Предлогот за воведување на нова валута во Републиката треба се упати до Владата наместо да се употребува како причина за одговорност и разрешување на претседателот на Собранието.

Во целина земено Предлогот за утврдување одговорност и разрешување на претседателот на Собранието претставува приклучување за разлика од досегашното дистанцирано однесување на Пратеничката група на ВМРО кон и до сега експлоатираните јавни соопштенија, повици и сл., методи на раководството на сопствената партија, кои во својата политичка суштина значат напади на Собранието, за наводната загрозеност и узурпираност на парламентарната демократија и манипулирање со работата и одлучувањето на Собранието за чија апсолутна невистина најмногу кажуваат јавно пренесуваните седници на Собранието а чии политички цели, всушност, се оспорување на легитимноста на усвоените најзначајни одлуки и документи од Собранието за осамосталување и меѓународно признавање на Македонија, што можат да се третираат во истиот арсенал на напади и оспорувања од страна на некои држави на независноста и меѓународното признавање на Република Македонија кои единствено се во функција на борбата за власт, за сменување, најпрво на претседателот на Собранието на Републиката, а потоа и на целокупното републичко раководство и рушење на актуелната официјална политика во Републиката, која до сега има непобитна потврда во досегашното на мирен начин остварено осамостојување на Република Македонија што е масовно поддржано од граѓаните во Републиката и званичните органи на Европската Заедница и отпочнатиот незадржлив процес за нејзино меѓународно признавање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Стоиле Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас мислам дека се работи за една нормална демократска процедура, а тоа е барање за одговорност и разрешување на претседателот на Собранието. Впрочем, во сите демократии тоа постои. Меѓутоа, јас сум свесен дека коалициите се примерени на повеќепартиските системи. Овде гледаме коалиции, нормално и одбраните доаѓаат како што ги слушаме од оваа говорница.

Би потсетил дека Собранието на Република Македонија е во постојано заседание и затоа ако некоја парламентарна група или поединец бара по некои битни прашања што се од интерес за Македонија да се заседава, мислам дека е нецелисходно овде да се импутира дека ете треба да има подготвено материјал и т.н. Па ми се чини дека околу земјоделието, да не излезе дека е реплика, меѓутоа, така испаѓа, Владата самата ни предочи дека има испратено материјал и еве денеска од тие материјали се наоѓа на дневен ред. Мислам дека, слушајќи ги повеќето пратеници овде, добив еден впечаток дека единствен начин да се анулира и на некој начин да се дискредитира нашата партија, а тоа е со разни импутации и подметнувања и т.н., е дека има странско влијание, влијание од надвор, што ти ја знам, особено од поедини челници на таканаречените леви партии. Мислам дека ова се шири уште од предизборието, народот, имаме добар интелигентен народ, па знае уште од кога се импутираат вакви работи, уште од предизборието. Ако се сеќаваме некои написи што повторно се објавуваат во поедини средства за јавно информирање и т.н. Изгледа на некои господа слухот им е послаба страна така да едно децидно барање од нашата Пратеничка

група а тоа е одговорност на претседателот на Собранието и негово евентуално разрешување, со гласање ќе биде, знаете како е во демократските земји, а да го третира дека ете се бара оставка и т.н. што верувам исто и оставката е лична работа на секој поединец ако се чувствува одговорен, најубаво ќе биде тој да си поднесе оставка. Меѓутоа, изнудени оставки имаше само во едноумието. Ние не бараме оставка, туку децидно бараме одговорност и разрешување. Впрочем и одговорноста е основен постулат.

Слушнавме тука за реалните потреби на граѓаните и треба да се расправа. Па, да, али тоа беше и мојот предлог, ако се сеќавате, оваа точка да не биде прва од дневниот ред, туку буквално да расправаме за реалните потреби на граѓаните, а тоа е Буџетот и во сферата на аграрот, информацијата и предложените закони и т.н. Но, бев надгласан.

Видете, кога се бара одговорност од некого, а некој друг импутира дека ете тие што бараат не се компетентни, немаат култура, не се демократични и т.н., мислам дека и тоа не држи, затоа што свесни сме, за тоа и благодарам на телевизијата, дали е култура тоа што во одредени парламенти каде што има 300 годишна традиција, како англискиот, израелскиот, јапонскиот парламент и т.н., гледаме на некој начин како во еуфорија, во една состојба се наоѓаат пратениците и реагираат нормално, како луѓе реагираат пред се, а не дали е тоа работа на култура или е работа на некултура.

Ова мислам е, така тоа се провлекува од едноумието, од тој комунизам, нормално сега во Македонија, јас тврдам одговорно, повторно на некој начин неокомунизмот си добива своја поддршка од разни поедини општински олигархии, републички олигархии, некои

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (Продолжение)

Многу од Ромите немаат леб да јадат, има и македонски фамилии,но такво време е сега меѓутоа, за мене исто така е непримерно еден господин претставувајќи се како нивен водач и така натаму во ново бело одело во исто време да организира во Континентал гозби, балови и така натаму каде што гладни гости беа Газелците. Но двојните аршини се секогаш на цена. Истите господа до вчера се колнеа...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, немојте лични навреди да упатувате од оваа говорница.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас не спомнав име на никого. До вчера се колнеа дека ќе испраќаат деца и без да ги прашаат своите сонародници и така натаму но за тоа слушнавме одговор нема потреба, но знам дека таа партија исто така беше во коалиција со една друга партија, со таканаречената Социјалистичка партија на Македонија, меѓутоа и тука бевме сведоци дека на некој начин некој гласачи реагираа, биле излажани, им велела таа партија ние ќе се бориме за единството на Федеративна Југославија Меѓутоа, камелеонството си е камелеонство, јас ако е во интерес на независна Република Македонија го прифаќам и го поздравувам затоа што треба да бидеме единствени, да се залагаме за единствена и независна Република Македонија, сите, без разлика како мислевме пред изборите и така натаму. Ме чуди само што довчерашните членови на Централниот комитет на Комунистичката партија, сега одеднаш станаа големи демократи и од оваа говорница тоа го почуствувавме, даваат совети како е тоа да се биде во тие земји, кои се со демократска традиција и како таму луѓето се културни, компетентни и така натаму, мислам за мене тоа не е сватливо како може еден човек кој до вчера заговаше

една идеологија, која за жал 45 години однесе и многу наши невини осудени луѓе импутирајќи им ако се бореа за една самостојна држава, импутираше дека ете тие се борат за други цели и тн., но мислам дека тоа во Кумровец се учеше, без разлика што во таа партија членуваа и работници и земјоделци, чесна интелегенција, која мораше на некој начин да биде член на таа партија, бидејќи се добиваа работни места и така натаму, мислам дека тоа не е толку битно. Ме чуди тука еден господин изнесе некои свои видувања, јас тие видувања исто ги прочитав од еден ценет независен новинар во "Нова Македонија", потполно се совпаѓаат, дали на некој начин ги земал и ги препишал не е чудно, или заедно ги пишувале, или ги објавиле претходно во "Нова Македонија" и така натаму. Затоа, да не должам мислам дека луѓе кои како економисти се претставуваат дека се големи стручњаци, јас не сум стручњак по економија но сакам да кажам некои свои размислувања, а беа до вчера стручњаци во договорната економија, а не во пазарната економија, сега од оваа говорница да се однесуваат исто така како социолози, психолози и така натаму, изнесуваат научни согледувања, даваат предлози, како ние да бидеме на некој начин едноумен Парламент. Јас гледав на телевизија кога нашата пратеничка група го напушти Парламентот како тоа си отиде подмачкано со дигање на два прста и тн. Мислам дека такви размислувања од поедини господа кој мислат дека нивните феуди се поим за највисок дострел на демократската мисла со благосостојба на своите поданици, аферим би рекол ништо друго. Такво размислување за мене е непримерно. Затоа уште еднаш сакам да кажам дека одговорност се бара. Дискусиите да си ги изнесеме, да не се навредуваме меѓу себе тоа е постулат. Одговорноста на секоја демократија. Ако нема во демократските општества одговорност,кој е тој тогаш што од некого би побарал оставки или разрешувања и тн.

се за добро на оваа независна држава, сега би рекол македонска држава за продлабочување на демократската мисла и за проширување на демократската мисла на демократските опции во оваа македонска држава.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа,

Да се ослободиме и да не ја врзуваме целата работа и цела стратегија за поедини личности во Македонија и дека тие личности на тапет ќе ни донесат независност, сувереност и да правиме култови од нив. Тоа е најпогрешната политика што може да се води во една држава. Иако до вчера на такви карти игравме и паднавме, тешко се изгоревме, треба оваа нова политика да се гради врз база на она што значи Парламент  и што значи демократија и што значи консензус на една држава. Понатаму сакам да продолжам. Предизвикот на нашето време е своевидна нужност од која нема бегање. Нема импровизации и нема присвојување на било каква власт од олигархиски тип и карактер за да може безрезервно да трае 45 до 70 години. Едноставно речено ние дојдовме на оваа политичка сцена за да си одиме, а не да останеме како неприкосновена власт создадена од бога еднаш и засекогаш. Всушност, ние се определивме како држава, како народ и како нација за еден нов, а сепак стар модел на веќе докажана парламентарна демократија во светот и кај напредните цивилизирани држави, иако веќе се определивме дали таа определба ќе треба секогаш да ја проверуваме да ја контролираме и да ја преиспитуваме во нашата политичка свест и политичка култура, па дури и да ја газиме и гмечиме кога се наоѓаме на позиција како прв меѓу еднаквите, да вршиме супституција на повеќе политички личности и љубоморно егоистички да ја чуваме вештачки создадената политичка моќ и власт која во парламентаризмот воопшто не е позната.

Впрочем на секој избран функционер му припаѓа само толку и толкава позиција и моќ, колку што е утврдено со Уставот и законите. Но нашата стварност е навистина сурова и не оди во чекор со елементарните компоненти и карактеристики на повеќепартиските системи. Ние сеуште сме болни, сакале или не, мораме тоа да го констатираме, ужасно болни од едно партизмот и неговата "феудална" идеологија и сеуште сакаме да градиме култни личности што ќе не водат во нивната имагинација и со нивниот висок степен на подобност и компетентност да го продолжиме векот и опастанокот на комунизмот, т.е. неокомунизмот. Сепак ние се определивме за радикални промени и за нов систем од кој нема враќање и било какви компромиси со олигархијата. Македонија ни припаѓа на сите, но сите подеднакво не резонираме за нејзината самостојност и независност како држава. Сеедно, јас во моментот ништо не сакам да ви предложам и ништо да ви сугерирам, туку едноставно сакам само да изнесам некои аргументи, кои ќе побудат интерес за размислување кај вас.

Прво, сценариото на југокомунистите, трансформирани во реформисти, Антемарковиќи, во Македонија сакаат да ги запоседнат новите позиции при трансформацијата на системот во новите плуралистички односи. Во тој правец најпогоден експонент беше Југословенскиот поранешен амбасадор во Ирак, т.е. сегашниот претседател на Македонскиот парламент. Велам, експонент кој безрезервно се стави на политичката страна која беше погубна за Македонија.

Второ, сценариото продолжи со вториот нов потфат, рушење на преговорите околу конституирањсето на новата власт во Македонија. Повторувам рушење на преговорите околу конституирањето на новата власт во Македонија. Не би бил скромен, ако не кажам дека

на овој степен и во оваа фаза беа надиграни, изманипулирани и отстранети од политичката сцена две македонски ориентирани личности. Лидерот на СКМ-ПДП и Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

Трето, позицијата и пречекорувањето кои претставуваат реален одраз на личноста на претседателот, но во конкретниот случај како претседател на сопствена партија, јасно говорат за неговата политичка култура и недопостулива калкулација саодругите политички партии во Парламентот. Всушност, тука е изгубено од негова страна било каков коректен, достинствен, чесен и совесен однос кон функцијата пратеник и односот кон сеопштата јавност, нејзиното трпение и воопшто за формирањето на јавното мислење во Македонија од истиот. И тоа во тој контекст е осетно негативно во поглед на претседателот на Парламентот.

Евидентен пример за тоа даде и последната 34-та седница на Собранието, во врска со прашањето на аграрот. И сега и во овој момент треба да се даде одговор на манипулацијата и одговорноста за тоа, зошто револтот во цела Македонија се поткрена на највисока точка.

Четврто, желбата за власт и предоминација го прави своето, а доредени компетенции и надлежности на претседателот ги надминаа сите критериуми. Впрочем, бермутскиот триаголник во овој случај се покажува со целата своја таинственост. Еднообразно кажано вклучувањето, директно учество во изборот на министри, заменици на министри е во директна спротивност, со местото, позицијата, Уставот и другите законски надлежности.

Петто, недонесувањето на нов Деловник за работа на Собранието во согласност со новите плуралситички односи во

Парламентот е исто така дел и учество на нашиот претседател, што го сметам за голема несериозност, а воедно и можност по старо идеолошко правило да се донесуваат акти кој се од национален интерес за Македонија.

Шесто, иако некој нависитна треба да се извинува да Еврејската нација, на еврејското лоби кое е најјако во светот а нашата национална судбина е доста слична и идентична со еврејската, тогаш најмногу треба да се извини нашиот претседател сегашен на Парламентот, а поранешен амбасадор во Ирак. Иако Југославија беше јавно опоменета за продажбата на оружје во Ирак, сметам дека амбасадор сигурно знаел или би требало да знае, а тоа беше употребено за агресија врз Кувајт и директен акт со проектили во Израел. Сепак, ние малку резонираме преку овие аргументи за сопствените домашни интереси кои во никој случај неможат да бидат изолирани. Напротив, тие коинцидираат и со оние определби и заложби по кои се движи напредниот свет и западниот, особено САД, како единствен потенцијал и генератор за развој на демократијата и системот што се гради во глобала за целиот свет

ИВАН ИВАНОВ:

Почитувани колеги пратеници, од претходните дискусии стекнувам впечаток за едни искажувања со кои нас некои начин се обидува да се направи ревизија на сето она што беше кажано а за кое ние или поединците не се согласуваме. Мислам дека ова не е добро и ова не води на решавање и квалитет, туку води нас конфронатации, недоразбираша и распаќа и носи лошо на Македонија, на Македонскиот народи националностите што живеат во Македонија, Многу лесно е да се изнесат обвинувања, тешко е

^-

да се изнесат проблемите, а мудро се да се извлечат правилни птези во правото време. Одговорноста за нашето работење треба да постане редовна пракаса, заради тоа што во принцип секогаш ги поддржувам таквите предлози и залагања. Јас исто така имам заблешки на работата на господинот Андов, како претседател на нашиот парламент, меѓутоа, моите забелешки се сосема од една друга природа. Јас му забележувам што тој многу толерантно и широко се однесува на нашето однесување како пратеници кое повеќе пати не е во согласност со деловникот и објективните пторeби и надлежности на Собранието, па поради тоа што работењето на Парламентот е неефикасно по некогаш и непродуктивно, заради што чесот пати седниците се одложуваат или пролонгираат, заради обработка, усогласување на прашања, кои се иницираат пред самата седница, или на самата седница, а поради што се губи многу драгоцено време. Тој мора да биде многу поенергичен, за да го спречи отворањето на расправа по таквите предлози а прашањата да се оставаат за наредната седница, истите да се обработат од Владата, од надлежните ресорни републички органи, а потоа да дојдат во собраниската процедура. Така се работи во сите парламенти на земјите со развиена парламентарна демократија, така се донесуваат акти кои носат квалитетни, зрели и сигурни решенија. Демократијата не се состои во можноста секој што ќе предложи тоа веднаш да се стави на дневен ред, по тој предлог веднаш да се води расправа и дури да се одлучува, а не ставањето на дневен ред на дадените предлози, не може да се смета за блокада на идеите и активности. Напротив, предлозите треба да се уважуваат како што беше и правено и истите да се насочуваат на претходна обработка, а потоа да се пуштат во собраниска процедура и да

дојдат на расправа пред Парламентот.

Што се однесува до аргументие на кој се темели подлогата на утврдување на одговорноста и разрешувањето на претседателот на Собранието, према моите сознанија јас во нив не гледам таква тежина, ниту основа која бара потреба од отворање на вакква, би рекол, многу мачна и би рекол исто така неснослива расправа. Тоа не му служи ниту на Парламентот ниту на нас како на пратеници. Тоа, како што реков и пред малку води на лошо. Најпрво сакам да кажам дека претседателот на Собрането е еднакво со сите нас пратениците кои одлучуваме за се она што е во надлежност на парламентот како и за она што ќе расправаме и одлучуваме.

Второ, прашањата за кои се зборува во предлогот се од посебна сложена и комплементарна природа и нивното успешно решавање не завршува со донесувањето на актот од Парламентот и од волјата на претседателот на парламентот. Тоа се прашања кои зависат од многу внатрешни состојби во Републиката, а може и многу повеќе од меѓународните околности и односи. Ваквите прашања мора да се гледаат комлексно а никако сепаратно, едноставно или базирано на поедини проценки и желби. Ние за ова досега имавме примери од кои можевме во тоа да се увериме.

Јас би си дозволил да кажам ако парламентот се поведеше со некои давани предлози, ние би имале денес уште поголеми проблеми, а положбата на нашата Републиката би била уште посложена како во внатрешните односи, така и во меѓуанродните односи. Ве молам да се послужиме со примерите за некои специфичности и карактеристики на македонското стопанство и поедини карактеристични производи со примерот на раноградинарските производи, кои имаат значаен удел на вкупните резултати на Републиката, односно

од ова производство зависи егзистенциајта на провеќе илјади наши производители. Ова производство е ориентирано кон северните потрошувачки центри. Какви тешко последици би произлегле од блокадата и затварањето на тие потрошувачки центри. Во слична состојба би се нашле и многу други македонски производи. Затоа ние пратеници мора да бидеме многу внимателни, многу содржајни, мора да располагаме со многу релевантни информации пред да прифатиме и одлучиме за такви комплексни прашања. Познато е во животот човекот дека многу храбар и донесува брзи одлуки за работи кои доволно не ги познава, или не го гледа крајниот исход. Да се послужиме со примерот за однесувањето на нашиот просечен граѓанин, за некои здравствени проблеми или манифестации во неговиот живот, а како реагира и се однесува крајно внимателно лекар кои ќе доживее едноставни здравствени проблеми. Морам да кажам во работата на Парламентот се поприсутни се настојувањата да се покаже и да се остави вчетаок за големата загриженсот на македонскта држава, за нашиот народ и да покажеме колку сме поголеми македонци. Луѓето од стопанството поинаку ги гледаат и доживуваат ваквите прашања. Се поаѓа многу поаналитички како тоа ќе се одрази на материјалната положба на нашиот работен човек на претпријатието и на стопанството, а тоа го прави животот. Материјалната положба, економската способност и економската независност на индивидуата, на државата, во целина, а од тоа се даваат поводи за правење на погрешни оценки дали се залагаме за неокомунизам, дали ги оживотворуваме, или сакаме да ги задржиме старите позиции. Ова не е добро, не е во интерес на македонската држава. Впрочем тоа ќе има краткорочни ефекти и длабоко сум убеден дека ова животот наскоро ќе го потврди.

ИВАН ИВАНОВ: (продолжение)

Почитувани колеги пратеници, живееме во многу тешко време, време пресудно за Македонската држава и нашиот народ. Ова од нас бара многу одговорен и мудар однос. Мислам дека не е време за пресметки. Тоа е опасно и ќе не одведе на страна од нашиот пат, од нашата задача, од она што е битно и пресудно за Македонија. Ние и нашиот Парламент сега и во наредните месеци мора да функционираме и работиме многу поединствено, мудро и ефикасно, треба да ги исклучиме пропагандните активности и партиските надмудрувања и нашите недоразбирања. Ќе има време подоцна на време за слабостите, пропустите и злоупотребите кога во една смирена атмосфера зрело и одговорно да одлучуваме, а впрочем повеќето од предлагачите во повеќе наврати, овде се покажува, се обидуваат да го потврдат ова дека поранешните комунисти расправале доцна во ноќта за да донесуваат еднострани и лоши одлуки.

Поаѓам од претпоставката дека намерите на подносителите на предлогот се за доброто на Македонската држава и македонскиот народ и националностите кои живеат во неа. Затоа ги повикувам да го повлечат својот предлог и сите заедно да им дадеме целосна поддршка на нашите републички раководители во нивното натамошно ангажирање освен ако зад предлогот не постојат други намери и цели при што укажувам дека тие би предизвикале тешки последици. Затоа предлагам да не се уважи предлогот за утврдувањето на одговорноста, да не водиме мачна и јалова расправа, да не се непотребно обвинуваме, а разрешувањето на претседателот на Собранието на Република Македонија го сметам, во сегашниот момент, како непотребно, неосновано и штетно по Македонската држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Киро Поповски.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Веќе некој рече дека легитимно право е на секој пратеник, пратеничка група, партија во парламентарниот систем да има право да предлага, покренува одговорност, оставки, преиспитување на секоја функција вклучувајќи ја и функцијата на претседателот на Собранието односно на Парламентот. Бидејќи тој институт на одговорност во парламентарниот систем е значаен инструмент за јакнење на одговорноста за вршење на функциајта на секој функционер согласно уставот, законот и Деловникот кој како задачи му се доделени.

Меѓутоа, покренување на ваков предлог не само за претседателот, туку за било која функција не е прв пат во овој Парламент тоа во практика веќе го имавме за некои членови на Владата. Имено, секогаш предлогот мора да биде сериозен и пред се тој мора да претставува еден одговорен политички чин. Поаѓајќи од тоа ценам дека секој ваков предлог мора да се темели врз објективни критериуми, аргументирана критика која секако ќе ги изрази пред се остварувањата или неостварувањата на уставните, законските и деловните обврски што претседателот на Собранието на Републиката ги има.

Во отсуство на можност да најдам соодветни аргументи во покренатата иницијатива очекував во расправата што е вообичаена практика или стратегија на секоја партија во Парламентот, вообичаено и во расправата на Парламентот тие аргументи да се изнесат меѓутоа, од тие причини задоцнето се јавувам за дискусија, очекував дека вакви аргументи ќе бидат изнесени. Наспроти тоа се покренуваат прашања на програми на партиите во Парламентот, за коалиции во Парламентот, за прослави на годишнина на одредени партии, за војната во Ирак итн. Мислам дека можеме одговорно да изјавиме дека овој Парламент не расправал за војната во Ирак ниту за прославата на

годишнината на ПЦЕР, ниту пак за програмата на една или друга партија ниту за било каква коалиција во Парламентот. Исто така мислам дека овој Парламент не расправал ниту донел одлука за машната што господинот Фаик ја употребил за време на прославата на годишнината на ПЦЕР во Гранд Хотел Скопје. Зошто ова го потенцирам и малку карикирам? Бидејќи тоа ми потврдува дека во отсуство на соодветни аргументи и избдржани објективизирани критериуми се посегнува по одредени теоретски, глобални дури и навредливи расправи за да тој ист пратеник упатувајќи вакви навредливи оценки на поедини партии на крај заврши со оценка дека не смееме помеѓу себе да се навредуваме, дека треба на културно ниво да се однесуваме и тн.

Мислам дека во конкретниот случај работата е многу олеснета благодарејќи на радиото и телевизијата, бидејќи работата на Парламентот како на дланка беше ставена пред целата јавност и секој граѓанин, но она што е битно за секоја партија која има пратеници во парламентот и членовите на партиите што сме овде ќе знаат реално да оценат кој колку придонел и како партија и како пратеничка група, а секој како пратеник вклучувајќи го и претседателот за работата, за ваквата или онаквата работа на овој Парламент, за блокади или не блокади во Парламентот и дека всушност и граѓаните, а пред се нашето членство ќе дадат јасен суд и за работата на нашата парламентарна група односно за секој пратеник кој се наоѓа овде.

Се извинувам што вака начелно сакав на почетокот да кажам, бидејќи ценам дека единствено овој принцип односно овој пристап кој треба да го прифатиме во овие наши расправи, бидејќи мора да се признаеме сите за прв пат стекнуваме искуство од овој повеќепартиски парламентарен живот и веројатно се можни грешки и

во пристапите и во иницијативите кои се предлагаат. Никој не може да оспори предлагање иницијатива, меѓутоа исто така и неприфаќањето на иницијативата е дел од Парламентарната демократија во секоја земја, бидејќи само определбата на мнозинството на Парламентот е всушност за прифаќање на некоја аргументирана критика што се упатува.

Сега конкретно за самиот предлог. Што е непосредниот повод за самата иницијатива, бидејќи јас и како правник го анализирам предлогот, го читам текстот, што е непосредниот повод за самата иницијатива?

Непосредниот повод за самата иницијатива наведени се три основни елементи.

Не свикување на вонредната седница по повод донесувањето на четирите закони од областа на аграрот кои закони не беа подготвени, а за кои Собранието веќе имаше заклучоци на претходната седница и ја задолжи Владата да подготви и кои денеска се сублимирани и доставени во еден Закон.

Второ, прашањето на монетарното осамостојување на Македонија за што ова Собрание имаше донесено заклучок и ја задолжи Владата студиозно да го проучи пристапот, последиците и штетите или корисноста на моментот кога тоа треба да се оствари.

Трето, одлагањето на седницата од 13 март за неколку дена заради посета на парламентарната делегација од Собранието на Република Македонија во Турција која, по моја лична оценка, имаше значајна мисија во деновите кои ни престојат во признавањето на Република Македонија.

Тоа се тие три основни мотиви и поводи за покренување на иницијативата. Кон овие непосредни поводи сега се дополнуваат конкретни факти кои треба да аргументираат одговорност на претседателот и притоа се наведуваат тешки вербални клевети и оптужби и

квалификација за континуирана блокада на работата на Собранието како резултат за наводно неговиот монопол како претседател за свикување на седници, утврдување на дневен ред па дури и насочување на дискусиите на пратениците, со други зборови дека во Парламентот владее едно самоволие и дека овие 120 пратеници толерираат едно самоволие на еден човек  кој им кажува кој што да дискутира, што да прифати и на крај како да се заврши самата седница.

Со други зборови, ова веќе го говорам во името на пратеничката група на Социјалистичката партија, меѓутоа ниту во поднесениот предлог, а очигледно ни досегашната дискусија не можевме да утврдиме ни еден валиден факт, потврда за повреда на Деловникот законите и уставните одредби што како обврска ги има претседателот да ги остварува и од тие причини цениме дека покренатата иницијатива е неаргументирана, тенденциозна, злонамерна или пред се од чисто партиски политички обоена. Од таа функција за нас е неприфатлива самата иницијатива а сега бидејќи веќе таа идеја на некој начин беше искажана, читајќи ја самата иницијатива на дел од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ неможејќи да најдам никакви аргументи за една ваква иницијатива во самиот текст се јавија следните размислувања кои заедно со вас сакам да ги споделам, а вие самите одговорете на тие прашања, бидјеќи мислам дека преку овие прашања можеби ќе се најде одговорот зошто е покрената самата иницијатива. Зошто оваа иницијатива е покрената токму сега кога се наоѓаме непосредно пред толку очекуваното меѓународно признавање на Република Македонија и историското заокружување на сувереноста и државноста на Република Макеоднија.

Дали покренувањето на овој предлог има и поширока цел во функција на дестабилизирање на Републиката или пак доведување во прашање на легитимитетот на највисоките раководители во

Републиката во завршните преговори за признавање на Република Макеоднија. Дали е тоа изолиран чин или е континуитет низ активностите кои се искажуваат за оспорување на една целосна политика што Републиката оваа година ја остваруваше и кој добива се повисоки признанија не само од Европа туку и пошироко во светот и која овозможи всушност да се наоѓаме на прагот на меѓународното признавање на Република Макеоднија.

Кога веќе се работи за личноста на претседателот директно би прашал дали иницијативата е покрената затоа што претседателот се залагаше граѓаните на Република Македонија пред се да се изјаснат за каква држава, каков Устав и какво општествено уредување се залагаат во Република Македонија да имаат, дали затоа што претседателот се залагаше како претседател на Уставната комисија за утврдување и усвојување на еден демократски граѓански устав дали затоа што се залагаше за висок стандард на човечки и граѓански права веќе афирмирани во демократските држави во Европа, дали затоа што се залагаше за афирмирање и за максимална меѓунационална толеранција и натамошен развој на меѓунационалните односи во Републиката, за меѓународното признавање на Република Македонија или за оние кои што незнаат затоа што лично се ангажира во најкритични моменти да обезбеди еден танкер од 110 илјади тони нафта за Република Македонија или затоа што отиде со 39 Ц степени температура во Турција да оствари една значајна мисија која во името на Парламентот требаше да ја оствари.

Ова не е никаква одбрана ниту пак елементи, повеќе прашања а оставам на вас да одговорите на тие што веројатно ќе помогнат во оценувањето на самата иницијатива а бидејќи беше апострофирана нашата партија како што видовте јас ни една партија не апострофирав

туку само предлогот сакам да кажам дека да му одговорам на почитуваниот пратеник дела Социјалистичката партија се залагала за Југославија, меѓутоа, пред се за суверена и самостојна Македонија.

Политичката програма што Социјалистичката партија ја има донесено уште во мај месец пред формирањето на ВМРО-ДПМНЕ јасно и гласно носи наслов - Суверена и демократска Македонија а се залагавме Југославија до кога е можно да опстане како заедница на рамноправни републики како суверени држави. Тоа можете да го прочитате во нашата изборна програма и мислам дека тешко по моја оценка, а најмалку по оценка на нашата партија да влеземе во интеграција во Европа прескокнувајќи ги државите во бивша Југославија и дека прекините на економски план пред се мислам на односите со државите на Југославија на економски план можат многу побргу да обезбедат вклучување на Македонија како рамноправна и суверена држава во заедничкиот европски дом како слободни и рамноправни граѓани со другите граѓани на Европа.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да напаравиме една пауза од еден час за ручек и одмор, па да продолжиме со работа.

Дали може така? (гласови на одобрување)

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот).

(После паузата, седницата започна со работа во 18,05 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господинот Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници,

Прво, вака, непријатно се чуствувам бидејќи претседателот за кого ќе зборувам ме гледа во грб а јас сум учен во очи да гледам. Но во нашава демократија има и тоа, во нашата демократија може и тоа.

Суд од повеќе пратеници дека со менување на претседателот ќе дојде до некоја дестабилизација. Изненаден сум. Во демократиите има многу често претседателите на собранијата да се сменуваат а да не дојде до дестабилизација на тие држави. Тоа е нормални појави и ако се смени претседателот има уште 3 потпретседатели. После тоа пак ќе се избере нов претседател, така што до дестабилизација не доаѓа.

Други пратеници рекоа дека нема аргументи. Јас слушнав од мојата партија доста аргументирано излегоа. Но, другиве, кои му излегоа во одбрана, баш немаа аргументи. Зборуваа повеќе "округло на ќоше" напаѓајќи го истовремено ВМРО-ДПМНЕ. Испадна како да е на дневен ред мојата партија а не претседателот на Собранието.

Господ, кога го создал светот после тоа си направил прво на себе брада. Така и нашиот претседател ја ставил оваа точка прва без, а поместувајќи ги суштинските закони понатаму, така што изгубивме време околу оваа точка. Веројатно за него е тоа најважна точка, а се друго е споредно.

За да се смени претседател на Собрание, по мене, потребно е следново: непочитување на Деловникот како прво, второ, против уставно и противзаконско работење и трето пречекорување на овластувањата. Сега, аргумнтирано ќе кажам за сите три работи.

На 11-та седница кога беше, ќе почнам од таму, претседателот на Собранието кога бараше да се дадат забелешки бараше по записникот дод 6-та седница. Знаеме дека според деловникот забелешки се даваат на записник од претходната седница. Ова го повторувам неколку пати до сега и пак го повторувам. Значи треба забелешки да се дадат по претходната седница. Тој тогаш бараше по 6-та седница. Кога јас излегов и ја дадов таа забелешка и тоа не сакав за време кога се даваат тие забелешки, но сакав тоа да се стави на дневен ред за таа негова неправилна работа. Бев бркан од оваа позорница, но со мојата упорност истрајав. Затоа пак новинарите на "Вечер" ме нарекоа - узурпатор на говорницата.

На 33-та седница, за неработење по деловник, исто кога се бараше да се дадат забелешки, бараше забелешки на записникот од 26-та седница. Пак јас се спротивставив. Сакав да се даде, ако е 33-та седница да се дадат забелешки на записникот од Триесет и втората седница. Тој пак упорно почна да ме брка од говорница. Ме бркаше.

Покрај тоа, покрај задоцнувањето на записниците кажав уште два недостатоци: кажав и за немање нов деловник. Ние скоро година ипол работиме со стар деловник.

Исто така, кажав дека работиме со стар секретар. Немаме именуван секретар. Скоро година ипол работиме со неименуван секретар. Тој пак почна за тоа да ме брка од говорница. Но, со мојата упорност останав.

Понатаму, на 34-та седница забелешка. Во записникот не беше ставена мојата дискусија. Потоа, реков дека работиме со стар деловник, исто така со неименуван секретар. Господинот претседател ми одговори дека не било на дневен ред тоа прашање и неможе да биде во записник.

Јас ве прашувам, ако кажав нешто противзаконито или нешто дали не ќе беше внесено во записникот, па дали не ќе ми се бараше одговорност. Можеби јас ќе кажев и некоја глупост. Мора тоа да се напише во записник, а потоа од мене да се бара одговорност. Тоа е се неработење по деловник. Знаеме, во демократските држави само за една работа се менува претседател на Собранието. А, овде набројав повеќе работи.

Понатаму, неработење по Устав и закони. Нашиот претседател во јуни месец изведе еден препад при воведувањето на двојазичноста. Противзаконито и противуставно, само за два месеци после донесување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и Законот за насочено образование, ни направи таков препад што ги исклучи и теле-камерите, даде, овозможи да се даде еден предлог еден амандман поднесен од ПДП преку Владата, а истовремено и јас имав поднесено амандман. Мојот амандман не се даде на дневен ред а се даде амандманот на ПДП и без расправа, без некое образложение, без да помине преку ЗПК тој набрзина така се изгласа што сите останавме зачудени. Тоа е работење противуставно и противзаконито. Знаеме да не повторувам и друг пат во Уставот на Социјалистичка Република Македонија, тогаш тој устав беше на сила, знаеме што значеше амандманот 43 каде во службена употреба е македонскиот јазик.

На 17 март оваа година на ПРЕС конференцијата министерот Бајалџиев обелодени дека ќе се врши легализација на средните училишта

средношколските паралелки на албански јазик, диво оформени во Кичево, Куманово, Струшко и Скопско. За ова биле консултирани повеќе врвни раководители а меѓу нив и претседателот Стојан Андов. Значи продре и во тој домен.

И на крајот, би кажал за една тајна средба негова со Ругова од Косово кој дојде тука во оваа зграда. Тоа беше една тајна средба меѓу него и Ругово за која дознавме најпрво преку Радио-Тирана, после тоа преку весникот "Бујку" од Косово, после тоа преку Српскиот печат и на крајот од македонскиот печат "Нова Македонија" со неколку реда откога сите тие го искажаа мораа и тие со неколку реда да го кажат. Со таа тајна средба исто така тој направи еден голем прекршок. Ругова е нелегитимен претставник на една држава. Тој се состанува со таков претставник кој го вика албанскиот народ на бунт и за оформување на "Голема Албанија" со главен град Скопје, на таа Голема Албанија. На тој начин овозможи да се замериме со Република Србија. Каде се нашите добрососедски односи со Република Србија на овој начин. Нели треба да градиме и добри односи со соседните држави?

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги,

Јас ве молам пред се една мала ограда. Јас ќе дискутирам како пратеник на ова Собрание, ниту како пратеник на ПДП на која припаѓам и натаму се разбира, туку како ваш колега со една единствена намера да излеземе од овој мал ќорсокак во кој упаднавме без наша вина.

Јас исркрено да ви кажам очекував дека и сеуште очекувам дека треба да расправаме и за претседателот Андов, нашиот претседател

колега, пратеник  и за министерот за односи со странство Денко Малески па дури и за претседателот на Републиката Киро Глигоров, но по дефинитивното признавање на Македонија и по заокружување на тој процес, но со друга конотација - одавање признавање за нивното залагање, нивните заслуги за сето она што го сторија, така да кажам, во текот на овој мандат од година дена и во врска со афирмацијата и признавањето на Македонија како самостојна и суверена држава.

Мислам дека ќе беше можност да расправаме како за луѓе кој непосредно придонеле и придонесуваат за македонската кауза затоа што нагрлати се, така да кажам, нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ и со право, како и сите други, меѓутоа, тие најмногу полагаат на тоа големи, да кажам така да кажам големи напори. Меѓутоа, ете се случи тоа што се случува, па еве мораме да расправаме денеска.

Јас мислам дека секој од нас има слабости. И претседателот на нашиот Парламент, уважениот Стојан Андов, има слабости и како раководител и како претседател и неможеме да му забележиме и за екстензивното водење на седниците, па можеби и за еден  народен пристап во водењето. Факт е, убаво беше речено, тој е единствениот пратеник меѓу нас кој ги доживува најголемите напори и најголемите напади, да кажам така и опстојува на сето тоа. Достоинствено. Тоа не може да се игнорира и да се помине преку тоа. Тоа е факт.

Лично мислам, токму заради тоа овде не може да стане збор за некоја одговорност, особено да расправаме за одговорност за нешто што нашиот претседател на Собранието работел пред да го земе мандатот. Секој од нас вршел некоја функција и веројатно полагал одговорност пред надлежните за својата работа. Не е време ниту место тука сега да се зафатиме ние и да се повикуваме на нешто што било во некој период од минатото.

Мислам дека треба да ја прекинеме расправата по однос на ова што беше покренато од нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ од проста причина што се прозирни некои работи што, морам да кажам асоцираат на личноста на нашиот претседател, што не е чесно во оваа ситуација.

Зборовите овде употребени: узурпација на власта, а недоволно аргументирани; политички барабан на Претседателството; потоа однос учител-ученик; Дон Кихот; тоа се зборови што не ни даваат право просто ниту да разговараме за таа тема.

Затоа, јас сум на мислење да преминеме на тоа што значи живот и да ги надминеме овие чаркања, така да кажам. Да ги оставиме за некои подобри времиња и да ја прекинеме расправата. Очигледни се работите.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Поповски.

ЈБУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Бидејќи заради општопознатата состојба и односи во Парламентот, но и заради фактот дека неможеме да имаме шест претседатели на Собранието, туку само еден, оттаму секоја пратеничка група од свој агол на гледање на нештата може да биде задоволна или незадоволна од работата на претседателот на Собранието како во тие рамки и нашата пратеничка група има свој став за неговото однесување и работа во овој изминат период.

Од формално правен и деловнички аспект предлогот е сосема нормален, легален и тој не треба ниту трауматично ниту еуфорично да се сваќа или третира или користи за политички маркетинг. Но

затоа, морам да го кажам следното што треба да го имаат во предвид како пратениците во оваа сала така и поширoката јавност во Републиката.

Овој ист Парламент во содејство со претседателот на Републиката и другите политички субјекти во Републиката изминатата година со бурни, но во основа демократски расправи успеавме да изградиме национален поточно граѓански консензус за сите крупни прашања од национален, историски и витален интерес на македонскиот народ и сите граѓани во Македонија. Претпоставувам дека си спомнувате за кои документи и одлуки стануваше збор. Меѓу другото да потсетам: Декларацијата за сувереност на Република Македонија, Одлуката за подготвување на нов устав на Република Македонија, Одлука за спроведување на Референдумот за самостојна и независна Македонија, усвојување на новиот Устав на Република Македонија, Официјално барање за меѓународно признавање на Република Македонија, донесување закон за одбрана на Република Македонија и мирно заминување на бившата југословенска армија од Републиката. Сите овие значајни документи и одлуки ги поддржа нашиот народ, граѓани и јавност а ги потврди и усвои овој Парламент, наш македонски на своја суверена територија и во овој главен град Скопје, а не на некоја друга територија или во некој друг центар како што беше случај во минатото.

Оттаму, ако беше целта на ова барање, во обидот конечно и за прашањето на одговорноста на носители на јавни функции, па и на највисоките, да му приоѓаме како на сосема нормално и демократски нужно правило во новиот политички систем на нашава Република, тогаш апелирам тоа да го правиме на вистински одговорен и совесен начин во смисла работите да не ги гледаме во исклучиво црно-бела техника. Или поточно едни постојано да се наоѓаат во позиција да напаѓаат

и со тоа некогаш да ја поминат границата на вкусот и да одат да ги надминуваат границите од кога, така да кажам критиката или инкриминацијата па и другат страна создава само своевидна исклучива одбранбена позиција.

Оттаму мислам, што всушност имаме како резултат од целокупнава денешна расправа по ова прашање? Ништо повеќе туку нови линии на делби, кавги, расправии и многу лош впечаток на демократската јавност во Републикава, и што сакаме не само во оваа наша македонска јавност туку и пошироко во меѓународната јавност, во очи на формалното признавање на Република Македонија.

Според тоа, мислам дека оваа расправа едноставно треба да ја прекинеме со тоа што ако продолжиме понатаму може само да се изгуби чувството или потребата и нужноста во иднина на сосема друг начин и сосема во едно демокртско начело да ги расправаме и овие суштествени прашања околу одговорноста на носителите на јавни функции.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Јакимовски.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Навистина е неверојатно тоа колку не сме навикнати на некои вакви работи од типот на овој предлог. Лично чинам дека дискутантите кои се спротивставија на Предлогот досега, најмногу се занимаваа со работата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ што воопшто не беше предмет на расправа на оваа седница и мислам дека ним, единствено како препорака да им остане тоа да поднесат предлог за разрешување на таа група, или нешто, па да се поведе расправа.

Исто така, дисиусијата на Киро Поповски ја оценувам како тенденциозна, неаргументирана и злонамерна.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ: (продолжение)

Лично сметам дека предлогот за утврдуваше на одговорноста и разрешување на претседателот на Собранието е на место и дека има причини за тоа. Ќе наведам некои видени од мој агол.

Мислам дека претседателот на Собранието го злоупотребува местото претседател на Собранието и местото на кое што седи со чести наметнувања на свои ставови од тоа исто место, со коментари после секоја дискусија, потоа со вметнување, со дигресии во дискусиите, со прекинување на дискусии и тоа симптоматично е што тоа се случува со пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, а досега не знам дали е некој друг пратеник прекинат и оправдан е револтот и гневот на Пратеничката група кон ова. Претседателот на Собранието во согласност со Деловникот и Уставот е и претседател на Уставната комисија, еден од првите луѓе кои што се одговорни во донесувањето а и спроведувањето на Уставот. На двапати претседателот на Собранието грубо го прекрши новиот Устав на Република Македонија да речеме за два месеци.

Првиот пат тоа е членот 66 според кој Собранието е во постојано заседание, а се случува по цели месеци да не се одржат седници, потоа да се носат одлуки во име на некакво претседателство кое што во Уставот навистина не постои и за мене барем тоа Претседателство е нелегитимно, потоа се формираат разни парламентарни делегации , патуваат ваму-таму, а нам на пратениците ни останува единствено како извор на информација за сите тие работи средствата за јавно информирање. Тоа навистина не би требало да се дозволи.

Вториот пат на грубо прекршување на Уставот од страна на претседателот на Собранието е неговото патување во Трст од каде по враќањето изјави дека бил таму во функција на лидер на партија што е сосема директна спротивност со членот 67 на новиот Устав, став 4 каде што на претседателот му се ограничени сите партиски активности и функции. Во тој контекст членот 67 став 4 би можеле да се третираат и неговото одење да речам чести излети во Кавадарци во функција на претседател на Собранието оди во Кавадарци, а потоа попладнето држи таму трибини во својата изборна база и сето тоа мислам дека е злоупотреба.

Претседателот на Собранието и Претседателство на Собранието, тој не е претседател ниту на македонската држава ниту на македонскиот народ и за мене навистина е несватливо како може претседателот да излегува надвор од Собранието и да ја застапува Македонија. Конкретно имаше посета на касарните каде што имаше резервисти потоа тука се Давос, Макстрит и слично.

Овде во дискусиите често се бркаа лончињата да речам се заменуваа тезите. Се бара одговорност на претседателот на Собранието, а многу дискутанти ги заменија тезите и сета таа работа ја врзуваа со претседателот на Републиката, со министерот за надворешни работи. Мислам дека тоа не требаше да се случи, недостојно во секој случај.

Потоа неприфатливо ми е мене и несватливо е што постојано на ВМРО-ДПМНЕ и се импутира некакво немакедонство меѓутоа и од партии што во својата изборна програма стално оперираат со терминот Југославија. Изборните програми стојат, тие ќе се читаат и се ќе се види. Конкретно мислам на Партијата Сојуз на реформски сили. Инаку, се добива впечаток дека ние и вие господа пратеници

од другата страна кажуваме сосема различни работи. Тоа не е точно. Ние кажуваме едно исто само што имаме различни цели и различни јазици, кој им соодвестуваат. Би сакал да укажам само на следниве работи:

Прво, велите дека сакаме да ја дестабилизираме македонската власт. Тоа е точно. И ние рековме дека после малку демократизација се враќа стариот стабилен комунистички режим. Вие сакате да го зачувате, да го достабилизирате тој режим, а ние сакаме да продолжи неговото доразградување. Потоа постојано велите сакате да ја зајакнете демократијата, а ние ви пречиме. Она што вие го нарекувате демократија, ние го нарекуваме диктатура. Впрочем се зајакнува само диктатурата, а демократијата се развива, се проширува, се продлабочува итн. Не можно е да се врзе атрибутот зајакнува со именката демократија. Всушност и се гледа колку сте блиски со демократијата кога ниту атрибутите не ги познавате.

Ви пречат волинституционалните притисоци, личната демократија, но откако ставивте рака на Парламентот, Владата и низа организации и движења, разните ваши мировни движења, организацијата на жените, сојузот на студентите и другите ве мачи што одново и тоа уште погласно, уште порано граѓаните на нашата држава извикуваат против вас. Да ве потсетам граѓанската држава за која толку гласно се залагавте се заснова на граѓаните, а вие си зедовте за право и граѓаните ги нарекувате хулигани, улица, уличари, фашисти и што ли уште не.

Потоа викате дека сме предавници. Исто стара песна за истото тоа до вчера ги користевте зборовите "класни непријатели, внатрешни непријатели, контрареволуционери и сл.".

Викавте дека сме сакале да го урнеме нашето мудро раководство. Простете, но непримерно е едно раководство сеуште додека е на власт и додека раководи постојано да се тепа со епитетите "мудро, мудро, мудро". Познато е мудри раководства имаше на овој свет голем број, мудри безбрижни беа нарекувани од болшевичката номенклатура, таквите кои што се сиот цивилизиран свет тие беа обични тоталитаристички власти.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, Јас нема многу да зборувам, само неколку работи во текот на дискусијата што ги забележав, а истовремено и неколку забелешки од порано. Од неколку дискутанти се зборуваше овде дека наместо да се зборува на дневниот ред се премина на напаѓање по однос на партиите со зборовите дека ние треба да бидеме мудри треба да бидеме внимателни кон ова, а кога беше за гласањето за повлекување на делегацијата од Југославија гласаа за да остане делегацијата и сега овде на оваа говорница велиме "ние сме патриоти за Македонија" и велиме "јас бев за Македонија", а всушност цел парламент гласаше да се повлече делегацијата, а двајца тројца гласаа за да остане делегацијата. Се зборуваше постојано а сега сите го потенцираме тоа "сувереност, сувереност", а до пред 5-6 месеци сите велевте мека Југославија, демократија конфедерација а сега велиме дека се боревме сите за тоа. Затоа требаше да не ги започнуваме овие работи, а требаше да работиме точно по точката на дневниот ред. И затоа јас сакав да укажам на ова.

Во однос на укажувањето на добрата работа јас велам дека во добрите работи се кријат и поголемите лоши работи заради тоа што господинот кога дојде во Битола да агитира, да носи лидер од Хрватска за во Македонија на партијата реформисти со господинот Марковиќ, всушност тогаш требаше да им каже дека девизите им ги зедоа 8-9 милиони долари на Битолчани и ги однесоа таму, а не да дојдат таму и да агитираат и да речат дека лидер ќе биде на Македонија и е добар оти донесе банани, а им ги зеде доларите. Таа е причината што тогаш требаше да се каже и за жал со толку девизи од битолскиот крај кога минатиот пат најавија сите протестен митинг и го поканија нашето мудро раководство да присуству да ги слушнат маките таму, ниеден не се одзва на тоа, а телевизијата господинот го снимаше дома како игра со внуката.

Јас ќе докажам дека учесници од работната организација во Ирак каде нашите беа дупло повеќе работници отколку во српското претпријатие, тие кажуваат дека постојано во нивниот дом одел и им укажувал на настаните што ќе се случат и ги повлекоа сите тие пари, а на нашите претпријатија и работници им останаа три милиони долари во Ирак.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, чувствувам потреба со едно извинување што се јавувам по втор пат како член на Комисијата за деловнички прашања да кажам и да информирам дека донесувањето на новиот Деловник е во постапка, пред утврдување на конечниот текст на предлог Деловникот од страна на Комисијата и истиот ќе биде на првите наредни седници донесен. Укажувањето дека отсуството на

новиот деловник фактички значи и узурпација на демократијата со работењето по стариот деловник, мислам дека не држи, не е заснивано и сметам дека со новиот деловник како што стои во предлог текстот уште повеќе ќе се заостри постапката како во свикувањето на седниците, така и во утврдувањето на дневните редови во самиот претрес и одлучување на Собранието, а тоа заострување на постапките фактички и значи разбиваше на самата демократија.

Во однос на фамозниот член 66 од Уставот кој доста беше експолатиран од повеќето дискутанти предлагачи на барањето на одговорност и разрешување на претседателот на Собранието сметам дека истиот погрешно го толкуваат овој член од Уставот, само за потсетување одредбата од овој член на Уставот беше присутна и во стариот устав, ја има и во постојниот деловник, а ја има и во овој деловник што во предлог текст се изготвува, а тоа е дека Собранието работи во постојано заседавање. Тоа значи дека Собранието работи на седници, периодично викани во вршењето на својата законодавна власт. Другата определба за која не се одлучи ова Собрание до донесувањето на новиот Устав тоа е работа на Собранието на сесии, односно претходно одредување на периоди во кои работи Собранието односно ја извршува својата законодавна власт, а паралено со тоа во меѓувреме овластување на Владата да може да носи уредби со законска сила за што како решение не се определивме. Така да овие повикувања дека тоа е една од причините односно не почитување на Уставот и прекршок од претседателот на Собранието дека Собранието работи во постојано заседание не е точно.

И на крајот бидејќи има неколку префрлувања на линијата на дневен ред се расправа и предмет е барање на одговорност и разрешување, а се врши префрлување на линијата програми и политики на една или на друга партија. Мислам дека за тоа како претставник на мојата партија РЕформски сили Либерална партија може да се организира еден телевизиски натпревар, една средба на која двете партии ВМРО-ДПМНЕ и Реформски сили Либерална партија би ги соочиле своите програми и политики пред широкиот телевизиски аудиториум за да не се експлоатира собраниската говорница.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Не мислев да се јавувам дами и господа, меѓутоа кога одлучија одделни колеги овде да вршат толкување на Законот за одговорност или неодговорност дали ќе треба да се одлучува да некои од пратениците или претседателот на Собрание во таа функција ќе има одговорност и понатаму да треба да остане на таа функција или не, сакам само да укажам на едни принципиелни законски норми кој му даваат за право на секој да предложи проверка на нечија работа односно одговорност како и на тој да даде одбрана. Дали некој на ова обрнал доволно внимание или не тоа е друго прашање, меѓутоа едно е вистина овие три часови говорат дека има недоразбирања и некои отстапувања во нормите на работење на одредена личност. Ако не беше така со излагањето на Драги Арсов нема да се јави никој и ќе се преминеше на одлучување и ќе се завршеше со тоа. Сакам само да кажам едно воопшто јас како правник на ова овде што се изнесе да гледам дали некој ќе треба да даде одговор да погрешил на таа работа или не. Господин Стојан се јави да бара

збор меѓутоа, праша, навистина демократски, дали уште некој има нешто да каже, па тогаш како во секое право па и во ова парламентарно право секогаш е тој последен што ќе го има зборот.

Дами и господа останува спорно дали господин Стојан Андов како претседател на овој Парламент ги повреди одредбите од член 67 став 3 од Уставот. Дозволете, не сакав да кажам ништо сакав да говорам како правник, а дали мене ме прашал или не ме прашал ќе одговори тој, тој треба да одговори, јас не одговарам дали ме прашал и не барав таква работа. Принципот е во тоа. Таму се вели функција на претседател на Собранието е неспоива со вршење на друга функција, професија или функција во политичка партија. Овој Устав ние овде го изгласавме, ние за него гласавме сите заедно. Зошто ќе ни биде срам да го почитуваме текстот на она што сме го изгласале. Ако има оправдување нека одел и за било што друго ако било од интерес за Македонија јас ќе кажам дека е исправно направено, ама откако ќе го слушнам него. Сакам да го чуеме и ние меѓусебе. Тоа е едниот дел.

Однос пратеник и функција претседател токму во тој дел се однесува. Да не се заблудуваме ние кого и што ќе му кажат на претседателот и неколку пати и мене ми рекол, застани, врати се назад, па како и тоа да го рекол, дали намерно, дали имал нешто или не, меѓутоа, во тој момент не контролирано може и да се направи грешка во работа. Ќе треба да утврдиме дали е тоа само намерно, некого да го омаловажи со тоа дури тогаш ќе поставиме прашање на негова одговорност како претседател на Собрание во функцијата претседател, а тој има функција пратеник. Една работа

беше на нашата група расправана, овде дали се пропушти, дали јас бев отсутен, беше прашањето кога настана она бегање на војниците од Касарната Маршал Тито, биле и одеа некои наши претставници на Владата во Куманово, да се види како се постапува со војниците кои не сакаа да ја слушаат армиската вршка во извршување на задачите да одат на бојно поле во Хрватска и слично, господинот претседател Стојан Андов, отиде во касарната Маршал Тито со генералот и командантот на касарната со асистенција на војници срби дека им е се арно, даде изјава за нашите средства за информирање дека состојбата во касарните е израванредна. Тој таму отиде како претседател на Парламент. Ако навистина сите утврдивме дека не се постапува уредно со нашите војници даде информација од име на Парламент дека се е во ред. Што значи дека ни даде една дезинформација. Ова нешто е за одговорност.

Функцијата на претседател на Собранието не е само да ни дава ред на збор. Функцијата претседател на Собрание има и своја одговорност последната седница 34-та каде по мене како правник доага до злоупотреба на функцијата претседател на Собрание е првата точка од дневниот ред - "Усвојување на Записник од 33-та седница".

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение)

Тој записник во потполн состав на овој Парламент е усвоен. Во него на страна 16-та работен заклучок: Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието за наредната седница да му достави Информација за состојбата и проблемите во откуп на некои земјоделски производи за 1991 година. За пролетната сеидба 1992 година некои мерки на аграрната политика во 1992 година. Тоа е точка 1 од тој заклучок.

Точка 2: Овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство да се достави до Владата на Репбулика Македонија и Министерството за земјоделство и шумарство.

Овој записник е последица на седницата 33. завршена на ден 2 7 февруари. На ден 2 9 февруари групата на ВМРО ДПМНЕ поднесува иницијатива овој заклучок да најде оживотворување на наредната 34 седница. Откако се дозна дека нема таква соработка и одговорност, заправо одговор од Владата за овие работи  се стави интервенција да во дополнение на дневниот ред овој ист заклучок како што е тука донесен да влезуе во дненвиот ред. Меѓутоа, господа епилогот беше напуштање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ на сед ницата затоа што незнаеле што предлагаат. После прекинот откако нашиот координатор изјави дека нашата пратеничка група нема да дојде господинот Андов кажува дека пратеничката група не знае што сака и врши деструкција на Парламентот. Господа, Парламентот е прарализиран поради неработење на две институции: Претседателот на Собранието и Владата на Македонија. Ако сме ние Собрание

овде ние нема да бараме одговорност на некоја пратеничка група, туку баш овие кои се должни ова да го работат. Господин Петров може би намерно, може би не го прекинал во тек на збор претседателот Стојан Андов кога му рекол дека ова што ВМРО-ДПМНЕ го бара е заклучено во работниот заклучок на страна 16 од 33-та седница. И во тој миг се продолжува без пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ. Така е "кој не сака да слуша, нека оди и без него се може". Меѓутоа, беше проблем кој? Проблемот беше да се работи за земјоделие. Да знаете едно денеска во земјоделието ако не биде е секогаш лани. Значи се доцни за една година. И затоа неможеме ние да ги молиме некои кои не сакале своите заклучоци да си ги прочитаат, нас да не нарекуваат овде дека сме деструктивци и дека сакаме да го парализираме политичкиот живот и економскиот во оваа наша држава. Јас како правник ова го гледам за одговорност, а господата од Либералната партија што сакаат да ни наметнат некои маркетинзи политички, овде дека ние држиме слово и дека некој е воспитан и не воспитан, ние ќе го оставиме тоа ѓубриште во нивно дvориште. Знаеме што сакаме, пред нас е заклучок на целиот парламент, а не на либералната партија.

АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, сепак полека ја учиме демократијата, меѓутоа ако може така да се каже едно резиме на целокупнава дискусија и еден заклучок да се изведе сепак, останува впечатокот дека сепак левите партии најдоа начин ова прашање да го стават на маргините, она што го предлага ВМРО-ДПМНЕ како незначајно, неаргументирано итн. Секако дека аргументи стојат, сакал тоа некој да го прифати или не. Аргументите се тука, може да се цени и да се даде оценка дали се тие слаби аргументи, средни, или јаки аргуементи.

Јас би се задржал на кратко во однос на професионализмот во овој Парламент кој што сепак во голема мерка има големо значење тука и претседателот во однос на работата на овој Парламент. Не можам да речам дека сум задоволен од работешето на овој Парламент од причина што одкога почнавме тука па се досега некако односите во овој Парламент како да не се поставени на права основа во смисла на една работна, конструктивна основа. Закажуваме седници во 10,00 часот а почнуваме во 14,00 часот, а некогаш и наредниот ден. Дали тоа е работа на некоја неорганизираност, дали не постои корелација помеѓу Парламентот и Владата, или некои други прашања меѓутоа сепак, голема кривица постои кај претседателто што дозвол на тој начин да се одвиваат овие седници. Да научиме малку што се вели германска дисциплина и да почнеме навистина да работиме како што треба, она што го закажуваме да го почитуваме и да се владееме по него. Аргументите кога реков дека постојат не треба едноставно бегло да ги отфрлиме, нека биде доволен и фактот дека претседателот направил еден пропуст што го користел авионот за Трст. Тоа е тоа. Нека се каже ако не е тоа така. Она што припаѓа на државата се знае дека државата го финансира и го плаќа. Меѓутоа, она што е партиска определеност, а се користат државни средства секако дека е пропуст, ќе кажам еден од низата пропусти и треба да се даде објаснение на тој пропуст.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Тогаш, јас ќе кажам неколку збора.

Дами и господо пратеници, ние сега прв пат имаме повеќе партиски Парламент и се разбира за прв пат имаме и меѓупартиски судири овде во Парламентот. Тие меѓу партиски судири овде нормално

Јас морам да ви кажам ова го доживеав од еден друг агол и мислам дека во расправата од Пратеничката група учесниците на ВМРО-ДПМНЕ кои го покренаа прашањето на одговорност, всушност би рекол дека има од прилика три подрачја, три центри на напад.

Еден дел беше лична дисквалификација. За тоа што сум работел и не сум работел и дали сум работел, или не сум работел кој знае кога надвор од парламентот итн. Тука се изнесуваат инсинуации, тоа што го присакува некој итн. Се разбира на тоа нема да одговарам и мислам дека тоа не е предмет на оваа наша расправа. Само патем би кажал, не вака на парламент, но во оној период кој го викаме ние едноумие и стар систем сум бил во слична ситуација кога така миределе етикети и ми пришивале кривици итн., па сум имал и некои последици за тоа, но тоа било во затворен круг и сигурно и последиците според тоа се одмерувале. Многу ми е жал што во демократски услови се користат истите методи, сега кога нам навистина ни е дадена можност да ги изнесеме вистинските аргумент од работата овде, што работиме, зошто сме се собрале, не, туку се користат аргументи кои ниту се проверени, ниту се точни, ниту имаат основа, ниту имаат некоја врска со нашата овдешна сегашна работа. Морам да ви кажам едно време помислив дека некој ке почне да копа, да ми прави досие уште од дете, дали сум крадел кајсии и незнам што? Тој дел го оставам на совеста на оние кои го зборуваат нека се замислат дали на овој парламент му пристојат такви етикетирања и такви прогони, такви инсинуации, такви измислувања.

Вториот дел е врзан за припадноста, мојата припадност на една партија. Јас морам да ви кажам дека овој парламент овде нема ништо во врска со тоа што да расправа. Јас навистина припагам на една партија, како и вие сите што припаѓате на некоја партија, со аргументите од нејзината програма сте отишле сите на

избори,  и ние сме отишле на избори, таму нас не избрал народот и сега не треба по нивните чувства и определувања овде да се плука. Господинот Минов кажа дека ако сакате  за програма да расправате преставници на оваа партија на која јас припаѓам, преставници на ваша партија нека одат на телевизија, на радио, нека ги соочат програмите, политиката, што си ја води и едната и другата партија. Тоа е за таму, таа работа не е за овде.

Третиот дел од вашите излагања и критики е врзан за мојата работа во Собранието. Јас би кажал нешто. Многу луѓе зборуваа околу тоа зошто сум бил во Трст и како сум бил во Трст и во кое својство, а господинот Стојановски заклучи дека јас сум го повредил Уставот што сум отишол во Трст. Јас сакам да ве известам дека тоа е невистина, се разбира господинот Стојановски нема аргументи за такво тврдење. Јас во Трст отидов не како претседател на некоја партија и не како претседател на Собрание, туку ме викнаа како познат човек на луѓето што го организираа тоа, а таму организатори беа министерот за надворешни работи на Италија господинот Џани Демикелис, но не како министер за надворешни работи туку како функционер и претседател на Совет на еден Центар  за настап  и за политичка работа во Трст. И господинот Питер Јанковиќ државен министер за интеграции во австриската Влада, но не како министер, туку како претседател на Советот на еден институт во Виена, па заедно тие два центра и го организираа тој собир. Таму дојдоа многу професори, истакнати луѓе од средствата за јавно информирање од тие 14 земји, дојдоа и функционери, но не во својстз на функции, таму беше и господинот Кучан, но не како претседател на Претседателството  на Словенија, туку како истакнат човек кој тие го знаат и го повикале. Исто така, беше господинот Пучник,

господинот Мехмед Ганиќ, господинот Здравко Томац, но не како потпретседател на Владата, туку како истакант политичар. Така по пока на има обичај на Запад во тие демократски земји некои кои слично мислат, или слично гледаат, се повикуваат на тие состаноци и таму се разменуваат мислења. Јас се разбира кога се договоривме ние прво, јас морав да го консултирам таканареченото што велите вие Претседателството дали да ја прифатам таа покана, ги консултирав и другите за кои мислев дека треба да ги консултирам. Морам да ви кажам дека оценивме сите дека ќе пропуштиме голема прилика да се сретнеме со истакнати луѓе од тој дел на светот 14 земји беа од средна Европа и дека ќе пропуштиме можност за размена на мислења во услови кога и инаку и нашите економски, но и политички активности се блокирани и вие знаете од која страна се блокирани и кога многу препреки се прават токму да не можеме да оствариме контакт со некои светски државници. Затоа и се договоривме да појдам, но од овде до Трст нaвиситна е многу тешко да се појде, јас морав да го користам авионот наш бидејќи и како претседател јас не можам да престанам да бидам претседател. Па таму на сите функционери што вршат високи државни функции италијанската страна ни обезбеди заштита и мене и на Кучан и на Џани Демикелис и на сите тие други кои тоа по функција го имаат. Така беше моето одење во Трст и ние се раководевме од тоа дека на Македонија и македонските истакнати луѓе на функции им се потребни контакти, дека е потребно секогаш некого да сретнеме, да го застапуваме нашиот интерес, нашата политика, нашата Платформа, и само на тој начин ние ке можеме да стекнуваме и пријатели, а исто така и тие пријатели да ги наоружуваме со сознанија за нашите погледи тие да можат понатаму тие наши погледи да ги пренесуваат и да ги застапуваат и да ни помагаат.

СТОЈАН АНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според тоа во Трст јас не бев ниту како претседател на Партијата, ниту бев повикан на тој начин. Таму претседатели на партиите немаше, а мислам дека имаше само од Чешкословачка еден. Другите си беа избрани луѓе по еден друг критериум за кој зборував. Е сега дали овој исклучок што јас го направив и дали во нашата политика ние се држиме до тие можности, така да постапуваме? Знаете, ние навистина во условите во кои дејствуваме, ние немаме надвор амбасади, амбасадори, немаме дипломатски претставништва. Кога нема дипломатски претставници овде во Скопје од другите земји, кога немаме ние постојани комуникации со другите влади, таму кога се настојува нас да не блокираат, ние треба да ги користиме сите можности и овде не еднаш, од оваа говорница и не само од другите пратенички групи туку и оваа која сега ја истакнува мојата одговорност, исто така стално се поттикнува една таква активност, се остваруваат контакти со светот да можеме да придобиеме пријатели, влијателни пријатели што ќе ги застапуваат нашите интереси и на кои што ќе им биде јасно што е тоа што ние постојано застапуваме и што ние мислиме по конкретно прашање и по некоја конкретна активност на некој што поинаку мисли и се однесува кон нас.

Видете, негде пред тоа или после тоа се одржуваше некој собир на жените пратеници во Рим. Ние мислевме на тао место, во Рим ќе се соберат и ќе дојдат и други влијателни политичари на тој собир. И ние на Претседателството без оглед со каква конотација вие зборувате за тоа претседателство, разговаравме околу тоа како да им овозможиме на нашите пратенички да одат таму. Ние одлучивме тие да го користат авионот, а со оглед на тоа што ние навистина овде од Скопје немаме комуникациски врски и не можеме

на друг начин да контактираме. Отидоа таму нашите пратенички, учествуваа таму и ние имаме една претстава и една оценка дека тие, навистина, ги застапувале нашите ставови. Според тоа, ниту е моето одење во Трст исклучок ниту тоа одење претставува отстапување од Деловникот или од уставните норми, туку тоа е во рамките на корисните активности што Македонија мора да ги презема на тој начин и на тој начин само треба да се сфати.

Овде стана збор за тоа дали на некого сум му рекол и како се однесувам према пратениците. Јас морам да ви кажам поединечни пратеници тука господин Стојановски тоа го истакна, дали сум му рекол на некого да застане или да си оди. Видете, за текот на седницата, водењето на седницата за тоа кој ќе дојде на говорницата и ќе зборува, тоа е исклучиво овластување на претседателот. Се разбира, не може пратеникот сам да дојде и да зборува ако не му е дадено збор. Исто така не може да зборува и да продолжува да зборува ако му е сугерирано или му е укажано дека тоа веќе не е во рамките на темата. Претседателот тоа мора да го работи. Било кој да е претседател, тоа мора да го работи. На друг начин е невозможно да се одржи ниту ред ниту тек на седницата.

Според тоа, на еднаков начин се однесувам иако господата од ВМРО-ДПМНЕ мислат и имаат впечаток дека само спрема нив така се однесувам. Не е точно. Секој од вас ако ви се случи тоа, веројатно се чувствувате погодени и мислите дека сте сами. Меѓутоа тоа не е точно. Од сите пратенички групи на еднаков начин се однесувам и понатаму, ако бидам претседател ќе се однесувам на ист начин. Инаку, ако пуштиме на волјата на секој пратеник треба да имаме 120 говорници овде и говорнички места и секој да може да си прикажува како ќе му текне. Таа работа не оди така. Така не е возможно да се води седница.

И сега многу се зборува за таа 33-та седница дека на неа сме донеле заклучоци. Тоа го зборуваа повеќе пратеници и го зборуваше господинот Стојановски и дека заклучокот изричито зборува дека на наредната седница треба да се разгледа проблемот на аграрот, да се добие информација за есенската сеидба и да се гледаат системските закони. Заклучокот е јасен и одма е испратен до Владата. Ние, јас како претседател на дневен ред можам да ставам само тоа што дошло до мене. Немам други овластувања ниту некој може да ми даде други овластувања. Бидејќи никакви информации од Владата не дојдоа, законите не беа испратени, дојдоа во текот на седницата овде кога се држеше 34-та и со писмо за нив да се расправа заедно со Буџетот. Се разбира само предлагачот може да го смени ставот а Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ предлагаше нешто друго на таа седница, одма да се свика итна седница и да се расправа за тоа. Тоа беше можно ако Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ доставеше материјали. Бидејќи таа не достави материјали, туку се повикува на обврската на Владата, таа група има секој пат право, и сега, на оваа седница да ја праша Владата, кога ќе дојдеме на таа точка, да ја праша Владата зашто не постапила во согласност со Заклучокот на 34-та седница да биде информацијата доставена, туку на 35-та. Тоа е обврска на Владата. Право е на Пратеничката група тоа прашаше да го постави до Владата. Ако мене ми беше доставено тоа, таа информација, тогаш се разбира јас ќе ја поставев овде на дневен ред, дури и да не бараше Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, затоа што мене ме обврзувала 33-та седница.

Меѓутоа, вие знаете дека овде министерот за земјоделство рече дека информацијата е готова, но треба да биде погледната од Владата. Ресорите нам не ни испраќаат материјали.

Ресорите можат да ни испратат само документација некоја или материјал, анализа и нешто друго, но не материјал носечки. Само оној кој што носи непосредна политичка одговорност, т.е. Владата е таа која има да ни испраќа материјали. Според 33-та седница е тоа.

Доцнење на седниците! Зашто доцнат седниците. Ве молам, секогаш кога во очи на почнување на седницата се даваат амандмани или нови законски проекти било од Владата или од пратеничка група, од било која, ние мораме да го помериме почнувашето на седницата од причина што тие предлози се однесуваат на можноста некоја точка да биде утврдена во дневниот ред или да не биде утврдена. Ако не се однесуваат на утврдување на дневниот ред, ние почнуваме на време, а даваме пауза и во текот на паузата надлежната комисија да разгледа амандман или пак некој друг предлог. Меѓутоа штом предлозите што стигнале пред почнувањето на седницата се однесуваат на можноста на утврдувањето ан дневниот ред, тогаш во таков случај не може и невозможно е овде да почнеме на време и да почнеме со утврдување на дневен ред а немаме изведено постапка по предлозите што се однесуваат на тоа да бидат утврдени во дневниот ред или да не бидат.

Инаку, често се зборува и за тоа дека еден месец не работи Собранието, 2 месеца, 3 месеца не работи. Па погледнете го календарот господо. Ние денеска ја одржуваме 35-та седница, а овде сме 15 месеци откако сме избрани. Според тоа нешто повеќе од две седници на месец во просек се собира. Ако појдеме од тоа дека во просек по два дена а некои и три дена ги држиме, ќе видите дека ние некаде секој 7 или 8 ден сме во оваа сала. Според тоа не станува збор дека Собранието не работи, недоволно работи, недоволно гледа проекти и т.н. Погледнете го календарот, вашиот

ако го водите, јас верувам дека секој си води календар каде бил тој и тој ден. Ќе видите дека 80 дена сме биле во салава. Осумдесет дена. Според тоа, апсолутно е неточно дека Собранието недоволно работи. Јас мислам оти Собранието од тоа што презема некои обврски и се наметнува дури на Владата и навлегува во нејзините извршни функции, малку повеќе работи отколку што е нужно по закон и устав. И тука треба малку критички да си погледаме, што тоа ние работиме, како работиме и т.н.

Видете, кога од една јасна ситуација околу 33-та седница, кога се знае заклучокот каков е и кој тоа треба во дневниот ред да го предложи, се знае кој може да предложи материјал, да подготви. Тоа е или оној кој бара да биде одржана седницата или Владата која што ја обврзува заклучокот. Овде на говорницата два-три пати и две-три седници да се тврди дека претседателот на Собранието е против тоа за аграрот да се расправа, тоа господо, секој што знае ќе рече, овие луѓе, навистина, не знаат што прават, тие луѓе навистина не знаат што прават и што зборуваат, или пак бидејќи знаете, а не да не знаете, сакате да го залажете на-родот дека навистина некој таму злоупотребува и незнам што. Меѓутоа, народот, се разбира, ги следи нашите седници, следи и кој што работи и како работи, сето тоа се следи и не треба да имаме илузии дека можеме нешто да му сервираме.

Е сега јас пак си поставувам едно сериозно прашање - овде господинот Јакимовски прочита еден текст од последниот број на гласилото на ВМРО-ДПМНЕ гласилото "Глас", во кој ја кажа платформата дека треба да се руши власта, дека е таа комунистичка, дека е таква и т.н. и т.н. По методите што се заговараат, јас му допуштам на народот да процени кој да кажеме користи такви пара

комунистички методи. Народот ќе види и ќе свати кој е тоа на кого не му е доволен Парламентот па требаа трактори да излезат на улица и незнам што треба да направи. Тој вели дека ќе се користиме и со такви средства. Така пишува и во "Глас" и т.н. Јас мислам оти денеска кога ние,навистина, се бориме за зацврстување на македонската држава, кога навистина сакаме, а тврдо сум уверен дека македонската држава не може да се зацврсти ако демократијата во неа не се зацврсти. Тогаш договарањето на вонпарламентарните методи на борба е фактички непризнавање на парламентарната демократија како политички инструмент на уредувањето на животот.

Јас малку се прашувам дали на Македонија и е токму денеска нужно да се наруши парламентарната демократија, да ја оспориме таа демократија и да примениме сосема други методи на борба. Дали сега и е тоа на Македонија потребно. Дали е тоа корисно за Македонија, и дали на тој начин Македонија ќе се зацврсти. Ве молам, до колку се смета дека во овој Парламент односот на силите е таков парламентарната демократија да не може доволно да заживее, дајте што поскоро да се договориме да одиме на нови избори. Па народот ќе си избере свои претставници. Меѓутоа, и тоа пак подразбира дека ќе мора да се оди пак во парламентарна демократија. Пак таа е единствениот облик на политичкиот систем кој нам ни обезбедува да опстанеме овде на ова тло. Нема демократија без парламентарна демократија. Таа демократија, инаку, уличната е инструмент на популизмот и тоталитаризмот. Да се разбереме, таа се знае каде се води и кај одвела, и кој се се служел со неа и што му нанел на својот народ со тоа.

Затоа по мое мислење, доколку има такви политички размислувања да го отвориме тој разговор, и да се договориме, да

видиме кога е најпогодно и под кои услови и што поскоро, се разбира да се оди на нови избори. Ќе го повикаме народот како на референдум, сега на избори, нека си каже навистина кој пат го избира, и по кој пат натаму треба Македонија да оди.

Што се однесува до политичката рамка на овие расправи овде и тоа политичка рамка која уште нас не држи овде во овој Парламент, јас се согласувам со сите дискутанти што тоа го зборуваа од страна на пратеничките групи и ВМРО-ДПМНЕ дека тие навистина ваму, како оди Македонија и како досега одеше, тие имаа извесен отпор. Не се согласуваат со тоа. Не сите, не секогаш но често, не се согласуваат. Од тој аспект постојат политички разлики во погледите. Еве ние прв говорник во името на Пратеничката група беше, нека не ми замери што ќе му го споменам името господинот Арсов. Со господинот Арсов ние се разидовме политички, навистина. Ние се разликуваме политички и со луѓето од СДСМ, од ПДП, од ВМРО, од Социјалистичката партија, се разликуваме но тоа се разни партии. Тие тврдеша за некоја лева коалиција, лев блок и ова, она, само ви се причинува. Се разбира, навистина. Инаку тоа што пратениците по свое убедување за националните интереси како што тие ги согледуваат националните интереси, државните интереси на Македонија, така гласат и така се држат, тоа е друга работа. Меѓутоа нашето политичко разидување беше и клучно е тоа како Македонија може да стане независна. Повеќето овде, меѓу кои и јас и тука не кријам, мислевме дека Македонија може да биде независна само со јасно изразената волја на народот. И затоа сакавме народот да има прилика да се изјасни. И се изјасни. Отидовме на референдум. Потоа мислевме дека така изразената народна волја мора да дојде и да биде вградена во еден демократски граѓански устав. Мислевме дека само на тој начин може Македонија

да се презентира пред светот. И само на тој начин светот може да гради почит спрема Македонија. Имаше една паралелна иницијатива овде да се донесат одлуки кои ќе ја прогалсат Македонија за независна, па после ќе одиме да видиме народот што ќе каже. И второ, партијата господо на која и припаѓате ве повика да гласате против Уставот. Против тој македонски Устав со кој Македонија стана независна, со кој Македонија стана позната во светот, со кој Македонија доби атест од Бадинтеровата комисија. Јас зборувам за ова и им благодарам на најголемиот дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ што не ја послушаа таа одлука на својата партија. Меѓутоа оние кои што ја заговараа таа одлука и останаа доследни на неа, и не галсаа за Уставот, па и господинот Арсов. Тоа е сосема нормално. Тоа се политички разлики и тоа е така. Нормално е тој денеска на овој начин да настапи. Тоа е сосема нормално. Се разликуваме по битните национални интереси, по битните државни интереси за Македонија.

Во тој поглед тие разлики си останувaат и ништо не е страшно. Некој така мисли, некој вака. Може тие разлики да бидат главнат апричина за да се бара разрешување на некого. И нека се проба, не е лошо тоа, да се видат и мислењата на другите, да видиме кој како ќе се однесе и т.н. Нормално!

Инаку за деловничкото водење на седниците, ве молам, овде настојувам до крај во согласност со Деловникот да ги водам седниците и изгледа успевам во тоа со помош и на секретарот, кој тука ми дошепнува, а што вам ви смета, а тој само за тоа седи таму, по некогаш и да ми помогне. Според тоа нема никаква потреба вие заради тоа да се секирате. А ако притоа има одредена строгост, не е доволно. Видете да ви кажам, Деловникот е гаранција

на демократската постапка. Демократија во Парламентот е спроведување на Деловникот. Тоа е тоа. Па нека биде и една партија и пратеничка група незадоволна од спроведувањето на Деловникот, но ве молам тоа само би значело тој еднопартиски интерес да се наметне како мерка на демократијата на сите. Па тоа не може. Тоа не бива така. Ни од која партија тоа е невозможно. Деловникот мора да остане единствениот инструмент на регулирање на односите, однесувањата, текот на седницата и т.н. Ништо друго не може да биде.

Проучувањето на деловниците на повеќе западно-европски парламенти зборува за тоа дека нашиот Деловник е доста мек, благ и недоволно дефиниран. Потребни се знатно посилни овластувања на оној кој ја води седницата. Секаде тоа го има, за да можат да бидат заштитени правата токму на пратениците. И веројатно новиот деловник ќе биде многу појасен во тој поглед.

Инаку што се однесува до често пати овде спомнуваното прашање на постојано заседавање на Парламентот, па госпоѓицата Димовска дури изведе и ваков заклучок.

СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)

Бидејќи вели господинот претседател се држи застариот Деловник од поранешниот систем, кој му овозможува да работи вака како работи и да не бидеме во постојано заседание,инаку во Уставот стои обврска Собранието да биде во сталнозаседание. Се разбира, во Уставот стои дека Собранието е во стално заседание и во стариот Деловник стои во членот 4 прва реченица дека Собранието е во стално заседание. Меѓутоа, знаете што значи стално заседание. Во секој момент да може да биде свикано Собранието, кога ќе се стекнат услови и кога има материјали. Тоа е стално заседание. Ние и сме во стално заседание.

Заседанијата на собранијата можат да бидат, тоа може да биде во стално заседание, или може да има сесии. Во Западна Европа повеќе парламенти работат во сесии. Тие работат во есенско-зимска сесија и пролетно-летна сесија. И има долг летен одмор и долг зимски одмор. Во тоа време Собранието не функционира, потполно е слободна Владата да функционира и да работи и таа со Устав овластена донесува уредби со законска сила. Собранието после може да ги погледа ако има интерес, ако не тие си остануваат во трајно значење. Ние не се одлучивме за такво решение во Уставот. Кај е во стално заседание. Меѓутоа, за секое стално заседание посебна седница, ако е стално заседание, за секоја седница посебно се утврдува дневен ред, инаку би било без дневен ред и без материјал. Така да, нема ништо од ова точно што госпоѓица Димовска го зборуваше. Јас не верувам таа да не го прочитала Деловникот и да не знае членот 4 прва реченица е дека Собранието е во стално заседание. Веројатно има намера

некој ако не го читал Деловникот да и верува во Македонија. Јас само сакам да кажам следново: мислам дека во периодот кој стои пред нас се наоѓаме пред исклучително важни и тешки задачи. Верувајте во тие задачи спаѓаат, некој се од судбиснки карактер. Ние се наоѓаме во една блокада која треба да ја пробиеме и за која мораме да издржиме битка да ја пробиеме со докази, со политички средства, со демократија. Немаме сила на друг начин да постапуваме. Ние ниту сме воена сила, ниту сме економска сила, ниту сме бројчано од таков маштаб некој барем за тоа да се заинтересира и стратешки интереси да му преовладуваат. Нас едноставно не ќе можат да не одминат. Ние како демократска земја, како слободољубива и слободна  земја која решително се определила да оди по патот на самостојнсота и независноста, но која истовремено е спремна и сака да гради пријателски и добрososедски односи и со сите други кој не се тука околу нас, туку кој се подалеку, која едноставно својот интерес за интеграција во современиот свет го смета и го очекува да се оствари на начин што кај себе ќе развива јадра, ќе развива особини кои се компатибилни и се спојуваат со тие таквите демократски развиени општества во светот, на тој начин ќе регрутира пријатели, ќе добива пријатели, само на тој начин ние ќе можеме да се покажеме достојни која нам сега ни падна. Нам денес ни паднала задачата, за тоа веројатно сонувале и нашите дедовци и нашите татковци, но од тоа како ќе ја извршиме, ќе зависи дали нашите синови, нашите внуци ќе не почитуваат, или ќе ни плукаат по гробовите. Затоа велам многу е поважно да создаваме работна атмосфера, да се разликуваме по оние прашања по кој е нормално во сите држави разлика меѓу политичките партии,

припадниците на политичките партии, но по основните државни интереси, разлика не треба да има. Разликата за основните државни интереси може да гони во предавство. Тоа е онаа опасност за која ние сме должни да размислуваме. Треба да видиме дали ќе држиме за нашата главна задача.

Морам да ви кажам, внимателно ги слушав сите приговори и ставови што беа изнесени. Овде господинто Ковачевски зборуваше за некои мој таен состанок во оваа зграда со господинот Ругова, јас морам да ви кажам дека тоа не е точно, господинот Ругова имаше средба со господинот Глигоров, претседател на Републиката, јас бев повикан да бидам присутен, одговорноста заедно ја носиме со господинот Глигоров ако треба, за тоа можеме посебно да расправаме, само јас сакам да ви кажам не само со Ругова, со секого сме спремни да се сретнеме, со секого сме спремни да разговараме и со секого кога разговараме никогаш не разговараме на штета на трет. Ние не мислиме дека сега постојат политички сили со кои треба да се тепаме а да не разговараме. Ние мислиме дека со дијалог, со меѓусебно разбирање, со барање за разбирање, со различни начини на водење на дијалог, мора да се најде излез за проблемите во кои се наоѓаме, но никогаш и кога разговараме со Бугарија, разговарав со господинот Желев и со господинот Ганев, разговарав и со господинот Денташ, разговарав и со господинот Мицотакис, разговарав и со господинот Милошевиќ, разговарав но во ни еден момент не надвор од платформата што ова Собрание ја утврдило како наше основно определување, ние во еден момент не во интерес на нашата Република, ни во еден момент наспроти некој трет и против интересот на некој трет.

Според тоа, ние не можеме на друг начин и да бараме излез од нашата ситуација, туку кон непрекидни контакти и разговори. За Македонија најопасна е нејзината политичка изолација, оној момент кога ние не ќе можеме да вопоставиме контакти со некого од претходните фактори, тогаш нема да биде добро за нас. Јас морам да ви кажам ние ако мора да се плашиме, треба од тоа да се плашиме, а не зошто нашите врвни луѓе разговарат со овој, оној итн. Немојте ве молам луѓето што најголем товар, сите го носиме тој товар, но по логиката на функциите најголем товар на оваа тешка ситуација што ја носат, немојте кај нив да барате предавници. Тоа не е добро и нема основа за таква работа. Инаку, македонската историја е богата со предавници, но верувајте ќе морате да ги наоѓате во некои друрги редови. Не овде.

Многу внимателно слушав кои се приговорите. Гледам дека еден дел од приговорите се некои лични засегнатости, на луѓето што лично се засегнати заради некои мои интервенции. Сакам да им кажам дека тоа не е ништо намерно. Немам никаков посебен однос кон никого. Сите нас 120 овде се сметаме за нужни и потребни, неопходни за да може да тече работата и кон секого без оглед кој како спрема мене се однел имам исти односи и ќе имам исти односи понатаму. Затоа нека не го зема тоа како личен однос кон еден, кон друг, кон трет, тоа не е возможно, било кој да биде претседтел во такви моменти ќе мора да интервенира. Има дел од политички спротивности, тие ќе си останат, не сме плурализам и треба да прифатиме така, нема можност а се натераме сите на исти начин да мислиме.

Што се однесува до мојата работа во Собранието, во овој момент и досега, јас морам да ви кажам дека се гордеам со тоа како сите ние заедно ја извршивме таа работа. Господо, па вам нека сега да ви поверува дека сте изманипулирани, дека овој Парламент е манипулиран и тој парламент кој донел така капитални остварувања со кои се прави епоха во историјата на македонската држава, тој Парламент е изманипулиран!, па се фрла темна сенка на сите остварувања. Дури некој упорно докажува каква манипулација била членот 1 од Уставот и тн. Јас мислам дека со тоа треба да се престане господо. Меѓутоа, мислам и јас уште еднаш ви кажувам дека ова што досега сме го оствариле сум горд како на тоа што е остварено, така на тоа како сме го оствариле. Ние денес држием седница во нашиот Парламент, расправаме и за важни и за неважни работи, но нашиот Парламент заседава во сулови македонска војска ја контролира целата територија на македонската држава, кога за тоа македонската војска не испука ни еден куршум, кога не се пролеа крв овде, кога по политички и демократски пат на цел свет и Европа покажавме и овде на Балканот на кој начин може да се завршат и најсложените прашања. Јас ве повикувам една ваква политичка линија и натаму да ја поддржувате. Таа линија му ветува на народот сепак од оваа криза да излезе како победник и си оствари пат во иднина овде да заживее демократијата, човечките права, слободи, со задоволство да доаѓаат луѓето од страна, да не мислат ова е некој темен вилает и тн. Затоа не се сметам за одговорен за обвинението.

XIX/6

СТОИЛЕ СТОЈКОВ;

Непримерно можеби е по двапати да се излегува на говорница, некои го искористија тоа право тука да се иакажат дека инсимулации се тоа дека Деловникот се почитува. Јас не сакав да се занимавам со такви работи, но две-три реченици ќе кажам за тоа, на кој начин се узурпираше Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ако се сеќавате уште кога беше Извршниот совет, односно кога немавме избрано Влада, на една седница во овој Парламент другиот ден се изнесе во средствата за јавно информирање еден наслов вели и "Андов се лизна", па би потсетил кога беше тоа и на што се однесуваше. Се однесуваше на тоа дека на сред седница господинот Андов си дозволи, без разлика што тоа деловнички никаде не беше предвидено да му даде збор на тогашниот потпретседател на Владата господинот Беличанец и тогашниот министер за народна одбрана господинот Ристо Дамјановски. Таков нонсенс во ниеден Парламент господо немам видено. Прво, господинот Андов и господинот секретар да ми објаснат по кој член од Деловникот, меѓутоа таков член иако пет пати го проучив нигде не најдов.

Јас исто така сум засегнат лично бидејќи бев избркан од оваа говорница, исто така не деловнички, тоа ќе го докажам и седницата беше прекината. Во членот каде се регулира оваа материја дословно стои дека пратеникот пред да биде отстранет од говорница треба најмалку два пати да се опомене да се придржува кон дневниот ред. Такво нешто за мене слушнав само еднаш и после тоа седницата беше прекината. Меѓутоа, има една

работа во оваа македонска држава уште долго време ќе треба да завладее демократијата а тоа е дека одредени личности, наши највисоки функционери се полни со само фалење, затао што се наоѓаме во една таква ситуација што очекуваме меѓународно признавање и тоа од типот јас ако не сум јас Македонија нема да биде признаена и тн., ова ме потсетува на 16-от век каде што еден крал кажал: "државата тоа сум јас". Мислам да не навелгуваме во такви работи дали поедини личности ќе бидат на власт во оваа македонска држава дека оваа Македонија ќе биде признаена или нема да биде признаена. Меѓутоа, сакам да кажам уште една работа. Сега конкретно добив некои информации, свесни бевме и знаевме дека тука демонстрираа барајќи некои права господата од албанската националност, меѓутоа нас не известија јас не тврдам дека е тоа точно и треба ова после што ќе дојде дека во Радовиш се случува нешто она што се случува во Куклиш, па би требало и за тоа кога ќе дојде на дневен ред малку да расправаме, дека милицијата наводно со сила ги разбркува штрајкувачите.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Владее уверување во форма на република бидејќи бев прозван.

Прво, се што кажав од оваа говорница во претходното излегување се беше мој текст, без разлика каде и како е тоа отпечатено или што, јас му благодарам на господинот Андов што е така ревносен читател на "Глас", но морам да напоменам ако еднаш

го прочитал тој текст, по втор пат го чул и пак криво го интерпретираше. Жал ми е, постои во стенограмот дел од тој текст и мисла дека повторно ја злоупотреби говорницата претседателот и рече дека дури и не би се бирале средства и од ослободување на тоа. Тоа е повеќе теоретски проблем, но од неговата одбрана навистина сум многу разочаран, та беше прилично млака и се сведуваше на памфлети на омаловажување на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Вие госдподине Андов нема што да ми се заблагодарувате мене што сум испаднал што сум испаднал непослушен кон мојата партија и што сум гласал за Уставот на Македонија, Уставот ова Собрание ако не беше Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ немаше да го донесе затоа што јас само претходно ќе ви се заблагодарам што вие се откажавте од вашата Југославија што 100 ја спомнувавте во вашата изборна програма и се ставивте во функција на реализација на нашата изборна програма.

Потоа, прашањето со Трст. Мене навистина не ми е јасно и не добив одговор на прашањето, значи господинот Андов не бил во Трст како претседател на Собранието, туку како партиски лидер, но сепак е злоупотребено партиското авионче, кое што чини огромна огромна сума на пари. Ако биле жените таму како пратеници во Рим, мислам и за тоа треба да сноси одговорност, зашто ова Собрание не е консултирано за тоа и јас му благодарам за убавата лекција за тоа што значи постојано заседание, но некои одредени политички сили и партии тука излегуваат со соопштение тука дека Македонија нема пари за лекови, за ова, за она, сетоа тоа звучи прилично демагошки. Потоа, не ми е јасно како претседателот Андов знае да ги цени нашиот интерес, нашата

политика, нашата платформа и интересите за патувањето во Трст, кога тој од таму се врати и рече дека во Европа националистичките партии се во аут, дека тоа е веќе покојна работа, ализиите се јасни, нема никаков интерес и не се согласувам со тоа. Јас ве молам уште еднаш да ми одговорите во каква функција бевте во Трст?

СТОЈАН АНДОВ:

Јас тоа го објаснив, инаку морам да ви кажам дека таму не претставувам ничии партиски интереси, а тоа што го изјавив тоа беше на собирот така заклучено. Тоа беше општ впечаток на собирот.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Тогаш предлогот на група ратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорност и разрешување на претседателот на Собранието на РМ го ставам на гласање.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (26 праеници)

Које е против овој предлог? (54 пратеници)

Кој е воздржан? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорност и разрешување на претседателот на Собранието на Република Македонија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, дали ќе одиме на пауза, или не, меѓутоа, наредната точка 2 не може да се расправа, бидејќи оној

за кој што ќе стане збор е физички отсутен и тоа ниту е човечки, ниту опортуно, некои да расправа за таква работа. Предлагам ова да се одложи од денешната расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Од денешната расправа ја одлагаме оваа точка. Можеби ќе биде утре присутен господинот министер.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Со одлуката за привремено финансирање на Републиката е утврдено дека таа има важност до 31 март. 31 март по календарот е денеска. Затоа стана и онаа мала забуна на почетокот кога ние очекувајќи ваква расправа, предложивме и соодветно продолжување на таа одлука.

Сметам дека би било добро, покрај сета замореност на аудиториумот, посебно на пратениците, расправата да се одржи вечерва. Во спротивно, молам да се стави на дневен ред одлуката за продолжување, за да не настане вакум во финансирање на Републиката, па расправата ако ја продолжиме утре, тогаш автоматски со донесување на Буџетот, одлуката би станала неважечка.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа. Само уште третата точка Предлог за доенсување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на хидросистемот "Лисиче" - Титов Велес со Предлог на закон. За да ни се очисти се, па да минеме на буџетот. После третата точка ќе дадеме пауза.

Дали може така? (може)

Преминуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на Хидросистемот "Лисиче" - Титов Велес, со Предлог на закон.

Предлогот на донесување на заонот со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претерсот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на Хидросистемот "Лисиче" - Титов Велес.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање ? (7)

Владата има мислење и таа е против, но господине министер ќе земете збор во расправата.

Ве молам господинот министер за земјоделие сака да укаже нешто веројатно во овој меѓу чекор до разгледување на Предлогот на законот.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Јас должам едно објаснување, мислам ако се предвидува овој закон да се покрие од средствата кои се предвидени во буџетот од Програмата за поттикнвуање, тоа не може да се прифати, само може вие господа пратеници да изнајдете други извори на средства, ако тоа го направите повелете предложете инаку Владата ваков инвистиционен проект со огромна сума пари во овој момент неможеме да прифатиме а поготово тоа да биде од програмата за поттикнување на земјоделието кое има се на се околу 500 илјади динари. Спрема тоа оваа програма неможе да биде прифатена да се покрие со ваков закон.

ЈОВАН НИКОЛОВ:

Почитувани пратеници, јас се извинувам Предлогот на Владата што не е во согласност со дадениот амандман за финансирањето на овој систем заради тоа што решението на Комисијата за финансирање ил буџет е поинакво. Владата предлагаше да се финансира од унапредувањето на дел од земјоделието, а амандманот е по основ на други средства во буџетот. За тоа кога ќе се расправа во тој дел треба да видиме тоа, а за потребата од донесувањето на законот ако треба да расправаме зошто е предложен законот и зошто е даден амандманот. Инаку, кога ќе дојде да се расправа по Проектот ќе се јавам да објаснам зошто е даден предлогот и за законот и за амандманот да влезе финансирањето во буџетот.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Досега предложениот закон за овој хидросистем не дојде на Законодавно-правната комисија, јас незнам ниту е разгледан, а вака гласање на претек излезе дека навистина или сме заморени или не знаеме што работиме. Господа, оваа одлука ја донесовме со гласање, тука сме додека не сме се разишле, наоѓаме една мана во постапката и овој закон не може да биде изгласан на ваков начин.

Поради ова сметам дека приговорот на Владата за негово донесување е на место.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам само момент. Така заклучивме пред паузата комисиите да ги разгледаат проектите и амандманите што не ги гледале. Тоа што Законодавно правната комисија не го гледала незнам зошто не го гледала. Требало да го гледа. Ако не го гледале имаме голема слабост во овој проект. Ако не го гледала не е добро, треба да го погледа затоа предлагам пауза нека го погледа Комисијата,

Има збор Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што Законодавно правната комисија не го разгледувала предлогот за донесување на закон кој е утврден како точка на дневен ред предлагам оваа Комисија да биде задолжена да го разгледа и откако ќе утврди мислење да го достави до Собранието.

Меѓутоа, бидејќи се работи за донесувањето на Републички буџет за 1992 година, кој мора да го донесеме ако поведеме расправа до 00,00 часот вечерва, сметам дека поцелисходно ќе биде да ја прекинеме расправата по точката 3 од триесет и петата седница, веднаш претседателот да констатира дека продолжуваме со триесет и шестата седница со една единствена точка на дневен ред - Одлука за времено финансирање.

Законодавно правната комисија да го погледа текстот и Комисијата за буџет и финансирање, тоа ќе бидат петнаесетина минути, веднаш да ја прифатиме одлуката и да ја звршиме триесет и шестата седница, а утре да продолжиме во една нормална процедура расправа по буџетот. Сметам дека за ден два формално правно да не создадеме вакум во финансирањето на функциите на државата за ден два нормално нема да се извршат било какви билансни промени за да

се промени структурата во предлогот на буџетот што е утврдена, мегутоа, вака прејудицираме тек на седницата дека буџетот што е предложен мора до вечерва да го усвоиме, а имаме огромен број на амандмани и од пратениците и од надлежните работни тела.

Барам предлогот да се стави на изјаснување.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, предлагам да се договориме да го усвоиме овој предог од проста причина што не смееме да претрчиме преку буџетот. Биџетот мора темелно да се претресе ако треба и два дена. Имаме многу амандмани можеби Владата во меѓувреме за некој амандмани ќе мора повторно да заседава, зависи од тврдината на ставовите кои овде ќе се заземат од поедини пратеници. Затоа мислам дека би можеле вечерва да ја усвоиме таа одлука да биде од утре на сила, а за буџетот да расправаме утре.

Ако е така тогаш пауза од 30 минути па да се собереме овде да ја одржиме триесет и шестата седница, а за оваа пауза Законодавно правната комисија ако може да го погледа овој закон, а ако не тогаш утре во 8 или 9 часот.

Значи половина час пауза па ќе продолжиме со триесет и шестата седница само со една точка - Одлука за привремено финансирање на Републиката.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 21,30 часот)

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор госпоѓа Славјанка Стојановска.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Сакам да укажам дека мораме да ја разгледаме точката од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон. Овој предлог за донесување на закон мора да се разгледува пред да отвориме расправа на новата 36-та седница на Собранието на СРМ во врска со Одлуката за изменување на одлуката за време на финансирање на Република Македонија за 1992 година. Обврската е во Законот за финансирањето.

Ова го разгледувавме заедно со ЗПК. Мора прво да се гледа Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби, а еве од кои причини:

Бидејќи во Законот изрично стои дека временото финансирање може да се врши само за три месеци, а ние сега го продолжуваме уште за три месеци. Затоа сега мораме прво да го измениме законот за системот на финансирањето на општите и заедничките потреби, а потоа да ја имаме на дневен ред, на нова седница Одлуката за времено финансирање на Одлуката.

СТОЈАН АНДОВ:

Во ред. Бидејќи госпоѓата Стојановска објасни во што е работата, предлагам да отвориме расправа по точката.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за образование, наука и култура и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додаваше на нов член 2-а кој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за додавање нов член 3-а, а ЗПК поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Амандмани на текстот на Предлогот на законот поднесоа пратениците Јован Николов, Љубомир Поповски и пратеничките групи на ПДП и на Социјалистичката партија на Македонија, со кои не се согласил, односно не се произнел претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 2-а, поднесен од пратеникот Јован Николов.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (47).

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласањето (6).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за додавање на нов член 2-а поднесен од пратеникот Јован Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (16).

Дали има некој против? (8).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Мнозинство пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Збор бара госпоѓа Стојановска.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Господа пратеници, ако ми дозволите се јавувам за збор во врска со амандманот што го усвоивме на господин Јован Николов.

Претседателот на Собранието рече, односно кажа дека Комисијата овој амандман не го прифати. Кажа дека Владата исто така не го прифати овој амандман.

Со прифаќањето на овој амандман Собранието направи така да речам една целосна измена во системот на финансирањето на општините и заради тоа го молам претставникот на Министерството за финансии да го објасни овој амандман, за да можат пратениците да имаат предвид за што конкретно се работи.

Еве, ќе ви прочитам дека членот 18 се менува и гласи дека на општината и припаѓаат приходи од комунални такси и дел од приходи на даноците остварени на подрачјето на општината. Делот од приходот на даноците што се преотстапуваат на општината се утврдуваат со посебен акт на Владата.

Тоа е целосно менување на досегашниот начин на финансирањето без да има согласност на Владата и мислам дека треба доста да расправаме за овој амандман за да може вака да гласи и да го усвоиме, бидејќи имаме друг амандман на Владата со кој што на општината и се определува 0,70% од посебниот данок на промет. Тоа е многу подобро решение од ова што се нуди од пратеникот Јован Николов. Со тоа се согласни и сите претседатели на општините кои имаа заеднички состанок со Министерството за финансии.

Ќе ве молам, ако дозволите, да ги расчистиме овие работи, бидејќи кога ќе дојдеме на амандманот што Владата го предлага а каде што стои дека на општините им се преотстапуваат 0,70% од посебниот данок на промет ќе имаме една неверојатна ситуација и мислам дека не ќе можеме да излеземе од тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние водевме постапка за утврдување на овој амандман. Требаше да станете тогаш и ова да го кажете. Не се јави никој ниту од Министерството, ниту од Владата, ниту од Комисијата.

За збор се јави господинот Николов.

ЈОВАН НИКОЛОВ:

Како предлагач на амандманот, бидејќи предлогот на Владата се вклопува и предлогот на амандманот, отстапувам од амандманот во смисла на поддршка на амандманот на Владата. Во него е вградена определба за финансирање на општините и со тие 70%, така што амандманот е тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, предлагачот на амандманот сега го повлекува амандманот. Немаме што да расправаме и гласањето се поништува.

Констатирам дека амандманот не е усвоен, гласањето се поништува, бидејќи истиот амандман е повлечен од подносителот.

Дали претставникот на Комисијата има забелешки во врска со амандманот на Љубомир Поповски? (Нема).

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Пратеничката група на партијата за демократски просперитет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12).

Дали има некој против? (Мнозинство пратеници креваат рака).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од Пратеничката група на партијата за демократски просперитет.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе во врска со овој амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата не го прифаќа амандманот поднесен од Пратеничката груап на Социјалистичката партија на Македонија.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4).

Дали има некој против? (Мнозинство пратеници креваат рака).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Да ве потсетам дека амандманот на Владата е составен дел на текстот и не расправаме по него.

Во врска со претресот по текстот на Предлогот на законот, молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансирање предложи амандман и претставникот на Владата го прифати.

Амандманот се однесува во врска со распределбата на средствата на територијата на Град Скопје, со тоа што износот 40

да се замени и да стои 38,5 и наместо износот 60, да стои износот 61,5. Тоа е амандманот на Комисијата со што претставникот на Владата се согласи. Тоа се процентите по кои што и сега се врши распределба на вкупните приходи во Градот Скопје, меѓу градот и помеѓу општините.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Бидејќи завршивме со расправа по оваа точка, сметам дека можеме да ја прекинеме расправата, а да продолжиме утре во 10 часот.

Дали се согласувате? (Се согласуваме).

Молам, сите комисии кои имаат разгледување амандмани или проекти на закони да заседаваат порано, во 8 часот.

(Седницата прекина со работа во 21,50 часот).

1.Господине Бајалџиев, како ја решивте дивата медицинска паралелка во Гимназијата "Зефљуш Марку" и врз кој основ легализиравте паралелка во јуни 1993 година, после завршувањето на годината?

Дали при легализирањето, една година отпосле ги зедовте предвид тестирањата за проверка за совладаноста на материјата, која ја направи Педагошкиот завод на македонија и како ги запишавте учениците во истата паралелка кои не положиле приемен испит за запишување во медицинска струка (околу десетина)?

2. Господине Бајалџиев, врз кои принципи ги предложивме за избор и се избрани раководните работници во Министерството за образование? Имено, како е можно господинот Кемал Ајдини, класен раководител на дивата паралелка од претходното прашање да биде именуван за советник на Министерот за средно образование кога една година беше раководител на законски нелегална паралелка. Дали сметате дека ваков човек ќе ги почитува законските норми, или пак состојбата околу дивите паралелки беше Ваша режија за ова што е сега на сцена во областа на образованието?

Во овој контекст, како што е можно Вие како доктор на правни науки, бивш Проректор за настава и Министер, кој треба да ја штити законитоста во државата, да именувате за свои први соработници лица за кои имаше и има основ за кривично гонење, а овој основ го утврди токму Вашето Министерство.

1. Господине Претседателе на Влада, дали последните именувања кои ги изврши Владата се практична реализација на најавениот национален клуч во органите на управата, што го најави господинот Никола Поповски на една од претходните седници на Парламентот, а самото тоа доведе до трајно елиминирање на факторот квалитет во државните органи.

Дали тоа значи дека ресорните министерства ќе ги водат луѓе избрани по клуч, а не по стручност и компетентност, што во случајот придонесува Министерството за образовани и физичка култура да личи на Министерство за меѓународни однос?

2. Господине Претседателе на Влада, во член 11 од Законот за насочено образование е регулирано дека "Воспитно образовната дејност во организациите за насочено образование се изведува на македонски јазик", а во член 48 од Уставот на Република Македонија припадниците на националностите имаат право на основно и средно образование на начин утврден со закон.

Врз кои уставни и законски одредби ја темелите Вашата одлука за овозможување настава на високообразовните установи на припадниците на националностите во Република Македонија на мајчин јазик по определени предмети?

Дали господине Претседателе, со ваквите зафати Владата на Република Македонија, како носител на извршната власт, не си ја превзема и законодавната власт што е работа на овој Парламент, со тоа што обезбедувате повеќе права на националностите во областа на образованието отколку што се пропишани во Уставот на Република Македонија и постојната законска регулатива?

И на крајот, уставен принцип е автономијата на универзитетот, која со овие зафати директно ја суспендирате.